СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 ноември 1991 година

Скопје, ноември 1991 година

# ДИСКУТАНТИ ОД 25-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 16.XI.1991 ГОДИНА (III ПРОДОЛЖЕНИЕ)


1. АРСОВ ДРАГИ – 63
2. АЛИУ ХАМИД – 11
3. АТАНАСОВСКИ МИТКО – 26
4. АБДИ ФАИК – 58, 135, 142
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ – 62
6. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 98
7. АЛИУ ЕШТРЕФ – 123, 124
8. БОШКОВ ЈОРДАН – 38, 181
9. ГОШЕВ ПЕТАР – 17
10. ГОШЕВ ТУШЕ – 11, 15, 16, 157, 170
11. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 90
12. ДАВЧЕВ САНДЕ – 12
13. ЃОРЧЕВСКИ ДУШКО – 104, 106
14. ЗИБЕРИ НАСЕР – 131, 144
15. ИВАНОВСКИ СИМЕОН – 8, 10, 16
16. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА – 13, 178
17. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН – 108, 109
18. ЈОВАНОВ РИСТО – 187
19. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 85, 133, 183
20. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 110
21. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 27
22. КИТАНОВСКИ ЛАЗАР – 29, 149
23. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 9
24. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 120, 122, 145, 180
25. КЉУСЕВ НИКОЛА – 14, 15, 16, 40
26. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА – 42, 64, 74
27. ЛИЧКОВСКИ ВЕЦКО - 114
28. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 146
29. МИНОВ ПАНЧЕ – 55, 100
30. НИКОЛОВ ЈОВАН - 41
31. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 179, 28
32. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 131
33. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 73
34. ПОЛОЃАНИ МЕРСИМ – 76, 78
35. ПРЕВАЛА ШАБАН – 61, 93, 98
36. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 32
37. ПОПОВСКИ ВЛАДО – 184, 128, 129
38. ПЕТРОВ ТОДОР – 5, 33, 70, 71, 151, 155, 176, 179, 185
39. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 46, 59, 104, 136, 182
40. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 31, 66,
41. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 29, 153, 201
42. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 18, 32, 174
43. СЕЛМАНИ АСАН - 49
44. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 178
45. СЕЛМАНИ НЕИМ – 59, 158
46. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ – 60, 61, 119
47. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 102
48. ТАИРИ ЏЕЛИЛ – 63, 66
49. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 31, 42
50. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН – 112, 136, 145
51. ХАМИД АЛИУ - 51
52. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈА – 56, 62, 65, 67, 71, 74, 115
53. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 24
54. ФЕРИД САДИКУ - 41
55. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР – 34, 142, 154, 155, 162
56. ЏЕМАИЛИ ВЕБИ - 48
57. ЏЕФАРИ НЕЏАТИ – 54, 103
58. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 65, 91
59. ЏЕЛАДИН МУРАТИ – 80, 126, 135
60. ШАЌИРИ ХИСНИ – 79


продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија одржано на 16.XI.1991 година

Седницата продолжи во 10,40 часот.

На седницата претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Во салата присуствуваат 83 пратеници, според тоа, можеме да продолжиме со утврдување на Текстот на Уставот.

Минуваме на утврдување на членот 26.

Отворам претрес по текстот на член 26.

Амандмани поднесоа пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Отворам претрес по амандманот на член 26, став 1 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. За амандманот гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека амандманот на член 26, став 1 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 9 пратеници.

Констатирам дека амандманот на членот 26 поднесен од пратеникот Тодор Петров, не е усвоен.

Со тоа завршивме со претрес по амандманите.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 26 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

85 пратеници гласаа за членот 26.

Констатирам дека Собранието го утврди текстот на членот 26 на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 27.

Отворам претрес по текстот на член 27.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија, пратеникот Тодор Петров и Комисијата з заштита на човековата околина.

Отворам претрес по амандманот на член 27, став 3 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Амандманот на Реформските сили Либерална партија е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 27, став 1,2 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? За амандманот гласаа 9 пратеника.

Според тоа, констатирам дека амандманот на член 27 став 1,2, и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претрес по амандманите.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 27 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеник гласаше за текстот на членот 27.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди текстот на членот 27 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 28.

Отворам претрес по текстот на член 28. Амандмани поднесоа пратеникот Тодор Петров,

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Комисијата за општествено- политички систем.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен на член 28, став 2 од Комисијата за прашањата на изборите и именувањата и Комисијата за општествено- политички систем и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 28, став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

**ПОВЕЌЕ ПРАТЕНИЦИ:**

На Комисијата е прифатен овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, прифаќам во друг амандман, содржан е во оние што беа прифатени. Овој амандман е на друг начин даден, но има иста суштина. Само би требало да го прашам г-динот Петров дали го прифаќа тоа толкување?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот фактички е тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тогаш нема да расправаме по тоа.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 28 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. 89 пратеници гласаа за членот 28. Констатирам дека Собранието го утврди членот 28. Преминуваме на утврдување на член 29. Отворам претрес по текстот на член 29. Амандмани поднесоа Пратеничката група на Реформските сили- Либерална партија, пратеникот Тодор Петров, Законодавно- правната Комисија и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот. поднесен на член 29, став 1 и 3 од Законодавно- правната Комисија и амандманот на членот 29 став 2 поднесен од Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија и од Комисијата за општествен надзор и претставки и тие се составен дел на текстот на предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Тодор Петров го повлекува амандманот и не водиме претрес по него.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 29 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

92 пратеника гласаа за членот 29.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 29 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 30.

Отворам претрес по тестот на членот 30.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на Реформските сили, Либерална партија, пратеникот Тодор Петров и Законодавно- правната Комисија.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на член 30, став 2 и во изменетата форма ставот 3 поднесен од Законодавно- правната Комисија и тој е составен дел на Предлогот на Уставот,

Отворам претрес по амандманот на член 30, став 1, 2, 3 и 4, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Пратеникот Тодор Петров, не извести дека го повлекува овој амандман.

И овој амандман на Пратеничката група на Реформските сили- Либерална партија е повлечен.

Завршивме со претресот на амандманите.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 30 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За членот 30 гласаа 88 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 30 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 31.

Отворам претрес по текстот на членот 31.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

За членот 31 гласаа 85 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 31. *

Преминуваме на утврдување на членот 32.

Отворам претрес по текстот на член 32.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на Реформските сили- Либерална партија, пратениците Туше Гошев и Тодор Петров, Комисијата за здравство и Комисијата за стопанство.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од Пратеничката група на Реформските сили- Либерална партија на член 32, став 1 и 3 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 32, став 1 поднесен од Комисијата за здравство.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

5 пратеника гласаа за амандманот.

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор?

**ЕДЕН ПРАТЕНИК**: (од место)

Повлечен е тој амандман.

Добро, повлечен е амандманот на Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 3 на член 32 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Комисијата за стопанство имаше повеќе амандмани и размислувања по овој став на членот 32 и на крајот одлучи дека е најповолна варијанта овој став да се избрише бидејќи има неколку прашања кои се воопштени и нејасни. Овде стои: "Секој вработен има право на соодветна заработувачка со која за себе и своето семејство обезбедува достоинствен живот". Секој вработен, се мисли дека само на вработените се однесува, со наше мислење овде не се опфатени оние граѓани кои работат со личен труд и средства.

Понатаму, има друга категорија која овде е набројана, "соодветна заработувачка" по мене крајно недефинирана, соодветна зависи на што соодветна и понатаму исто така крајно недефиниран и воопштен израз "достоинствен живот". Што е тоа, се подразбира достоинствен, но за некого што е достоинствен, за некого е недоволно достоинствен итн. и сметаме дека оперираме со термини крајно недефинирани, сметаме дека оваа формулација има доста од формулациите кои владее|а во социјалистичките

и самоуправни формулации дека треба да има еднаква заработувачка, дека за сите заработувачката треба да биде иста, цената е за сите иста, дека заработувачката не треба да биде адекватна според вложениот труд, резултатите од трудот и она што се заработува. Сметаме дека овој дел во многу ќе добие доколку една таква воопштена формулација не стои овде. Според тоа, предлагаме да биде избришана. Предлагаме целиот став 3 да биде избришан, да не стои, да не се дополнува.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Укажувам на една грешка односно во прегледот пишува дека амандманот ; кој вели дека после зборот"заработувачка" се става точка, а понатаму реченицата се брише е прифатен. Јас колку што се сеќавам, Уставната Комисија го прифати тој амандман на Пратеничката група на Реформските сили така што ова на што сега укажува претходниот пратеник е беспредметно што значи дека во текстот на Уставот треба после зборот “заработувачка" да има точка, а понатаму другите зборови се бришат. -

Тоа е прифатено и од Комисијата за уставни прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа, Комисијата за стопанство предлага целиот став да се брише.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Тоа е посебно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно е дека е прифатен амандманот и кој е составен дел на текстот. Меѓутоа, господине Ивановски, ставот на Комисијата е да се брише целиот став? (Да)

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Тоа е друг амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, имајте предвид, дека вашиот амандман е дојден истовремено кога и амандманот на Пратеничката група и вие сте имале амандман на целиот текст. Господине Ивановски, повелете сега.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Читам што е напишано во членот 32. "Секој вработен има право на соодветна заработувачка со која за себе и за своето семејство обезбедува достоинствен живот". (Тоа е избришано) Јас читам што е напишано во постојниот текст. Доколку остане вака овој став 3 на членот 32, за нас е неиздржан и треба да се брише. Таков амандман беше, заправо мојот амандман кој сега г-дин Крстевски го предлагаше дека секој вработен има право на соодветна заработувачка и тука да се стави точка и другото да се избрише. Доколку тоа се прифати, можам да го повлечам амандманот да не се брише ставот, но да се прифати ова дека секој работник има право на соодветна заработувачка и да се стави точка, значи да отпаднат зборовите "со која за себе и за своето семејство обезбедува достоинствен живот'\. Тоа не стои овде ниту стои во образлагањето таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас овде. соопштив дека тој амандман на Пратеничката група на РСМ ЛП и на Комисијата за општествено политички систем е прифатен во Комисијата за Уставни прашања. Техничка грешка е овде што не е регистрирано.

Значи, амандманот е повлечен а текстот на тој став гласи како што Крстевски овде рече.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 3 на член 32 поднесен...

**ХАМИТ АЛИУ:**

Дами и господо амандманот е предложен од Комисијата за стопанство. Ако го анализираме треба да се прифати затоа што според вложениот текст за член 32 се прикажува дека Македонија е богата колку и Америка а не е толку богата тоа е прво.

Второ, не кореспондира со пазарната економија ова во целост е само едно препишување на социјалистичка економија и предлагам по можност да се преформулира, што беше предложено и од Комисијата за стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставникот на Комисијата прифаќа ваква преформуалција точно како е усвоена во Комисијата за уставни прашања. После зборот "заработувачка" да се стави точка. Другото отпаѓа.

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Апсолутно држи претходната дискусија дека се однесува повторно за дефинирање, како што беше во договорната економија и општествената сопственост, но бидејќи сега со овој устав се инаугурира пазарната економија сметам дека таквата формулација и од Реформските сили не држи. Ако погледате секој има право на слободен избор на работа, а овде

"секој вработен" значи не е универзален и не ги опфаќа сите кои приградуваат и стопанисуваат на пазарот.

Ако го погледате мојот амандман, што е поднесен исто така на членот 32 ставот 3 се вели дека секој има право со сопствена работа да си обезбеди соодветна егзистенција. Тоа значи дека ги инаугурира слободите и правата на работењето и стекнувањето на својата егзистенција. Оттука сметам дека не треба да се прифати овој предлог на пратеничката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Едно објаснување Предлогот на Пратеничката група треба да биде основа за колективните договори кои треба да зафатат и соодветна соработка. Друга работа е егзистенцијата.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само уште едно појаснување. Доколку се работи за загарантираните права тие се регулирани со ставот 4 на истиот член , каде вели: "остварувањето на правото на вработените и нивната положба се уредува со закон и колективни договори", така да овој член ќе има лоша нумотехника ако биде вака дефинирано за иста работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во уставот се дава основа за заработка. Не е исто.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Ако го избришеме став 3 тогаш треба да отпадне и став 4 па само да остане "оствaруваше на правата", бидејќи горе имаме "секој вработен има право". Во четвртиот став имаме"секој вработен има право...", а на крајот остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредува со закон. Ако тоа го уреди со закон тогаш и двата става ќе отпаднат или и двата треба да останат.

Овие права со Устав секаде се гарантирано. Во тоа е работата. Право на заработка на годишен одмор..., Начинот се уредува со закон а не правата. За тие права мора да има уставен основ. Тие се земени од меѓународни конвенции.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Пред усвојувањето на овој член сакам да свртам внимание на пратениците само на последниот став односно став 5 од членот 32, во кој што се вели дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори. За колективните договори ние имавме амандман кој што е прифатен од Комисијата за здравство, меѓутоа не и овде, во смисла на бришење не заради тоа што колективните договори како такви не треба да постоја меѓутоа Владата тука пред се треба да даде свое мислење дали овие колективни договори кои во соработка со синдикатот би биле потпишани и би имале понатаму економска материјализација односно би важеле бидејќи со ова ќе стекнат уставен основ за постоење и за материјализација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не се тука експертите и треба да ги причекаме за тој член. Инаку тоа е формулација од меѓународните конвенции и не би требало да ги скратуваме овде правата.

**ПАНДИЛ КОСТРУСКИ:**

Господо јас не сум експерт, меѓутоа, овие формулации и овие права ние ги преземавме од меѓународните конвенции комплетно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тоа е работата. Воглавно бевме убедувани дека тие се содржани во уставите на сите демократски земји потписници на тие конвенции.

Молам, да видиме како ќе се изјасниме. Основниот текст на членот 3 од Уставната Комисија гласи: "Секој вработен има право на соодветна заработувачка".

Следниот четврти текст го имате во целина и третиот став го имате исто така во целина даден во текстот, тоа е предлогот на уставната Комисија.

Амандманот што го образложуваше тука господинот Симеон Ивановски се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 3, за внесување на нов став 4 поднесен од пратеникот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Го повлекувам затоа што измените на ставот 1 каде што пишува "заштита при работењето", мислам дека е содржано и сметам дека тоа може да биде основ за кривичниот закон за штитењето, да биде таму материјализирано и преточено, бидејќи трудот е основното богатство на еден народ , па сметам дека треба да биде заштитен со законите. Гој повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 и 3 за внесување на три нови става и на ставовите 4 и 5 поднесени од пратеникот Тодор Петров.

Молам дали некој бара збор^Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Збор побара претседателот на Владата, господинот Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Ставот 3 на членот 32, мошне логично се дадоа некои забелешки. Тој е непотребен став во Уставот. Во првиот став јасно стои дека секој има право на работа, слободен избор на вработување итн. Ставот 3 "секој

вработен има право на соодветна заработувачка.. во пазарната економија се во однос две права правото кое се продава и право кое се наплатува. Тој ја продава својата работна сила, а другиот плака за соодветниот труд. Според тоа нема што соодветна заработувачка, ниту пак да се говори да се обезбеди на некого достоинствен живот. Тоа се нонсенсови. Во устав тоа не треба да стои и ставот 3 треба да отпадне, з атоа што ќе создаде мошне големи збрки утре во животот.

Од експертната група би треба до да се каже што се подразбира под колективни договори. Не може да стои во устав колективни договори, меѓународни конвенции, што претставува кои се актерите на колективните договори?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата нема амандман овде, овој амандман претседателот го дава сега.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Не јас само сугерирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро само сугестија, не е амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас кажав дека останувам на војот амандман на членот 32 став 3 кој гласи: "Секој има право со сопствената работа да си обезбеди соодветна егзистенција" .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е на ставот 3,. само, ве молам кога ние бевме на амандманите на господинот Туше Гошев тој си го повлече амандманот. Не можеме повторно да расправаме за неговиот амандман.

Ајде, да се вратиме на амандманите на господинот Туше Гошев*.

Значи, не расправаме за амандманот на господинот Петров туку на Туше Гошев. Тој го повлече.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Сигурно погрешно сме се разбрале. Јас го повлеков ставот 2 каде што велам дека после ставот 3 ќе има став 4. Инаку, првиот став од мојот амандман стои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, тој останува на својот амандман на став 3. Да ја завршиме расправата по амандманот на Туше Гошев.

Молам, дали некој бара збор во врска со тоа. (Никој)

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Амандманот на господинот Туше Гошев има смисла и е добар но доколку се усвоеше амандманот што го предлагаше Комисијата за стопанство, да отпадне ставот 3 од членот 32. Доколку оваа формулација која овде испадна дека е пола прифатена, иако овде не е прифатена тогаш ставот 3 со тој амандман и ова вака како што останува би бил некој гемиш, тотално нејасен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Он предлага да се брише овој став...

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Така треба да се дефинира. Значи, остануваме повторно и покрај нашето повлекување доколку одиме на изјаснување на амандманот на господинот Туше Гошев тогаш мора да знаеме дека со неговиот амандман треба да се избрише ставот 3.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Целиот овој член не се однесува на обезбедуваше егзистенција, туку на обезбедување егзистенција од труд, од вработеност. Целиот член тоа е, а амандманот на Туше Гошев, е нешто друго, кое не влегува во ова. Егзистенција може да се обезбедува од рентиерство, од маса други работи. Тоа не е во овој член. Тие права не се во овој член. Овде се правата од

вработеност. Овие се права преземени од меѓународни конвенции.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас предлагам да не направиме сега некоја збрка во врска со член 32 да остане основниот текст, бидејќи првата основа е трудот и секому врз основа на трудот се разбира, колку што ќе заработи. Следниот член како што вели заработувачка ги исполнува колективните договори закон и колективни договори. Тоа е онаа одредба што веќе ја прифаќаат сите современи устави за заштита на еден минимум испод кој не може да биде платен трудот. Она претпријатие што не може да обезбеди цена на трудот кој што му овозможува репродукција на работната сила на работникот тие претпријатија едноставно не можат да бидат рентабилни и ќе одат под стечај. Така да со колективни договори се бара заштита на работничката класа испод минимум кој што не може да оди и не треба да се бришат тие работи. Треба да остане, членот е обмислен и е во согласност со социјалните права на работниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме амандман од господинот Туше Гошев и да продолжиме по неговиот амандман. Он го задржува амандманот на став 3 од членот 32 и наместо постојниот текст.

кој е за амандманот на господинот Туше Гошев молам да крене рака (Пратениците креваат рака).

13 пратеника гласаа за овој амандман. Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 и 3 за внесување три нови става и на ставот 4 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувано пратеници мене ми е мило што на некој им помина стравот па почнаа да излегуваат на оваа говорница. Тоа е добро меѓутоа јас ќе се задржам на амандманот од господинот Петров, во став 5 после з борот "закон" се става точка итн. Зборовите до крајот на реченицата се бришат. Јас мислам дека во потполност во право затоа што колективни договори, кој треба да ги потпише колективните договори? Јас колку што знам во западните земји колективни договори потпишуваат или стопански комори или здруженија на индустријалци. Меѓутоа, да влезе во устав мислам дека би требало. Кај мене постои една дилема и затоа го кажувам ова. Ако влезе во уставот ќе биде обврзана Владата да склучува колективни договори а мислам дека тоа е нонсенс Владата да склукува колективни договори со вработените.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го молам господинот Фрчковски. Расправаме за членот 32, правата на заработувачка, правото на годишни одмори и спомнувањето на колективни договори. Вие нас ни објаснувавте во Комисијата точно кои се причините, меѓутоа ве молам и овде да изнесете. Инаку, имаме многу опширна расправа по овој член.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во оваа област ан економски и социјални права ние се државме до едно правило, кое е всушност за нас најкорисно во овој момент. Имено, апсорпција на сите права во оваа област за кој не обврзуваат меѓународните конвенции. Токму за оваа област ние ќе имаме и најголем број на адаптации и реформи вклучувајќи се во Европски систем, доколку ја имаме таа среќа.

Во голем број на Устави се наведуваат, од понов датум, и колективни договори и во меѓународните конвенции исто така.

Јас не сум експерт во оваа област посебно, меѓутоа не измислувавме ништо ново и едноставно со нов уставен јазик ги апсорбиравме оние решенија за кои не обврзуваат меѓународните конвенции. Колективните договори се предмет и на уставниот суд доколку со колективните договори на пример се воведува дискриминација во областа на вработувањето. Тоа е по онаа одредба уставниот суд кој двојно ја штитите дискриминацијата на правата и доколку во колективните договори се воведува некаков облик на дискриминација при вработувањето не почитувајќи ги конвенциите кои ја штитат областа на трудот тогаш тие стануваат предмет на тоа. Доколку вие сметате дека треба да изостанат, незнам, одлучите, но ние сметаме дека треба да останат на овој начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање, станува збор за амандманот на член32 став 1 и 3 за внесување на три нови става и на ставот 4 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој е за молам да крене рака?

За, гласаа 7 пратеници.

Според тоа, констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите, дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 32 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?
За, гласаа 76 пратеници, за членот 32.
Според тоа констатирам дека членот 32 е утврден.
Минуваме на утврдување на членот 33.
Отворам претрес по членот 33.

Амандмани поднесоа Јордан Бошков, Тодор Петров, и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за уставни прашања ги прифати амандманите поднесени од пратениците Јордан Бошков и Тодор Петров и тие се составен дел на текстот на предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на 33 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Дали некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За, амандманот гласаа 26 пратеници.

Според тоа констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, и текстот на член 33 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За, гласаа 89 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 33 на Предлог на уставот на Република Македонија

Преминуваме на утврдување на член 34.

Отворам претрес по текстот на член 34.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија, Пратеничката група на РСМ-ЈТП, Комисијата за здравство и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот од Владата на Република Македонија на член 34 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот. Во овој амандман се содржани и амандманите на пратеничката група РСМ-ЛП и на пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од Комисијата за здравство.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За овој амандман гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Завршивме по претресот на амандманите.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 34 го ставам на гласање, кој е за, молам да крене рака

За членот 34 гласаа 92 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 34 од Предлогот на уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 35.

Отворам претрес по текстот на член 35;

Амандмани поднесоа пратеничката група на РСМ-ЛП, пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествено- политички систем. Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот во изменета форма поднесен од пратеничката група на РСМ-ЛП на член 35 став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 2 на член 35 поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За овој амандман гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека амандманот за бришење на став 2 на член 35 од Комисијата за општествено- политички систем не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, да крене рака?

За амандманот гласаа 13 пратеници.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 35 став 3 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (не)

Го заклучувам претресот и текстот на член 35 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За членот 35 гласаа 92 пратеника.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 35 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдуваше на член 36.

Отворам претрес на утврдување на членот 36.

Амандмани поднесоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, пратениците Александар Флоровски, Драги Арсов и Томислав Стевковски и Комисијата за здравство.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 36 кој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот. 4

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 36 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ,

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За овој амандман гласаа 30 пратеници.

Според тоа, констатирам дека амандманот за бришење на член 36 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 36 поднесен од пратеникот Александар Флоровски.

Молам кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во дел од текстот на член 36 од текстот на Предлог уставот на Република Македонија, кој гласи: "На борците од Антифашистичката борба", предложен од Комисијата за уставни прашања има идеолошко-политички остатоци од претходното општествено уредуван>е. Не би сакал да ги негирам заслугите на чесните борци од Антифашистичката борба, но би потсетил дека текстот на член 36 од Предлог уставот на Република Македонија подеднакво требало да бидат застапени правата на сите македонци прогонувани и затварани за идеите за самостојна и суверена Македонска држава. Без разлика што некој од нив се рехабилитирани, а некои од нив до скоро ги осекаа тие консеквенции и на мислење сум дека на овој член од Предлог уставот Македонскиот парламент мора да заземе став да и овие борци за самостоја Македонија најдат место во член 36 и на некој начин се избришат неправдите што им се нанесени во периодот на едноумието од своите бивши соборци кои најдоа видно место во текстот на овој член.

Очигледно дека во овој текст преовладаа тесно партиските интереси, што м борците од Антифашистичката борба најдоа видно место, додека борците кои се бореа за самостојна и суверена Македонија едноставно се негираат. Се прашувам, дали борците од типот на Ченто, Брашнаров, Шатев и другите знаени и незнаени кои се бореа за самостојна Македонија не заслужуваат да најдат место во текстот на член 36. За разлика од нив така наречените борци од Антифашистичката борба од типот на Цветко Узуновски- Абас, Злате Билјаноски, Колишевски и поротникот на судењето на Ченто Лазар Мојсов, и за доброто поведение ги помина сите можни функции во Републиката и СФРЈ, се поистоветуваат со сите оние кои се бореа и загинаа за идеалот на самостојна и суверена Македонија.

Што станува со борците од Антифашистичката борба кои не заземаа функции и ли воопшто не успеале да влезат во боречката естаблишмент на Македонија, а сега живеат на прагот на егзистенцијата и воопшто никој не обрнува внимание на нив. Но тврдам иако не сум историчар, дека во сите три делови на Македонија истовремено беше борба за национално ослободување на Македонскиот народ. А сигурно ова ќе биде ислитано и докажано од историчари кои не се оптоварени од идеолошки припадности во некоја поблиска иднина. Истовремено сметам дека овој амандман е придонес кон национално помирување на сите учесници во борбата за македонската самобитност и државност. Во контекст на овој текст нека послужи и написот во независниот весник Република под име насила без заби, цитатот гласи:"на велешанецот Методија Кимоски во присуство на Светозар Вукмановиќ- Темпо со клешти за потковување добиток удбашите му ги извадиле сите заби, а денес државата за тоа го наградува со 94 динари пензија, а осуден е ВМРО-вец, борец за самостојна Македонија, за која и ние денес се залагаме во новиот текст на Предлогот на уставот на Република Македонија .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Митко Атанасовски.

**МИТКО АТАНАСОВСКИ:**

Драги пријатели мислам дека овој текст треба да го прифатиме од следните причини: Контактот што го имам со мајки на борци и жени, повеќето од мајките се веќе покојни, а погинаа во времето на Народно ослободителната борба. Имаа и мајки стари кој заземаат една минимална пензија. Една минимална кога велам, мислам на социјална пензија. Но тука треба да го поврзам и ставот што треба и ние како пратеници на ВМРО, нека пиши печатот што сака, за мене, тоа се однесува за сите без разлика мајки, татковци, ќерки и браќа кои останаа на тротоарите, на улиците незгрижени. Незгрижени! Меѓутоа, господинот Флоровски нагласи во членот 36 дека не се во прашање само луѓето од НОБ. Но тука, во контекстот на дадениот амандман многу убаво е потврдено дека баш оние луѓе кои се бореле за независноста на државата Македонија, настрадале од икс причини во разни логори и затвори итн. во времето на едноумието. Тоа е многу тешко. Од нив малку се останати. Малку останати. Товарот и тагата останаа во нивните семејства и во нивните сонародници. Спрема тоа ве молам, за да исполниме една хумана, еден хуман гест и да ги на некој начин ублажиме болките и на тие што загинаа во војните и по време на војната, а не се згрижени и на тие што умреа по затворите, и на тие што останаа сакати, и на нивните блиски ние треба да бидеме едногласни во овој парламент и да го прифатиме членот 36 само затоа што и тие беа наши, и тие беа блиски и за нив треба да се погрижиме. Единството на народите, на народот не се гледа само од красноговорни говори, туку се гледа од делата. Ова е едно дело хумано, едно дело кое треба овој член опфаќа дело на човештина и спрема тоа ве молам уште еден пат да бидеме едногласни барем по овој член.

Јас мислам дека поради тоа што многу хумани се покажавме надвор од оваа земја треба да го прифатиме членот и за тоа трајно ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Горги Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Најнапред сакам да кажам дека едно од најправилните решенија, до колку го прифатиме овој член би требало да го прифатиме и амандманот што го поднесе пратеникот Александар Флоровски заради следната причина. Овде во член 3 6 цитирам "Републиката на борците од Илинденското востание и на борците од антифашистичката војна". Станува збор за два вида на борци едниот од Илинденското востание а еднито од II светска војна. Ние знаме дека веќе се навршуваат повеќе од 100 години од Илинденското востание и прашање е колку на број ги има во Македонија а јас пред моите лични сознанија знам дека веќе нив ги нема, а и тие што беа останаа зад кулисите, зад сето она што се случуваше во Македонија, дури многу од нив директните учесници во Илинденското востание не беа ниту интервјуирани ниту пак беа земени некои податоци што ќе служат за пишувањето на историјата на македонскиот народ. И затоа да не правиме овде една голема разлика помеѓу борците од Илинденското востание кој се во минимален број или воопшто ги нема и од оваа втората категорија кој се од II светска војна мислам дека е најдобро решение да го прифатиме амандманот од Александар Флоровски. Ве молам и посебно апелирам, особено до оваа страна на пратениците (покажува на десанта страна), да се изјаснат позитивно за овој амандман и со тоа да ја симнеме и онаа темна дамка што се протегаше во нашата историја, а исто така да не фрламе сомнение врз

она што сакаме сега да го направиме со овој устав. Затоа што ние не смееме посебна некоја категорија луѓе да ги ставиме во уставот и со посебни права да ги привилегираме. Ве молам повнимателно и потрезвено да размислиме и да гласате за амандманот на Александар Флоровски. Јас исто така се приклучувам кој тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, кога се дискутираше овде за организирањето на прославата на 4-ти јули и 2-ти август, јас предложив во овој републички организационен одбор да влезат и борци кој што се бореа во текот на војната, но продолжија и после војната да се борат за остварувањето на вековната борба на Македонецот за суверена македонска држава. Тогаш тоа не беше усвоено. Јас бев прегласан од деснава страна. Целта ми беше и тогаш реков, сега ќе повторам, да дојдеме до тоа наше македонско национално помирување. Затоа апелирам до сите пратеници, независно од која партија се, дајте да го изгласаме овој амандман и да престанеме да ги делиме борците од НОВ. Тоа не беше идеолошка војна, тоа беше борба за национално ослободување, луѓето ШГЈТО се бореа во НОВ не беа само комунисти. Најголемиот син на Македонија Ченто Андонов не беше комуниста. затоа апелирам да го излагасаме овој амандман да престанеме со делбите на македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ**: (Член на Експертската група)

Почитувани пратеници, ова не е стручно прашање, пред се е политичко прашање. Експертската група предлага овој член да се разгледа на крајот откако ќе заврши усвојувањето на другите членови, една група д го прецизира точно како ќе гласи овој член. Да не импровизираме на самата седница. Тоа е предлогот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, во овој момент во овој член да ја прекинеме расправата и да оставиме за на карај. Да може и после паузата Експертската група да поднесе извештај. Амандманот останува.

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да одам на тоа какви значења има оваа одредба дали политички или не. Јас ќе се задржам само на одредбите каде државата Македонија се ангажира материјално во плаќање на учество слободи и создавање на една држава.

Оние што учествувале и да имаат некои права, нека е и така. Меѓутоа, се прави овде на полето на социјалата. Дали некој имаат еднакви права или не. Велиме дека одиме на граѓански устав и дали сакаме во една социјална сфера да направиме 2 или повеќе социјални групи. Кога јас го разгледувам амандманот на господин Флоровски, тој не само да има онака да се

прифати како што е даден господа пратеници, ние можеме и селективно да пристапиме на прифаќање. За мене најинтересни се последните зборови "ако не се сами во состојба да си обезбедат средства за живот". А не генерално едно лице кое учествувало во било која од овие војни, има по основ на пензиско осигурување, да дојде до енормна пензија сега да има и други посебни социјални права, па државата да го прати и на банско лекување, дали ќе биде банско, чисто термичко или воздушно по избор. Тоа на граѓанинот му пречи. Меѓутоа, антифашистичката борба е светска борба иако одиме селективно ние не сакаме да кажеме дека некој учествувал како комуниста, како македонец или немакедонец туку да учествувал како борец против антифашизмот, пардон против фашизмот. И во тој случај ние немаме, јас немам поинакво размислување по текстот што е предложен во самиот член на уставот. Меѓутоа, да водиме сметка дали на овие луѓе, а посебно на членовите на семејствата на тие. Јас ќе дадам само една слика на пример некој што бил на 18 години 1903 година и членови на неговото семејство нека имал дете, па тогаш загинал, оттогаш наваму имаме равно 90 години. На кој, тој член ние треба да гарантираме социјална помош. Ако војната завршиле 1945 година пак тој имал 18 години меѓутоа бидејќи војната 4-5 години, а Илинденското востание било 5 и 10 месеци еве и 1 година, дали некој кој стапил како борец на 18 години па после загинал до крај на 15 мај 1945 година и сега тие луѓе кои имаат 45 години ќе треба да имаат заштита и после тоа. затоа што формулацијата, ако нема можност да си обезбеди средства, да има и место и начин тоа да го прифатиме. ДА не биде ова само генерално, сум учествувал еве ти пари. Во тоа е проблемот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал а кажам дека по ова прашање апсолутно не постојат никакви предрасуди од пратеници од СДСМ-ЛП. Единствено нешто на што би инсистирал а тоа е да се дојде до една вистинска права правно издржана формулација која што ќе може на одреден начин проследена со некоја законска регулатива. Инаку, ниту овој член е пишуван за комунисти ниту за антикомунсити. Се зборува за национално ослободителна војна, нема никакви идеолошки предрасуди и мислам дека е издржан предлогот што беше даден од членовите на Експертската група, за време на оваа расправа што се води, уште еднаш размисли и да видат која е таа формулација која што ќе биде правно издржана. Јас затоа би предложил да не инсистирам на овој амандман дали е тој најправилната формулација меѓутоа ако ние е на сите една иста цел тогаш Експертската група нека поразмисли до крајот на расправата и да понуди соодветно решение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се согласуваме со ова. (Гласови на одобрување)

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

И за нас е прифатливо Експертската група уште еднаш да го што гледа овој член со тоа што да бидат земени во предвид и одредени предлози кој беа дадени на Уставната Комисија каде што ние се залагавме да најдат место и лицата репресирани од 1945 година за идеите на Македонија. Во тој контекст мислам дека треба Експертската група да води сметка и за ваква формулација на членот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, заправо истото и јас сакав да го предложам. Меѓутоа би предложил уште нешто. Зборуваме за борците и оние на страдани во војните, а што станува со загинати македонци и граѓани на Македонија во сегашнава војна што не е наша. Може би има, знаете семејства кој што се загрозени нивната егзистенција е сега во овој момент загорзена, па не би било лошо Експертската група кога ќе расправа и кога ќе формулира дефинитивен текст на овој член да најде место и начин за решавање на овие проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро да го одложиме расправањето по овој текст.

Дали се согласувате. (Се согласуваат)

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Само краток ќе бидам. Сакам да напоменам дека ова што господин Поповски го кажа држи и само да потсетам, дека иако беше жален настанот првиот наш војник штоп загина Сашко Гешовски, мислам да ги употребиме зборовите на нашиот претседател кој кажа дека Сашко загина како прв војник за слободна, суверена и независна Македонија. Мислам во тој контекст се однесува и на тие војници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам значи се согласуваме овој член да го резервираме откако ќе ги ......

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО:**

Дајте пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза, не надевам пауза. Во ред е. После првата пауза може да расправаме за тоа.

Преминуваме на утврдување на текстот на член 37.

Отворам претрес по член 37.

Амандмани поднесоа пратеничката група на СДСМ-ЛП и пратеникот Тодор Петров.

Пратеничката група на СДСМ-ЛП ги повлече амандманите

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор.

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во врска со став 2 од член 37 сметам дека во уставот не треба да постои формулација каде што ќе се употреби дека со закон се ограничуваат условите за остварување на правото на синдикално организирање, вооружените сили, полицијата и органите на управат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам членовите на Експертската група да внимава и да ја следи дискусијата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во формулацијата на ова право кое е исто така право на вработените во овие формации, во вооружените сили, полицијата и во органите на управата предлагам формулацијата на ставот 2 на член 37 да гласи "првото

на синдикално организирање во вооружените сили, полицијата и органите на управата се остварува под условите утврдени со закон".

**СТОЈАН АНДОВ:**

јас би го замолил Фрчковски или некој од Експертската група зашто ова многу го дискутиравме го расправавме на Комисијата па нека кажат.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници во вториот став уставната формулација на член 37 е мошне прецизна. Имено се работи за ограничуваше на условите. Условите секаде се утврдени со закон, во остварувањето на правото на штрајк. Но овде се работи, не за тие услови туку се работи за ограничување на условите на остварувањето и токму така стои во меѓународните конвенции. Токму така стои ограничување. Тоа е ограничуваше на условите. Не е варијација на условите во смисла на овозможување, проширување или мало стеснување, туку ограничување на тоа право во овие 2,3 области. Прецизна се формулацијата и токму така стои и сметам дека така треба да остане. И ние во почетокот имавме 2 формулации, Во нацртот на уставот имаше по ова што го предлага господинот Петров меѓутоа во расправат се вративме на основата идеја од меѓународните конвенции ограничување на условите и мислам таа е попрецизна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека идејата е иста овде.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е замолам да крене рака:. (Пратениците креваа рака)

За амандманот гласаа 19 пратеници. Според тоа амандманот на член 37 став 2 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на член 37 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваа рака)

За членот 37 гласаа 81 пратеник.

Според тоа констатирам дека овој член е утврден.

Минуваме на утврдување на член 38.

Бидејќи овде имаше повеќе амандмани и тоа од пратеничката група на Либералната партија, пратеникот Бранко Арсовски и Комисијата за образование, наука и култура. Првиот амандман е повлечен, господинот Арсовски изјави дека го повлекува и тој амандманот 2 од ЛП е повлечен. Овде нема амандмани.

Амандманот на "Комисијата за образование незнам дали е тука или е повлечен. Ете и тој е повлечен.

Според тоа дали некој друг бара збор. (Не)

Го заклучувам претресот и текстот на член 38 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

84 пратеници гласаа за овој член. Според тоа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го заклучувам претресот и текстот на членот 39 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (87)

87 пратеници гласаа за членот 39 и констатирам дека Собранието го утврди членот 39 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување член 40.

Отворам претрес по член 40.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, пратениците Џеладин Мурати, Бранко Арсовски и Тодор Петров. Комисијата за урбанизам и Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес по амандманот на господинот Мурати.

Џеладин Мурати ме извести дека го повлекува овој амандман. Исто така и Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз го повлекува амандманот. Исто така и Бранко Арсовски го повлекува. Го повлекува и Комисијата за градежништво и урбанизам.

Молам, дали Комисијата за човекова околина го повлекува? Не го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на членот 4 0 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (31)

31 пратеник гласаа за амандманот и според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот по член 40, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4)

За амандманот гласаа 4 пратеници и според тоа констатирам амандманот на членот 40 став 1 поднесен од Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор.(Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на членот 40 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (89)

89 пратеници гласаат за членот 40 и констатирам дека Собранието го утврди членот 40 на Предлог Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 41.

Отворам претрес по текстот на членот 41.

Амандмани поднесоа пратениците Јордан Бошков, Џеладин Мурати, Тодор Петров и Комисијата за труд и социјална политика.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен на членот 41 став 2 од пратеникот Тодор Петров и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на членот 41, став 1 поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (10)

За амандманот гласаа 10 пратеници и констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 41, став 1 поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Молам кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас сметам дека мојот амандман на членот 41 може да биде уврстен во онаа група каде велиме дека е од редакциска природа.

Имено, изворниот текст гласи "право на човекот е слободно да одлучува за раѓање деца". Моето негодување е неколку пати изнесено до експертската група во лични контакти се содржеше во тоа што право на човекот не може да биде дали ќе раѓа или не. Од едноставна причина тоа не влегува ни во корпата на универзалните човекови права но, човекот сигурно смее да одлучи кога ќе создава деца и затоа сметам дека зборот "раѓање" да го замениме со зборот "создавање".

Јас лично ценам, дека ваквата измена ни најмалку нем а да влијае на законодавството околу легализирање на чедоморство, абортус од оваа причина, но едноставно во Устав да биде вака зацртано право за мене е

неспоиво со совеста. Оставам на вас и навистина ве замолувам да го поддржите ова мое барање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (26)

26 пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 41 за бришење на ставот 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (12)

12 пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 41, став 1 за внесување на нов став од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака) (4)

За амандманот гласаа 4 пратеници и констатирам дека амандманот на членот 41 став 1 за внесување нов став од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов став на член 41 поднесен од Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (5)

5 пратеници гласаа за амандманот и според тоа констатирам дека и овој амандман не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Членот 41 ја регулира мошне значајната материја кај нас во врска со демографскиот и популациониот аспект на нашето живеење. Во таа смисла јас би предложил дека правото на човекот е слободно да одлучува за раѓање на деца усогласено со економскиот и социјалниот развој, за која цел Републиката води активна популациона политика. На тој начин, правото на човекот не се одзема слободно да одлучува, но живееме во лимитирачки материјални и социјални услови и неможно е да има таква експанзија на демографскиот фактор кој е во расчекор со реалниот материјален услов на нашето живеење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по членот 41?

Има збор пратеникот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници во вториот став добро стои "Републиката води хумана популациона политика". Врз основа на Законот односно програмата за водење на популациона политика се решава проблемот и на раѓањето на деца.

**НИКОЛА КЉУСЕВ**: (од место)

Што е категоријата хумана?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте од место.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Сигурно кога тргнала експертската група таа ќе си каже еден хуман однос спрема човекот за да се заштити една особа да се издигне мора да имаме еден хуман однос, а тој хуман однос е колку деца ќе раѓа. Дали тие ќе ги издигнеме на едно ниво или ќе ги оставиме долу во калта, а секој мора да води сметка, а тоа ќе се реши со програмата за популациона политика.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Овде господинот претседател спомна демографски експлозии. Во последните 10 години јас сум убеден иако пред себе немам некоја статистика дека тоа се вика демографска експлозија се знае каде се лоцира проблемот, но последните 10 години тој проблем односно таа експлозија е намалена, ако ја наречеме експлозија. Меѓутоа, мислам дека во светот точно се знае и има начин како се води таа популациона политика и се знае

како е средено во цивилизираните земји. Што значи со подобрување на економската база, со еманципација на жената, со школување на жената албанка, сигурно во догледно време би се свело на рационални граници и таа таканаречена експлозија.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас ќе го подржам мислењето на претседателот на Владата имајќи го предвид значењето на членот 41 и барам овие две реченици да се стопат во една и ако воопшто постои дилема експертската група нека одлучи за ова прашање.

Уште нешто би сакала да кажам и да изразам еден протест затоа што кога се гласаше за претходните два члена јас бев излезена, се кажа дека Комисијата за градежништво и урбанизам ги повлекува амандманите, а јас како претседател на Комисијата воопшто не бев консултирана. Незнам кој дал такво . право да се одлучува за повлекување на амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие се договарате овде, членовите на Комисијата и претседателот јас прашав овде и ми беше речено така. Јас незнам зошто се протестите, кога излегувате од салата, штом имате амандмани треба да си седите овде".

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Во две различни прилики по повод расправата за два различни члена добивме непосредни сугестии од страна на претседателот на Владата.

Владата е институција која беше вклопена во јавната расправа по целиот текст доколу донесувањето на Уставот. Имаше можност амандмански да реагира било при работата на Уставната Комисија било во јавната расправа по текстот. Бидејќи имаме еден став за кој се договоривме на самиот почеток од работата а тоа е дека ќе ги разгледуваме само амандманите кои поминаа низ процедура. Ова што се прави овде се амандмани по исклучок што бараат заседавање на Уставната Комисија, разгледување итн. Мислам дека треба да се држиме на договорот што го направивме во четврток.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно објаснување.

Прво, претседателот на Владата не даде амандман туку даде една сугестија.

Второ, дојде до раздвојуваше на мислењата на пратениците. За да побрзо излеземе од ова јас апелирам кон вас да размислувате за следниот факт што е апсорбиран овде во овој член.

Првиот став е неможно да се спои со вториот став. Првиот став ги регулира правата на поединецот, на човекот, а вториот став ги инаугурира ги наведува ингеренциите на Републиката. Не можеме да очекуваме човекот сам да води популациона политика. Човекот си води свој живот, а популациона политика води Републиката и тоа мора да биде одвоено во два става. Добро е дадено во формулацијата што е дадена овде се дава на Републиката да води популациона политика и тоа што го зборува г-динот Кљусев е опфатено овде во овој член. Не може нехумана да води

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 42, став 2 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија, и Бранко Арсовски.

Молам, кој стои зад овој амандман? Тука е и Комисијата за образовани наука и култура и пратеникот Бранко Арсовски.

Бранко Арсовски и Социјалистичката партија го повлекоа амандманот.

каде е претставникот на Комисијата за образование наука и култура?

Го нема. Излегол надвор.

ве молам кога раправаме за амандманите претседателите на Комисиите или да седат или да прифатат членовите да се изјаснат да кажат дали повлекуваат или не.

Дали има некој член на оваа Комисија?

Добро, да не направиме пак пропуст, тогаш предлагам да се изјасниме за овој амандман.

Дали некој бара збор за овој амандман ?(не бара)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање, да не биде само еден член да го повлече.

Кој е за амандманот, молам нека крене рака (4)

Четири пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа, констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот и текстот на член 42 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (86)

За членот 42 гласаа 86 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 42.

Преминуваме на утврдување на членот 43.

Отворам претрес по текстот на член 43.

Амандмани поднесоа пратениците Бранко Арсовски и Тодор Петров, Комисијата за образование наука и култура и Комисијата за заштита на човековата околина.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на членот 43 став 3 од Комисијата за заштита на човековата околина и пратеникот Тодор Петров и е тој составен дел на текстот на предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1 и 3 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски и Комисијата за образование наука и култура.

Бидејќи Бранко Арсовски го повлече амандманот, останува само Комисијата.

Претседателот на Комисијата не е тука, па не знаеме дали го повлекува амандманот.

Дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (4)

Бидејќи 4 пратеници гласаа за амандманот, констатирам дека амандманот на член 43м став 1 и 3 на Комисијата за образование наука и култура не е усвоен. v

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој б ара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 43 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (86)

86 пратеници гласаа за членот 43.

Констатирам дека Собранието го утврди членот 43.

Преминуваме на утврдување на членот 44.

Отворам претрес по текстот на членот 44.

Амандмани поднесоа пратеничките групи РСЈТП и ПДПНДП, пратениците Ферид Садику, Џеладин Мурати, Драги Арсовски и Томислав Стевковски и Тодор Петров.

Пратеникот Ферид Садику го повлече амандманот на седницата на Комисијата за здравство бидејќи е содржан во амандманот поднесен на пратеничката група на ПДП НДП.

Бидејќи РСЛП ги повлече амандманите и по тој амандман нема да раправаме.

Отворам претрес по член 44 став 3 за внесување на нов став поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19)

19 пратеници гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 4 4 став 3 за внесување на нов став од пратеникот Џеладин Мурати не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 44 поднесен од пратеничката група ПДП НДП.

Молам кој бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Како што гледате имаме поднесен амандман во врска со членот 44 каде што во првиот став додаваме "Секој има право на образование на свој мајчин јазик".

Обично, кога се доставуваат односно даваат амандмани се поаѓа од некои императиви кои требаат и да се оправдуваат со тоа. Јас не би сакал во овој случај да направам некоја ретроспектива што е и како е во однос на образованието на мајчин јази, особено со образование на албански наставен јазик затоа што доста е пишувано, доста е кажано, меѓутоа сепак со една мала ретроспектива сепак би потсетил, а со тоа би сакал малку и да ги поттикнам чувствата на хуманост кон образованието на албански наставен јазик.

Последниве 10 години е направена една драстична рестрикција во образованието на мајчин јазик односно на албански наставен јазик, па затоа и инсистираме да стои во тој став образование на мајчин јазик.-

Токму тоа е еден момент кој мора да се потенцира затоа што образованието односно драстичната рестрикција во образованието на мајчин јазик односно на албански јазик имплицираше толку голем револт кај албанското население што можеби денеска заклучуваме понекогаш и за лоши меѓунационални односи затоа што албанците се најпогодени во нивните чувства во овие последниве години токму во образованието.

Иако имаше Закон за среднонасочено образование донесен уште 1985 година, на 9 мај, каде што со член 11 беше предвидено настава на мајчин јазик. Меѓутоа, со некои модифицирани политички ставови односно со некои политички ставови модифициран е и овој член, а и овој закон така што се забрани наставата на албански наставен јазик.

Македонија денеска како држава, има една хипотека во однос на образованието на албанските деца, па затоа сега е моментот, барем со едно гласање, барем со една уставна категорија да се излезе од таа хипотека затоа што со години и ученици и наставници диференцирани, затворани, па дури и малтретирани, па имаше и такви случаи кога под

етикетата на сепаратисти беа отстранети многу, многу наставници од работа, а денеска, како што знаеме сите ние овде сме сепаратисти. Зошто сме сепаратисти, затоа што се браневме и се браниме од хегемонисти.

Учесник сум на многу разговори, договори, контакти во врска со отворањето односно по новото отворање на паралелките со наставен албански јазик. Меѓутоа, сите тие договори и контакти беа блокирани од Министерството за образование, а уште повеќе блокирани дури и бојкотирани од директорите на средните училишта каде што требаше да се отворат паралелки со албански наставен јазик. Таа голгота мора да се прекине со Уставна уредба затоа што законите, како што знаеме ние, се толкуваат кој како што сака, така ги толкува и тогаш веќе настануваат многу недоразбирања.

Не би сакал во мојата дискусија да бидам многу брановит и да ја насочам дискусијата кои се виновни, како се виновни, итн. Меѓутоа, имајте го фактот дека и после многу разговори и договори што не успеваат, тогаш веќе имаме и случаеви за само организирање на родителите на разните асоцијации, на учениците да се отвораат паралелки, како што се и отвораат и за кои веќе се бара легализирање, што за мене е многу нормално. Затоа, јас мислам дека со уставна одредба со ставот каде што секој има образование да се прифати и амандманот дека секој има право на образование на свој мајчин јазик.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Почитувани пратеници во врска со овој амандман ние бараме, секој има право на образование на својот мајчин јазик и сакам да изнесам некои аргументи за моето видување.

Граѓанинот има право да партиципира да учествува во изборот на типот на развојот на начинот, експлоатацијата на богатството на еколошкото право на начинот на одлучување по однос на приоритетот на развојот.

Упуштајќи се конкретно во темата, барајќи можноста за културна интеркомуникација помеѓу албанците и македонците, денес и во историската перспектива сакам да укажам на некои сочинители Треба да се создава една таква можност аз културен дијалог помеѓу овие два народа.

Треба да се фаворизираат институционалните и индивидуалните контакти во подрачјето на културата и реципрочното запознаваше на културата, да се избегнуваат обидите за доминација и културното импонирање и да се воспостави еден правен дијалог што за основа ја има културната информација, запознавањето на вистинската цена, нивна рамноправна афирмација.

Во школските програми еднакво да се опфати реципрочното познавање на двете култури на рамна компарација, да се научи паралелзмот како и културните разлики и нивните респекти и само ова ќе ги отстранува предрасудите актуелни кон другите луѓе и ќе засноваат изворите на измислената недоверба.

Во Македонија треба да се институционализира културниот конфедерализам кој ќе осознава една автономија на одлучувањето по однос на културните права.

Само овој модалитет на организацијата ќе може да ги сочува, да ги развие националните идентитет и културата на колективитетите.

**АСАН СЕЛМАНИ:**

Почитувани пратеници.

Пред себе имам некои документи кои укажуваат на одредени постулати за развојот на образованието и основните карактеристики на тоа. Сметам дека поднесениот амандман треба да се прифати од следниве причини. Мојава дискусија би ја започнал од една искажана реченица на Прометеј кој во својот живот, во една прилика рекол: "Немам проблеми од божествата, туку имам проблеми од луѓето што ме опкружуваат затоа што

ми ги ограничуваат моите видици во хоризонтот, ми пренесуваат некои ирационални законитости и слично".

Интересно е да се напомене дека во документите што ги имам а се обработени во Европскиот совет и во другите меѓународни конвенции укажуваат на следниве карактеристики.

Имено, во Конвенцијата против дискриминацијата во образованието во член 1, цитирам "се забранува било какво разликување, исклучуваше, ограничување или давање на предност, меѓу останатото и врз основа на јазик чија цел и последица е отклонување или спречуваше еднаквост во образованието во сите облици и на сите нивоа

Понатаму, во Протоколот на Европската конвенција во врска со малцинствата, кој документ е работен од страна на Европскиот совет како и во членот 27 од Пактот за човековите права, меѓу другото пишува цитирам "Имаат право на свои школи и настава на јазикот според нивниот избор". Оваа проблематика јасно е дефинирана и во мошне други документи. Немам намера сите да ги цитирам.

Изборот на јазикот во образование е неприкосновено право на граѓанинот, родителот, како припадник на националната група, бидејќи јазикот е најсилен елемент на совеста на човекот и тесно поврзан со личноста, односно јазикот во образованието е еден од основните индикатори на групната идентификација на човекот односно поединецот.

Човекот ги познава времињата со огромни историски димензии преку обрзаованието, бидејќи таа претставува основна и кулминатна потреба за секоја цивилизација, за секоја национална група преку која човекот ги познава длабоките тајни на својата духовност, егзистенција и култура.

Би заклучил вака, тројца луѓе го создаваат светот: Науката, културата и уметноста и сите овие тројца имаат свој јазик.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници,почитувано претседателство, Уставот е однос на политичка култура и политички договор за заеднички живот.

Прашањето на образованието на секој народ е еден од најделикатните сегменти.

Ние албанците никогаш не см§ пречеле за национално . афирмирање односно афирмирање на Македонија како перспективна држава, како држава со помал број на неписмени. Секогаш сме ја критикувале старата Југославија, бидејќи во таа хегемонска држава самите македонци учеа на српски јазик. Македонците ја знаат таа болка што значи да не се учеи на македонски јазик.

Меѓутоа денеска,. во мигот на демократијата кога Македонија ја убедува Европа дека тука цвета демократијата, парламетаризмот а од друга страна на албанците им се прикратуваат правата за школување на мајчин јазик во средното образование, ова е иронија на денешното време, па дури и примитивизам. Тоа се поткрепува со фактот дека во Македонија живее значителен број албанци. Треба да се знае дека претставуваат економски, политички и демографски, што значи сме поливалентен фактор.

Македонија би била среќна само тогаш кога би ги усогласила потребите во смисла на севкупна афирмација на сите граѓани во Македонија. Полна рамноправност во сите сфери, па и во образовна смисла не е апстрактна синтагма. Таа се реализира секаде во цивилизираниот свет, односно држави и тоа во Швајцарија, Финска, Белгија, Канада и др. во кои живеат разни народи а кои имаат образование на свој мајчин јазик сметано од основното до универзитетското образование.

Во Србија и тоа во Бујановац, Прешево и Медвеѓе е за одбележување, постојат и делуваат средни училишта без никаков проблем. Тоа исто така важи и за Република Црна Гора, конкретно во Улцињ, Владимир и др. иако ги земаме како лош пример.

Италијаните во Хрватска и Словенија, иако се само 6% сепак имаат средно училиште на италијански јазик, ТВ на италијански јазик со 8 часа дневна програма, институции како и музеи на италијанската култура.

Еве уште еден пример. Во Данска, во радио емисиите имаат 2 часа емисија на албански јазик.

Господа, би требало да ни служи како пример горе споменатите податоци, па согласно на тоа и Македонија треба да ги згради и инкорпорира во своите системски решенија барањата што имаат за цел влегување во Европа.

Инаку, Македонците, Албанците, Турците, Ромите Власите и другите би влегувале во политички акрантир а за ова немаме потреба бидејќи ни се заканува економски колапс.

Европа е чувствителна, особено кога се однесува за правата, слободите и обврските на граѓаните односно на националните колективитети. Бидејќи Македонија е мултиналционалнам, мултилингва, мултикултурна, треба да ги почитува овие начела на рамноправност. Во спротивност, никогаш не може да се приближи кон Европа.

Во последно време, образованието на албански јазик беше страотно ограничено со донесување на нови уставни амандмани и закони. Преку фамозната диференцијација беше исклучен голем број професори и наставници, редуктирани се паралелките на албански јазик, намален е бројот на учениците особено во средните училишта, престана со работа Педагошката академија единствен расадник за наставници во основните

училишта. Се среќаваме со растурање на паралелки дури и со ригорозни казни кон учениците кои бараат да се школуваат на мајчин јазик.

Причините а и последиците ни се добро познати од кои треба да извлечеме поуки. Уште ден денеска и покрај нашите ветувања, добар дел завршени основци уште не се запишани во средните училишта.

**ХАМИД АЛИУ**: (продолжение)

Претходната практика, нешто во поблага форма, продолжува и сега. Неодржлива е тезата за немање кадри на албански јазик. Каде исчезнаа тие? На становиште сум да не се ограничи правото на ученикот и студентот да се школува на сопствен јазик, бидејќи тоа е негов природно и граѓанско право. Секаква друга постапка е класичен вид на дискриминација.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Почитувани колеги, на почетокот само би се задржал на една мала дефиниција за образованието, а тоа е,"образованието е смислена активност за подготвување на луѓето за живот, а најрационално образование е образование на мајчин јазик".

Од 1985 година наваму со воведување на таканаречените мешани паралелки и со укинување на средните училишта на албански и турски јазик, од 39 средни училишта каде што наставата се изведуваше на албански јазик, останаа само 5 со симболичен број на ученици, а од 9 средни училишта каде што наставата се изведуваше на турски јазик остана само една со две паралелки, која беше една од причините за иселување на голем број турци во Турција. За тоа, не ме зачувува фактот што еден голем број директори не беа спремни да го почитуваат Законот за средно образование и не беа спремни ниту за почитување на Одлуката на Владата за реактивирање на паралелките на албански и турски јазик, бидејќи токму тие беа идеолози за затворање на овие паралелки, но со потполно друга режија. Кога се затвораа паралелките се пееше "ко то каже, ко то лаже", а кога истите треба да се коригираат истите настапуваат како големи македонци, дури не поштедувајќи ги и учениците и беа спремни на 14.11.1985 организирано да ги доведат учениците пред Собранието. Знаејќи дека токму пред ова Собрание беше изгласана Декларацијата за

злоупотреба на децата за било какви цели. А тоа е уште еден момент за дестабилизација на моменталната состојба во Македонија.

Сум за неограничено образование на мајчин јазик, бидејќи само со еманципирани образовани современи толерантни, способни, рамноправни албанци, турци и други, безбедноста и останокот на Македонија е сигурна. Но во спротивно, со одвај еден процент запишани албанци во универзитетите во Македонија со ниеден член албанец на МАНУ, и ред други примери, се сомневам на индивидуалниот осет на секој граѓанин, кој се вика лојалност кон државата.

Дајте, почитувани колеги без никакви оптоварувања да се залагаме за зацврстување на лојалноста на граѓаните.

Затоа сум за амандманот да се прифати.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Сосема е јасно дека предмет на регулирање на член 44 е правото на образование на сите степени на образовани и неговата задолжителна форма во основното образование. Кога е тоа јасно, тогаш е беспредметно и без локација, сите аргументи искажани од претходните дискутанти кои образлагаа со аргументација за правото на јазик во образованието односно на јазикот во наставата.

Затоа, предлагам, не исклучувајќи го правото на секој пратеник да образлага конкретен амандман во функција на ефикасност на одбивањето на седницата да се пристапи кон гласаше за сите предложени амандмани.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Комисијата за образование, наука и култура, ценејќи го значењето направата кои се дадени во членот 44 посвети достојно внимание и поприлично време и дојде до заеднички став. Од прилика, сите заклучоци се донесени со 7:2 гласа заради тоа што е битно мислењето на оваа Комисија која е матична за проблематиката. Од вкупно 11 члена, постојано беа присутни 9 и ставовите кои се донесени конечно по оваа суптилна проблематика се донесени со 7:2 гласа, со што е останато целосно на мислењето да се поддржи изворниот текст по членот 44 како што е предложен од експертската група и како што е прифатен од Комисијата за уставни прашања. Затоа, ќе се обидам накратко да образложам за секој од овие ставови што не раководеше да го поддржиме основниот текст и во кратки црти да не се враќам на говорницата би се произнел по секој од амандманите кои Комисијата ги одби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само овој амандман е на расправа.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ако сакате само ова ќе го образложам. Имено, се работи за следното.

Првиот член гласи: "Секој има право на образование". Генерално во членот 44 се дадени универзалните права за образование. Ако е употребен само зборот "образование" и тука е завршено со точка, тогаш е сосема јасно дека по зборот "образование" се подразбираат сите степени на образовани од предучилишно, основно, средно, високо до постдипломските и докторските студии. Ако се продолжи овој став како што се предлага да

гласи "Секој има право на образование на свој мајчин јазик", тоа значи дека се гарантира на секого правото на образование на мајчин јазик во сите степени на образование до високото образование, до постдипломските, до докторските студии.

Со оглед на тоа што во Република Македонија според изјаснувањата што ги видов по пописот постојат 20 националности, меѓу кои што се и познатите од досегашната наша Југословенска заедница, Хрвати, Словенци, има и Черќези, има и потомци на галипорските срби итн. , тоа значи ако на секого му се гарантира правото на мајчин јазик, дека ќе мора да отвориме најмалку во сферата на основното образование кое што е со Уставот загарантирано и задолжително можност секој припадник на секоја националност да се образува во сферата на основното образование на мајчин јазик, што е апсолутно неостварливо. Таков член кој што би гласел или таков став, или такво право "секој има право на образование на својот мајчин јазик", со тоа што образованието ги зафака сите степени, нема ни во една држава во светот, ниту во една Англија, ниту во една Америка затоа што е неостварливо.

Второ, образованието е достапно секому под еднакви услови. Овде станува збор аза тоа, дека сите тие што го оствариле правото на образованието по првиот став ќе се образуваат под потполно еднакви услови во смисла на задоволување на стандардите кои што треба да бидат идентични за сите кои се образуваат и со една напомена дека подготвувајќи се да влеземе во Европските интеграциони процеси ќе мора што поскоро да ги прифатиме сите европски стандарди кои што подразбираат подеднаков стандард за кадар, подеднаков стандард за опрема, за учебни помагала итн. и ова е универзално право кое постои секаде каде што овие универзални права се гарантираат.

Имаше големи дилеми околу последниот став "Основното образование е задолжително и бесплатно" и тоа само околу терминот "бесплатно", заради тоа што се гледа дека е несоодветен. Имено, сите знаеме дека не е бесплатно. Меѓутоа, со оглед на тоа што станува збор за права на граѓани и со оглед на тоа што за нив е бесплатно, овде стои дека е бесплатно, а со оглед на тоа што е задолжително и со устав гарантирано, ќе го плаќа државата.

Оттука е сосема јасно дека сите амандмани во кои што се предлага на секого да се гарантира правото на образование на мајчин јазик се ниту прифатливи, ниту остварливи и уште повеќе дека го пратат универзалното право што е дадено во првиот став дека секој има право на образование.

**ФАИК АБДИ:**

Значењето на членот 44 јас го сфатив општо, како општо значење, за право онака како што претходниот дискутант зборуваше. Меѓутоа, се ова што се предлага јас гледам дека е содржано во членот 48 и тогаш би разговарале за посебните права, основно, средно и др. образование. Мислам дека тука треба да се води дискусијата. Ова да си остане онака изворно како што е "секој има право на образование" и го прифаќа она што го образложи професорот Ханџиски. Тоа некако би се однесувало за сите степени на образование. Не е лошо кога ќе дојдеме на членот 4 8 да бидеме пошироки.

Да ве известам дека присуствував на една средба во Министерството за образование, кај госпоѓата Гучева, помошник министер, каде што беше присутен и помошникот на директорот на Завод за школство на Македонија и ужива дека се во фаза на подготвување на Елаборат за ромски и влашки јазик во основното образование, не како наставен зашто ние не го бараме тоа. Ќе кажам после за што се работи.

Точно е тоа што рече господинот Ханџиски дека има 20 националности во Македонија и дека тешко е да се организира такво образовани Меѓутоа, сепак, тоа може да се регулира и со закон, таа паралелка која ќе учи на свој мајчин јазик колку ученици треба да има. Тоа после може да се регулира, така што поаѓајќи одбојноста на националноста нормално дека се регулира и кој може да ги задоволува тие услови кои ќе бидат предвидени и со закон.

Затоа, јас мислам дека условите сепак може да се создадат за учење, да речеме, факултетско образование денес не може да се организира на албански јазик затоа што нема кадар итн. меѓутоа, ние да не ограничуваме затоа што можеби во едно поблиску идно време може да се организира настава и на мајчин јазик.

**НЕИМ САЛМАНИ:**

Мислам дека и колегата Исмет Рамадани тоа го кажа, но јас ќе направам само мала интерпретација на она што го кажа и господин Ханџиски.

Во став еден стои дека секој има право на образование. Мислам дека тоа е право, а во став 3 стои дека основното образование е задолжително и бесплатно. Сакам да кажам дека во тоа има една основна разлика. Прво, тоа е право, значи автоматски државата нема никаква обврска да обезбедува во сите степени, ако не се исполнуваат законските услови, а во ставот 3 тоа е јасно и гласно. Според тоа, ако значи дека секој има право, не значи да се обезбедат тие услови. Во Законот како што кажа Исмет Рамадани во член 11 од Законот за средно образование јасно и гласно стои под кои услови ќе можеме да имаме повисок степен на образование, ако се исполнуваат, под претпоставка, ако има кадар и сл. Според тоа, не би било

тоа став 1 да го помешаме со став 3, според тоа, обврска и право е сосема нешто друго.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сакам и јас нешто да придонесам во оваа кратка дискусија.

Точно е тоа дека како што е даден нацртот и текстот на член 44 е така образложено од претходните дискутанти.. Само тука би требало да се каже и бројноста, кои учествуваат во тоа право што секако еден претходен дискутант го рече дека во Македонија има 20 националности. Секако не може за сите и не е можно да се обезбеди право на школуваше на мајчин јазик, меѓутоа, кога го гледаме бројот на основците на албански наставен јазик околу 90 илјади ученици од прво до осмо одделение логично е тоа дека не може да се стават во ист кош и оние права на други етнички и национални колективитети кои се значително помали. Меѓутоа, ние не го оспоруваме тоа право, но да им се овозможува на тоа што е бројно подеднакво учење на мајчин јазик. Изгледа тука особено се остава впечаток дека албанците како да се случајново Македонија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (Продолжение)

Од друга страна ако треба тие права подеднакво да ги користа сите национални колективитети за да бидат тие во практика засновани ние треба да се осеќаме како македонци. Јас мислам дека тука, на ова барање што ние го поднесовме и другите образложенија што ги дадоа другарите е право.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас прашањето на образованието воопшто, па и образованието на мајчин јази го врзувам со создавањето на услови за обавување на процесот на производство и на работењето воопшто Во врска со припремата на факторот труе за обавување на процесот на производство, па според тоа мислам дека добро е речено дека ,, образованието е достапно секому под еднакви услови. Услови ~ сигурно што ќе бидат пропишани со закон. Мислам дека ќе биде големо право на образование ако се овозможи тоа да биде на свој мајчин јазик, но тоа не значи дека е и гаранција државата да гарантира по секојацена тоа образование да биде на мајчин јазик. Беше речено тука дека тоа ќе с регулира со закон. Јас мислам дека не би требало да бидеме тесно гради. Да трнеме до тоа дека ние човекот мора го припремиме за живот, за работа, за труд, а тоа значи создавање на основни претпоставки тој да стартира исто, стартира под еднакви услови со другите народи и народности.

Според тоа мислам дека тоа е едно основно човечко право да на некој би биде овозможено не гарантирано, да се образова на свој мајчин

јазик. Мислам дека со тоа ние ќе се афирмираме во светот дек навистина сме демократско општество не општество што го ограничуваме правото.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Знам дека во еден дел ќе се повторам, меѓутоа најверојатно мора.

Во член 44 се дадени универзалните права, така како што се дадени во такви членови во уставите на сите демократски земји во светот во кој што се гарантирани сите човекови права и слободи. Постои посебен член, 48, до кој што ќе дојдеме каде што е дадено кој како и до каде има право на образование на свој мајчин јазик. Се ова што сега се предлага да влезе во член 44 не може да дојде каде што се универзалните права. Ќе дискутираме околу тоа кога ќе стигнеме до членот 48 каде што тие права се со закон предодредени и регулирани. Никако не е прифатливо тоа што со закон се дорегулира да влезе во членот 44 каде што се универзалните права дефинирани.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Едно од најголемите прашања во државите каде што постојат националните малцинства е проблемот на употребата на јазикот во школството токму во образованието. Мислам дека проблем аз државата постои од 2 аспекта.

Прво, тоа претставува посебен товар за државата од материјална природа затоа што треба да се обезбедат многу средства, многу каде многу промени во образованиот систем, а до друга страна со завршувањето на

таквите каери во образовниот систем тие практично на некој начин се дезинтегрирани од вкупниот сите на државата што постои. Што значи? Тој што ќе заврши одредено образование и одреден степен на образование, директно се вклучува во процесот на поделбата на трудот и дали со тоа ќе направиме да во секоја општина ќе постојат одредени национални малцинства да секаде се употребуваат јазиците на тие национални малцинства. Затоа државата и не зема таков терет.

Клучниот став е на Обединетите нации практично на националните малцинства да им се обезбеди правото да го остваруваат својот етнички јазичен и верски идентитет, но во однос на школството се знае до кој степен може да му е гарантираат одредени права. Во овој став јасно е дека се основните универзални права загарантирани на сите граѓани. Не значи дека ние со ваквиот степен дали државата не презема фазла на обврски, за посебни права на малцинските групи. Мислам дека со тој член би преземала повеќе обврски отколку што постојат моментално.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Овде изгледа пратениците од ПДП беа јасни. Овде не станува збор за обврски на државата што треба да ги преземе во врска со школувањето. Ние сите апелираме на тоа и дека треба да зачекориме на пазарно стопанисување, што е сосема во ред, и мислам дека во овој контекст единствено со овој принцип ќе можат да се регулираат сите недоразбирања што доаѓаат на овој план.

јас сметам дека треба пошироко да ги разгледаме овие состојби и на други места, како итн. Неодамна чистам во "Нова Македонија" и се израдував дека во Нов Јужен Велс се емитува емисија на македонски јазик

и тоа 4 часа дневно и ТВ програма 2 часа дневно. Тука сигурно господин Кљусев многу добро ги знае тие соодноси со оглед дека беше многу споро таму. Ние испраќаме од земјата, од Републиката во странство наставници за да ги учат нашите деца таму а овде во матична држава да не можеме да си го оствaруваме правото на свој мајчин јазик.

Јас само ќе се надоврзам на дискусијата на господин Ханџиски за кој лично имам високо мислење и го ценам. Членот 44 ако се регулира како што е во амандманот на пратеничката група на ПДП тогаш автоматски членот 48 и нема потреба да постои и тогаш ќе велиме тоа што стои во втроиот дел на преамбулата третата алинеја каде се гарантира човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност. Тогаш членот 48 би отпаднал и немаме никаква забелешка во врска со тоа. Затоа ние цврсто стоиме на ставот да во членот 44 став 1 да стои дека секој има право на образование на свој мајчин јазик.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Претходниот говорник спомна дека во Нов Јужен Велс се емитува емисија на македонски јазик и емисија на ТВ. Бидејќи сум престојувала во Австралија и го знам нивниот систем и на образование ќе напоменам дека таму македонските иако се во значителен број воопшто немаат уставно право за школување, образование на својот мајчин јази. Исто така ќе се осврнам на дискусијата на Шабан Превала кој кажа дека образованието е основно за добивање на кадри кој директно учествуваат во создавањето на трудот,. Оваа формулација на стои во член 44 каде што се основните одредби затоа што образованието на било кој јазик може да даде

квалитетен кадар. Јас можам како архитекта да се школувам во Шпанија па да бидам добар архитекта во Македонија, исто можам а се школувам во Македонија па во Албанија да бидам добар архитекта. Сметам дека ова забелешка на господинот Превала не стои во членот 44 во кој се дават основните одредби.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Излегувам заради тоа што беше даден предлог ако се прифати амандманот да влезе во член 44 дека може да отпадне член 48 да не тргнеме по една таква линија која би била катастрофална заради тоа што во член 44 се гарантираат само универзалните права во сферата на образованието. Во членот 48, тој што мора да го содржи нашиот устав заради тоа што во него се испочитувани редица на права што се пропишани со универзалната декларација за човекови права со пактот за заштита на културните права итн. Со тој член на припадниците на националностите има се гарантираат правата слободно да изразуваат негуваат и развиваат свој идентитет и национални особености. Каде што е кажано што се подразбира под тоа. Тука е дел од образованието и три четири други права. Ако го укинеме член 48 тогаш е сосема јасно дека сите тие права што се и мора да се гарантираат во една држава ќе бидат исто така исфрлени од сферата на гарантирањето.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Дел од тоа што сакав да го кажам го кажа господинот Ханџиски и јас би ве замолил да престанеме со тоа да докажуваме што е што бидејќи станува збор во членот 44 за универзалните права на граѓанинот во сферата на образованието. Нема никаква причина да го мешаме членот 48

со членот 44. Ве молам да престанеме со докажување околу тоа што значи овој член 44. Мислам дека сосема доволно е кажано што содржи членот 44 и да одиме на усвојување на овој член бидејќи ја заглавивме онаму каде што има најмалку потреба за заглавување.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Господинот Ханџиски сосема во право беше кога рече дека членот 48 е неспоив со тоа ако се додаде амандманот во член 44. Јас мислев тука само на четвртата одредба на членот 48.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 21 пратеник.

Констатирам дека овој амандман  не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 44 поднесен од пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Молам кој бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Суштината на поднесувањето на амандманот се сведува ан тоа што се предлага изучување на службениот јазик во основното образование како задолжително.

Ова го предлагаме од причина што во Република Македонија мора да се прават потези и на интеграција на националностите во севкупното

живеење на Републиката од тука ваквата одредба ќе спречи секакво издвојување туку напротив е во интерес на самите националности за нивното добро познавање и добро владеење во јазикот кој е службен јазик на ниво на Републиката. Со ова сметам дека ќе се подобрат врските и меѓу македонскиот народ и националностите што живеат во Републиката што живеат во Републиката а со тоа и можностиве за она што се говори дека ќе биде сожителство во Република Македонија. Во оваа смисла саскам да кажам дека се она што се предлага во членот 44 на одреден начин претпоставува некоја си богата држава, а такви одредби не може да си дозволи ниту многу побогатата држава отколку нашата Република. Се што се залагањата во сферата на образованието претпоставува дека ќе падне на товар на македонскиот човек и работник и затоа е најкорисно наместо овде да се расправаме за количината, за износот на правата во областа на образованието повеќе да сеч определиме кон трудот бидејќи создава вредност и подобро живеење меѓу сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој член е за образованието, а не за трудот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Голем дел од аргументацијата на господин Стефковски држи меѓутоа Комисијата за образование, наука и култура го одви амандманот на Арсов и Стефковски од причини што амандманот е во целост и многу пошироко содржан во последниот став, во последната реченица од член 48 каде што е кажано дека македонскиот јазик се изучува и во основното образование и

во средното образование. Така да прво се предлага кратење на изучувањето на македонскиот јазик и излишно е заради што е содржан во членот 48.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Македонскиот јазик е задолжителен во образованието ан исте. Така стои во уставот.

Значи овој амандман не е одбиен туку е содржан.

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 23 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 3 за внесување на нови 2 става, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор. (Никој)

Пратеникот Тодор Петров го повлекува амандманот.

Пратеникот Тодор Петров ме извести дека го повлекува овој амандман и не расправаме по него.

Завршивме со претрес по амандмани на член 44

Молам дали некој друг бара збор. (Никој)

Го заклучувам претресот и текстот на членот 44 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (пратениците креваа рака)

За овој член гласаа 67 пратеника. Според тоа констатирам дека Собранието го усвои текстот на членот 44.

Поминуваме на утврдување на член 45.

Отворам претрес по текстот на член 45.

Амандмани на овој член поднесоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, пратениците и Томислав Стевковски, ЗПК и Комисијата за општествено- политички систем..

Комисијата за уставни прашања ги прифати амандманите на член 45 поднесени од ЗПК и Комисијата за општествено- политички систем и тие се составен дел на текстот*

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45 поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот, и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака?

За амандманот гласаа 26 пратеници.

Според тоа, констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Не)

Го заклучувам претресот и текстот на член 45 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За членот 45 гласаа 88 пратеници, според тоа констатирам дека овој член е утврден.

Минуваме на утврдување на член 46.

Отворам претрес по текстот на членот 46.

Амандмани поднесоа Наум Симјановски и Тодор Петров.

Пратеникот Наум Симјановски го повлекува амандманот расправаме по амандманот на Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакав само да укажам дека останувам на оној дел од амандманот кој се однесува на став 2 од членот 46 кој што гласи дека после зборовите "условите за"треба да се додаде зборот "основање". Сметам дека условите за основање на Универзитет треба да се уредат со закон, а не само

условите за вршењето на дејноста на Универзитетот. И од тие причини прифаќајќи ја формулацијата и непостоечкиот член од постојниот Устав на Република Македонија останувам на амандманот после зборовите "условите за" да се додаде "основање и".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам г-дине Петров да го дополните амандманот и прекин на работата. Затоа што основање и гасење некогаш. За се е така. Некој Универзитет можеби ќе престане и да работи Тоа е логиката на вашиот амандман. Па да го дополните ве молам Да може да се изјасниме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Став 2 на член 45 треба да гласи "условите за основање вршење и престанок на дејноста на Универзитетот се уредуваат со Закон".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, "условите за основање, вршење и престанок на дејноста се уредуваат со закон".

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Јас мислам дека овој амандман е добар. Се извинувам за сугестијата при гласањето.

За овој амандман гласаа 65 пратеници.

Според тоа констатирам дека овој амандман е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 46 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За членот 46 гласаа 90 пратеници.

Според тоа констатирам декаѕ Собранието го утврди членот 46.

Минуваме на утврдување на членот 47.

Отворам претрес по текстот на член 47.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на ВМРОДПМНЕ; пратеникот Благој Ханџиски, Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство, Законодавно- правната Комисија, Комисијата за образование, наука и култура и Комисијата за здравство .

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 47, став 1 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам и Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (22)

За амандманот гласаа 22 пратеници.

Според тоа констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 47, став 1 и 2 поднесен од Законодавно- правната Комисија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (19)

За амандманот гласаа 19 пратеници.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 47, став 1 и 2 од Законодавно- правната Комисија не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 47, став 3 и — 4 поднесен од пратеникот Благој Ханџиски и Комисијата за образование, наука и култура.

Ханџиски го повлекува предлогот, а останува од Комисијата за образование наука и култура.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас излегов да ги замолам сите пратеници да го прифатат амандманот што го предложи г-динот Ханџиски и кој помина на Комисијата за образование, а поддржан е и од Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, а се работи за спојување на два става од предложениот член 47. Имено, амандманот гласи: "Републиката го поттикнува помага и штити развојот на културата, уметноста, техничката

култура и спортот". Мислам дека овој амандман е убав, затоа што во еднакви услови ги става и уметноста и културата и техничката култура и спортот, особено кога зборувам за спортот не мислам на оној во ниските степени <на натпреварување, пред се, мислам на врвното спортско творештво кое го афирмира нашава Република.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас го повлеков амандманот заради тоа што пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз ги повлече сите амандмани, меѓутоа, Комисијата останува при амандманот, оценето е позитивното негово делување и целата Комисија го поддржи и апелира на пратениците да го поддржат.,

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Во нашата Комисија се разгледуваше овој амандман ~ и ние заклучивме дека не треба да го поддржиме заради тоа што овие два става кои што се предложени во амандманот да се стопат во еден во членот 47 се поделени на два дела. Третиот став гласи: "Републиката го поттикнува, помага и штити развојот на наука, уметност и култура", а во ставот 4 "Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот". Разликата е во тоа што во едниот став Републиката не ги штити, техничката култура и спортот, туку само ги помага. Сметавме дека треба да стои вака како што е во изворниот текст.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Амандманот е поддржан од Комисијата и покрај образложувањата што беа дадени пред малку заради тоа што се до пред и некој месец во нашата терминологија одеше и терминот физичка култура кој што е сега заменет со терминот спорт. Како спортот дојде во 4 став, а тој е синоним на физичката култура што го употребувавме досега, еден вид на култура, се спојуваат двата става и влегува засебно како спорт односно во старата терминологија физичка култура. И оттука треба да дојде и над него атрибутот штити кој што го немаше во 4 став кај што стои само помага.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(49)

За амандманот гласаа 49 пратеници.

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 4 поднесен од Комисијата за здравство.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

За амандманот гласаа 20 пратеници.

Според тоа, констатирам дека амандманот на член 47 став 4 од Комисијата за здравство не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Минуваме на утврдување на член 48.

Отворам претрес по текстот на член 48.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ПДП НДП и ВМРО-ДПМНЕ, пратениците Џеладин Мурати, Ферид Садику, Шабан Превала, Мухамед Халили, Кирил Ковачевски, Владимир Голубовски, Драги Арсов, Томислав Стефковски и Тодор Петров. Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно- правната Комисија и Комисијата за градежништво и урбанизам.

Пратеникот Ферид Садику го повлече амандманот на седницата на Комисијата за здравство.

Отворам претрес по амандманот на член 48, став 1 поднесен од Пратеничката група на ПДП-НДП:

Молам, кој бара збор?

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, во прилог на амандманот поднесен од пратеничката група на став 1, член 48 би укажал на некои работи. Ако малку се познава историјата, традицијата на албанците лесно ќе се види дека овој народ на своето знаме како национален симбол, основен национален симбол има специфичен однос. Овој специфичен традиционален респект, оваа фанатична љубов кон своето знаме, нејзините корени ги има наназад повеќе од пет векови, уште од времето на легендарниот Џерџ Кастриоти Скендер бег познат и признат од целокупната светска историографија. После овој период през целиот среден век низ разни илирски албански принципати и кнежества низ балканските простори ова знаме непрекинато се вие, се виори, през целото османлиско владеење, особено кога се водат

војни за слобода и независност на средновековните државни творби кои се јавуваат во разни форми. Многу легенди, поеми, раскази и трагедии се проткаени околу знамето, кое секогаш било возвишувано како нешто свето, најсвето пред кое клечеле и се клањале и најлегендарните херои од сите времиња и не само албанци. На знамето посветена му е и химна, таа се вика химна на знамето, која се пее и во војна и во мир. Секогаш и најмалата навреда на знамето значело навреда и на нацијата. Од ова знаме, заедно со македонското, Албанците учествувале и во НОВ во последната војна.

**МЕРСИМПОЛОЖАНИ:** (Продолжение) .

После Втората светска војна знамето било дозволувано и забранувано заради што стотици млади луѓе долго темничале дека после тоа 1970 година, со посебен закон, Македонија, прв и меѓу ретките во Југославија го регулира прашањето за употребата на знамето односно употребата на знамето беше дозволено. Уставот од 1974 година оваа употреба ја институционализира, за да 1989 година со арбитрарен закон истото, неговата употреба биде забранета.

Се прашувам во името на многу граѓани на оваа Република, дали денес, во овој момент во Општинскиот затвор во Струга, и не само тука треба заради употребата на своето знаме да лежи во затвор скромниот седумдесетгодишниот борец Јахија од с. Шум Струшко, кој што со себе ги носи и многубројните ордени и медали, добиени во војната, борејќи се под своето знаме заедно со Македонското.

Ете поради ова и поради многу други факти со кои јас не би сакал да ве заморам, албанците инсистираат на универзалниот принцип и правило "поштовајте го туѓото за да го поштуваат твоето". Истото вреди и за знамето, чија што употреба е гарантирана со многу меѓународни конвенции и чиј што потписник е Југославија, а сега, без друго, ќе биде и Република Македонија.

Овде, исто така би сакал да дадам едно објаснување, бидејќи можеби ќе се јават реплики и прашања кои стално предизвикуваат некои дилеми. Ова знаме не го третираме за знаме на албанската држава. Овој двоглав орел, кој што некои го гледаат со респект,а некои поинаку, се виорел и кога таа држава во ова форма, која што сега ја имаме, не постоела. Само некои мали измени и модификации, но основата била иста. Значи, се работи за знаме кое што припаѓа на една нација, традиционално, историски, повеќе векови наназад. Благодарам.

Молам, кој уште бара збор?

За збор се јави господинот Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Почитувани пратеници, поднесениот амандман на член48 од Предлог-уставот на Република Македонија од пратениците на ПДП и НДП каде се бара правото на образување на мајчин јазик во сите степени вклучувајќи го и високото образование, претставува една од основните права на човекот кои што се признати со меѓународни норми на цивилизираниот свет. Како такво, на сите во Република Македонија треба да им биде гарантирано со Устав и тоа на сите граѓани, образование на својот мајчин јазик.

Сметам дека со остварувањето на овие права на граѓаните ќе им се овозможи не само потврдување нивната рамноправност, туку и реализирање на еден дел од националните права и другите од сферата на животот. Со прифаќањето на овој амандман би се направил чекор напред кон почитување на дел од меѓународните конвенции, кои се многу јасни во овие работи, но, поединци од нас овде во Парламентот ги објаснуваат овие конвенции како на ним им одговара, кога конкретно станува збор за нас Албанците.

Сметам дека членот 48 таков каков што е даден не е целосно дефиниран, бидејќи прашањето на образование го нема решено на начин што одговара на националните структури во Македонија.

На основа ова горе искажано се констатира дека овој член остава една празнина и директно задира и во остварувањето на политиката на национална рамноправност, па така се наметнува потреба од подобро и поцелосно регулирање на ова прашање. Затоа предлагам амандманот во наведениот текст на член 48 да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Мурати бара збор, а потоа господинот Ковачевски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници и пратенички. Најверојатно дојдовме до оној степен на текстот на Уставот, кога навистина, се разликуваме и имаме толку дивергентни ставови. Имаме толку дивергентни ставови што едни со други може и да се распознаваме. Практично се наоѓаме во една сложена ситуација во која има конгломерат на права и слободи со кои се ограничуваат, а другите пак бараат тоа да се реализира како такво.

Јас не излегов, иако имам амандман по овој член на Уставот. Излегов да укажам на потребата дека се наоѓаме во време кога секој од нас тука, сносиме одговорност пред сопствениот народ, па така и одговорно треба да се однесуваме и да придонесуваме одговорно да ги разрешуваме и прашањата кои што се на некој начин и доста екстремни,, или пак да бидеме пофлексибилни во донесувањето на одлуките во поедини членови и комплетно на Уставот во целина.

Ми се чини дека малку, малку рационалност и размислување за да ги надминеме сите пречки и тешкотии кои претстојат, барем во овој член на Уставот.

Беше доста широко елаборирана оправданоста од употребата на мајчиниот јазик во системот на образованието и веројатно јас ќе повторам некои работи, ќе се обидам да не ги повторам, меѓутоа се чувствува потреба, бидејќи во овие три члена, членот 7, членот 44 и членот 48, точно во една дијалектичка поврзаност се споени јазикот и образованието.

Јазикот, општо е познато дека е корен на самобитноста и тоа е најинтимното чувство на човекот. Борбата за јазикот е борба за заштита на интегритетот, а неговата употреба претставува употреба на легитимитетот на секој народ, па и на Албанците, Турците и другите кои живеат во Македонија.

Ова го изнесувам заради фактот што уште во почетокот го поддржав амандманот на Пратеничката група на која јас и припаѓам, високото образование да биде составен дел на овој член и Албанците да имаат право на образование во сите степени на образование, без лимитирање на таа можност.

Сметам дека ние сме овде заедно и сакаме низ дијалог, тоа го потенцираме неколку пати и взаемно уважување и поголема меѓусебна доверба, не само јавно да ги истакнеме нашите барања, за обезбедување почитување и заштита на човечките права и слободи, како и индивидуални така и колективни, но нив и да ги реализираме, консеквентно.

Во овој контекст сметам дека е во интерес на сите да се залагаме за националниот идентитет, кој се манифестира низ почитување на културата, јазикот, образованието, историјата, традицијата итн. Негирањето на јазикот или поблаго речено донесување на норми со кои се ограничува или за неприменување значи убивање на националниот самобитен дух на една националност,vна еден народ, во конкретниот случај на Албанците.

Секое барање на право од наша страна, потенцирам, се третира дека"Албанците"цитирам "се правки кои работат против Македонците". Сосема неиздржлива теза бидејќи, до сега во никој случај Албанците не работат против рушеше на Македонија, туку напротив за зачувување на нејзиниот интегритет.

Кога се однесува за образованието, исто така, ќе цитирам, д весници дека"образованието" за едните "е место каде што Македонската држава ги губи своите обележја, и втората теза, т.е. за нас "дека образованието е полигон на очевидното потиснување на правата на Албанците", Јас сметам дека со тоа што Албанците ќе учат на мајчин јазик, во никој случај не ја загрозуваат Република Македонија ниту македонскиот народ и со тоа не се бара Македонците да го изучуваат албанскиот јазик ниту да се воведе некој паралелен систем на образование ниту пак дека со тоа ќе ги тераат и Македонците да го знаат албанскиот јазик и да добиваат документ во кој ќе пишува исто така да биде испишан на албански јазик.

Правото на образование на мајчин јазик е основно право за што не треба да се залагаат само Албанците, Турците, Ромите и Власите, туку заеднички да се обидеме за преземање на сите мерки и активности за конкретно остварување во практиката на тоа право. Мислам дека Македонците, пред се, треба да придонесуваат а не да се јавуваат во улога на суспензија на јазикот и употребата на мајчиниот јазик во воспитно-образовниот процес.

Во овој контекст само да потсетам на мислата на Миладинов тоа и вчера го истакнав дека секој народ може само на својот јазик побрзо да се просвети. Не би било пожелно да цитирам и други мисли итн. со сосема оригинално, изворно зборуваат за едно право, за кое денеска се залагаме сите овде.

Што и пречи на една демократска заедница, на што претендира Македонија, да не се реализира ова право и конкретно и практички и теоретски. Тоа може да биде само редукционен шок, ако тоа се негира. Таквите релации одат во прилог на зголемување на расчекорот меѓу јазот меѓу едните и другите. Колку лошо иритирачки звучи насловот во еден наш весник, ценет исто така македонски, напишан со големи букви "За малцинствата сите права само дома". На што не упатува, почитувани

пратеници?, објавено на 20 мај 1991 година, од исто така, познат и афирмиран автор македонец. Што тоа значи? Се додека ова прашање која од 1983 година беше добра, бидејќи ќе имаме прилики да законот и овој Устав и оваа уставна норма да се успорува во практиката. И Републичката влада и Парламентот и посебно Министерството за образование и физичка култура треба да покажат поактивен и сите ние овде, ангажиран однос остварувањето на ова право т.е. на образованието на мајчин јазик, со сите придружни елементи во сите сегменти и степени на образование. Нашата Република се декларира^како демократска, а со тоа прокламира рамноправност и демократија за сите граѓани и националности И согласно оваа определба треба да се почитуваат и барањата за рамноправна употреба на албанскиот јазик во мешани национални средини. Подвлекувам во мешани национални средини, за што до сега никој не поднел предлог албанскиот јазик да се изучува или употребува и во училиштата каде нема таква мешана средина. Затоа сметам дека употребата на мајчиниот јазик не го омаловажува македонскиот народ туку ја зацврстува неговата положба. Дали треба да бараме и други аргументи за потребата од пресврт во релацијата на ова право и во неговата реализација. Правото на јазик е свето право и не и штети на Македонија што ќе учат и што ќе пишуваат албанците во образованието на албански јазик. Се разбира, поддржувајќи ја можноста од промени и во Уставот и во законите кои што ќе произлезат во Уставот и уставните норми за воведување на образование на мајчин јазик на сите степени на образование, не треба да одиме на такви компромиси што ублажуваат една моментална состојба зашто со тоа не се решаваат проблемите. Напротив функционирањето на образовниот систем не трпи крута нормираност. Оттаму и промените што сакаме да ги направиме и да ги внесеме во Уставот е потребно навистина голема почит, осет и политички резон за донесување на одлука да гласаме за овој амандман кој

е едно оптимално решение и со. доста големо историско и практично значење. Таа ќе конвергира, ќе ги конвергира односите, ќе ги зближува а нема да антагонизира односи, а ќе создава широка основа за реално функционирање на образовниот систем со што се зголемува неговата ефикасност и компатибилност. Впрочем, ако некој барањето да се употребува јазикот на една националност се негира, со тоа ништо не постигнуваме во разрешувањето на односите што ги имаме во Републиката.

Да заклучам, не треба да одлучуваме или да ги елаборираме нашите ставови врз основа на моменталното расположение, создадено расположение по настаните што се случуваат, протести, демонстрации итн. или со неприменување, непочитување на македонскиот јазик кој го имавме а сега го немаме во основното образование, создаденото расположение во Републиката низ соопштенија, настани, собири итн. на кои се бара отворено да не се признава употребата на албанскиот јазик, односно дека Македонија е само еднојазично подрачје, само македонскиот јазик, со што би бил сосема задоволен и да беше така, кога во Македонија немаше да живеат, односно не ќе бевме ни ние тука, не ќе беше ни шаролика со национални средини.

Ако трезвено и зрело мислење, ако мислиме посестрано без предубедување, имаме повеќе шанси да донесеме правилна одлука со далекосежни резултати, а тоа е во интерес на сите, во интерес на демократијата и во интерес на демократска Македонија.

Затоа, апелирам до Парламентот да го поддржи предлогот за употребата на албанскиот јазик, односно за образование на мајчин јазик во сите степени на образование, зашто сите сме свесни дека не постои јазик кој се зборува а да не се пишува и да не се изучува нејзината азбука во системот на образованието. Благодарам.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, да ви кажам неколку збора за државните симболи. Како што кажав и порано несериозниот став на нашето републичко раководство исто така на Владата, па и на пратениците од Левиот блок давајќи се поголеми и поголеми права дојдовме до потреба сега албанците бараат и знаме. Така е редот: Кога се ќе им се даде на ред доаѓа уште и знамето, па треба да се завиори можеби и овде.

Првиот дискутант од ПДП да му кажам под национални симболи се разбира, а ние на малцинствата им ги даваме национални симболи се можеби ќече, некои шарени чорапи, некои појаси, па можат тие на дрво да ги стават да ги виорат, а не може знаме да се даде оти знамето е симбол на државата, а тој симбол на државата може само да се виори во матичната држава, а матичната држава, се знае, тоа е Албанија. Не може во Македонија да се виори туѓ симбол. Тоа е знамето. Триглавиот орел е државен симбол на Република Албанија.

**СЕФЕДИН ХАРУНИ:**

Сакам и јас исто така да придонесам во оваа дискусија иако некој од претходните дискутанти нешто кажаа.

Членот 48 и сите оние амандмани во врска со членот што партијата ги има доставено беа елаборирани од нашиот претходен дискутант во целина, но сакам нешто да додадам тука на нашата чувствителност, бидејќи самиот текст од членот 48 вака обемно скоро има толку колку што има членот 43 и 44, 45, 46 и 47. Она што пред малку господинот Ханџиски што сакаше дискусијата да ја поврзе со членот 44 и оние наши реагирања за членот 48 токму на тоа се согласивме. Меѓутоа, доколку во членот 44 ќе беа сите оние гарантирани права за сите национални колективитети, меѓутоа, во членот 48 тука веќе се поставува една граница, еден лимит за другите национални

колективитети кои можат до средно образование да го користат тоа свое право. Затоа честопати и од оваа говорница, па дури и од потпретседателот Блаже Ристовски често пати се користи оваа говорница да се каже дека албанците бараат паралелен систем на образование односно не бараат туку имаат паралелен систем на образование и паралелна власт во своите средини. Често пати било елаборирано и за Тетово и Гостивар не основаните две општини, а долго и широко зборува и за системот на образованието. Меѓутоа, тоа би било корисно поготово еден од таков ков, од таков тип на академик во конкретниот случај и да елаборира нешто повеќе, бидејќи јавноста секогаш се става во заблуда и криво се информира дека наводно ние тоа го имаме и го користиме, а во спротивно во практиката едно такво право за нас е како забрането овошје.

Би било потребно јавноста од тие гласни говорници да биде правилно информирана. Најмалку јавноста има потреба од кривотолкување односно од блефирање. Тој паралелен систем на образование не може да се оправдува кога од 13 илјади и 800 ученици кои завршуваат основно образование право на упис во средни училишта имаат минимален број и тоа само три проценти и секој ден не само средствата за информирање и ред други ТВ емисии, радио емисии, зборуваат дека немаат наставен кадар, немаат училиштен простор и се друго со цел да се оправда дискриминаторската политика.

Јас би се осврнал на тоа дека уште од 1981 година и учебната 1981-1982 година кога веќе имавме еден трен на позитивен од на решавање на ова потреба од средно образование, тогаш учествувавме во средното образование само со 9%. Тогаш сме имале од прво до 4 одделение 9903 ученика со 515 наставници и околу 300 паралелки. Од таа година од тој период тој број не само што драстично почнува да се намалува, не само што се стави точка со она големо Ти-ти-е за таканаречените мешани

паралелки, која имаше за цел суспендирање на правата на сите други национални колективитети во училиштата со наставен албански јазик и другите етноси.

Сегашната состојба на средните училишта да не зборувам, таков пример може да се земе само во Скопје. Седум илјади ученици кои завршуваат на двата наставни јазика и на албански и на македонски го завршуваат осмото одделение од кои 40% од тие основци што завршуваат осмо одделение се албанци, а право за упис имаат само во едно средно училиште во "Зеф Љуш Марку" и тоа три паралелки и еден обид што е направен од Владата на четири паралелки со 130 ученика. Значи 3 проценти опфатност на учениците во овој училиштен простор. Во Скопје да се каже дека нема училиштен простор тоа е апсурд затоа што имаме 25 средни училишта, меѓутоа, наставата се изведува за останатите 60% на македонски наставен јазик.

Сето ова ни наметнува прашање дали може ова да се каже и да се елаборира секогаш дека во Македонија има паралелен систем на образование надвор од тоа што бројни училишта ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Би ве молел, ако може да се осврнете на темата, знам но за средното образование можеме многу да зборуваме, јас се извијуван, но треба малку да се држите за темата и амандманот.

**СЕФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас имам уште малку . Исто така под клуч се ставени бројни училишта и тоа основни кои до вчера го користеа тоа право на албански наставен јазик. Такви примери имаме и во Гостивар основното училиште "Маршал Тито" село Жировница од прво до 8 одделение тие ученици го имаат изведено со години настава на албански јазик. Такви примери имаме и во Горно Врановци само што е затворено и во Горно Јаболчиште -Велешко.

Може би има и многу други податоци, јас ги наведов само некои скромни кои секако нашите настојувања и нашите елаборирања на овие потреби од оваа говорница и од овој Парламент секогаш се зборува дека тие се барања од позиции на албанскиот сепаратизам и национализам.

За виши и високи училишта не може ни да стане збор. Сите досега преземени мерки од страна на Владата на Република Македонија и од надлежните министерства за некои одделни проблеми тие биле само политички продукт, а ниту еден проблем не е разгледан од правен аспект. (Општо негодуваше во салата поради должината на дискусијата).

За да се обезбеди такво нешто јас мислам дека би требало да се обезбедат овие фактори.

Прво, наставните планови по Програми за предучилишни установи, основни училишта, средни училишта, за виши и високи школи кои би имале не само национален карактер, туку и сосема друга содржинска ориентација.

Второ, мислам за паралелен систем на образование она што се елаборира...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, ако не предлагате паралелен систем зошто го образложувате овде. На кого му треба тоа господине Харуни. Сами велите дека е непотребен тој систем.

**СЕФЕДИН ХАРУНИ:**

Треба да се обезбедат учебници, прирачници, наставни средства и стручна литература која би била во согласност со наставните планови и програми на установите.

Трето, треба да се обезбедат институции во кои се подготвува наставен кадар виши и високи училишта.

Четврто, треба да се обезбедат надлежни органи кои би ја презеле целокупната политика како многу други фактори кои влијаат врз системот

на образованието како на пример финансирање, надзор, унапредување и слично.

Петто, треба да се обезбедат научни институции кои служат како извор на знаења, институции за јазик, фолклор, историја и др.

На крај академии на науки и уметности. Дали системот во кој од оваа говорница се елаборираат вакви дезинформации едно од тие барања ги има во практика. Јас сум сигурен дека таков пример нема и не може да се споредува и во практиката не може како такво да се внесе ограничувањето на правата за другите национални колективитети до средно образование јас мислам дека е европски преседант.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве што ми е молбата. Кога се излегува на оваа говорница расправаме за устав, дискутираме по членови и амандмани ве моламда се држите за амандманите за непосредниот текст инаку излегува дека не сме добро подготвени за расправа по вака важни работи. На тоа се сведува. Не е добро така, се разбира, затоа ве молам да ислушаме уште два учесника за да се преполови бројот на дискутанти по овој член.

На ред е господин Голубовски па Превала.

Дајте да ги ислушаме па потоа пауза.

(Беше големо инсистирањето за пауза, па претседателот предложи пауза од 1,45 минути.)

Предлагам да продолжиме во 16,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,10 часот.)

(пауза од 14,15 до 16,25 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Застанавме на претресот околу член 48, на амандманот на пратеничката група ПДП и НДП. Зборот го дадовме на господин Голубовски, но беше побарана пауза. Предлагам сега да продолжиме така што ќе земе збор господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас предлагам да не се прифати амандманот на пратеничката група на ПДП и НДП и во прилог на тоа накратко ќе прочитам фрагмент од официјалниот став на ВМРО Демократска партија и мој став во врска со некои аспекти од образованието.

Ако се погледнат документите што меѓународно верифицирани ги регулираат правата на малцинствата на образование, непобитно се утврдува дека и во демократските земји кои често ги цитираме кога зборуваме за демократијата, а се со многу подобри материјални можности, правата кои им се предвидуваат односно што малцинствата ги остваруваат во најголем дел се во рамките на факултативна, дополнителна настава што ја финансираат родителите. Потоа, присутна е и формата на изучување на мајчиниот јазик со одреден фонд на часови во склоп на интегралната настава на службениот јазик и на крај, во помала застапеност е дадена можност за образование на мајчин јазик до 4 одделени основно образование.

нема причина да отстапуваме од овие рамки бидејќи инсистирањето на албанското малцинство за образование во повисоките степени на албански јазик ја открива цврстата определеност на припадниците на ова малцинство да не се интегрираат во заедничкиот живот со македонскиот народ односно повеќе од јасно е дека во колку се дозволи тоа што неоправдано го бараа, а за жал дел од тоа го остваруваат, тоа ќе

претставува најголем генератор на албанскиот рационализам и сепаратизам. А ние самите ќе ја дозволиме можноста во македонските образовни институции да создаваме непријатели на македонската држава и на македонскиот народ.

Припадниците на малцинствата мора да прифатат дека Македонија е држава на македонскиот народ во која ќе ги уживаат подеднакво човечките права и слободно под услов да ја изразат својата граѓанска лојалност. Изјавите на припадниците на албанското малцинство дека се за Македонија, а всушност се залагаат
за паралелен систем на образование, за паралелен систем на администрација и слично ги руши тие нивни вербални искази. Тоа е вон стандардите за човековите права и слободи.

Слалп дела ова е спожено прашање. Инаку, како да се објасни фактот дека и двајца министри по образование паднаа, за што впрочем господин Ханџиски има што повеќе да каже, но бидејќи претпоставувам дека е ова последна можност на оваа седница во врска со Уставот што ми се пружа да се докажам, на некој начин, околу сето она што се случуваше околу донесувањето на Уставот, да се искажам пред јавноста и пред се пред членовите и симпатизерите на ВМРО-ДП дека остануваме до крај определени на програмската определба и поаѓајќи од тоа денес нема повеќе да учествувам во работата околу донесувањето на Уставот. А, бидејќи е можно да дојде до изнудување на евентуална акламација и да немам можност за тоа да се искажам околу мојот став, со тоа го давам на знаење на македонската јавност ставот дека, за мене лично и за партијата што ја предводам, не е прифатлив ваквиот документ.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници а ко е цел на нас, пратениците и задача да донесеме Устав, би сакал сите да ве замолам да не испуштаме отровни стрели од оваа говорница заради тоа што токму тоа не е во интерес на никого во оваа држава македонска и без толеранција во дискусиите, без

меѓусебно разбираше мислам дека било каков устав по вкус на било кого во оваа сала да се направи, нема да има практично живееше на тие одредби од тој устав.

Имајќи ја предвид сериозноста на оваа материја и Експертската група која го изготвуваше овој Устав, како и Уставната Комисија сигурно доволно водеа сметка да се изнајде најадекватно решение кое ќе биде задоволително и ќе ги исполни меѓународните стандарди за оваа материја.

Според мене, во член 48 на предложениот Устав е даден задоволителен степен на стандарди во образованието на националностите во Македонија. За мене е многу повеќе важно како сето ова што ќе го запишеме во Уставот ќе живее во пракса. Ние и до сега имавме многу повеќе можеби права набележани во досегашниот устав но имавме проблеми. А, имавме проблеми заради тоа што навистина или не сакаме или не знаеме да седнеме и да се договориме како, во која мерка и во која форма треба сето тоа да функционира.

Апелирам до сите оние кои имаат поднесено амандмани на член 48 од предложениот устав на Република Македонија да ги повлечат амандманите заради тоа што сметам дека и самите тие се уверени дека членот 48 во доволна мера и на најадекватен начин, имајќи ги во предвид потребите и можностите на оваа Република , ја имаа изработено оваа материја. Мислам дека ќе имаме можност кога ќе се носи Законот за образованието, за основното образование и за средното образование итн., малку на пошироко и со силата на аргументите конкретно до крај некои работи да разработиме, пак повторувам врз почитување на мислењето на другиот и со силата на аргументите.

Со ова, со повлекување на амандманите сметам дека ќе дадеме голем придонес на еден помирен начин, без да дојде до некакви непотребни расправии во оваа сала да го донесеме уставот бидејќи навистина често пати се повикуваме на народот, на граѓаните, граѓаните на

Македонија, ама баш сите бараат да се договориме односно да донесеме устав и да се свртиме веќе од утре на проблемите кои ги имаме толку на број од економската сфера, заради тоа што покрај овие темелни работи што треба да ги донесеме како акти, се живее од економската моќ на една држава. Мора да се бориме за зголемување на стандардот на луѓето да не дозволиме да дојде до такви социјални немири да не ни е потребен ниту овој устав, ниту било каков друг акт.

Уште еднаш ве замолува, во името на доброто на Република Македонија, во името на просперитетот на Република Македонија да ги повлечете амандманите.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувани колеги јас во целост го апплицирам мислењето на мојот уважен колега Џаферовски во врска со последната реченица дека навистина ние треба да се свртиме кон тоа што значи живот.

Меѓутоа, тој живот мора да базира на нешто. Уставот .заправо претставува основа на се. Мислам дека не е губење на време што сега некогаш темпераментно некогаш лежарно разговараме за овој толку важен документ.

По мое мислење ова е еден вид инвестиција за нашата и да не жалиме ни време ни напор во тој поглед да дадеме се од себе тој основен документ да биде што е можно подобар како би, во фазата на неговото оживотворување, имале што помалку проблеми.

Пред да кажам нешто поконкретно околу тоа што е интересно според мое мислење за член 48 сакам да констатирам дека треба да се чувствуваме пред се како пратеници на Собранието на Република Македонија а потоа се друго. Ние бевме кандидати на одредени партии, меѓутоа сега сме народни пратеници на Собранието на РМ. Оттука мислам дека треба да извлечеме одредени обврски и сознанија дека не треба да ние е се исто какви ставови застапуваме тука, дали парцијални или целосни.

Мислам дека кога разговараме за било кој проблем треба да мислиме и за тоа како ќе не сфати другата страна,. Јас барем така секогаш кога дискутирам од таквите становишта тргнувам. Не ми е се исто како ќе реагира базата, така да се изразам според терминологијата на вчерашниот делегатски систем, како ќе реагира базата на моите почитувани колеги од ВМРО, па и на СДС и на другите пратеници од партии што се тука застапени преку своите пратенички групи.

Мислам дека ние тука треба да разговараме навистина како претставници на народот на Македонија, особено како целина бидејќи секое сепарираше на интересите само за себе значи проблеми и разговори во бескрај и на крајот ефектите ќе бидат минимални.

Мислам дека присуството на пратениците на групата ПДП и НДП тука, во овој Парламент треба да се сфати како корисна можност, како предност на овој Парламент по одделни специфични прашања за кои што објективно другите делови на парламентот немаат доволни сознанија или немаат доволно чувство, условно да се изразам, ете можност преку искажувањето на пратениците од оваа коалиција да се дојде до вистинските решенија. Значи, да се сфати нивната порака, нивното вистинско залагање, да се сфатат како најдобронамерни во конечната смисла на зборот да добиеме устав кој ќе биде израз на сите граѓани на Македонија. Тоа да биде навистина вистински договор за нашиот живот и односите во оваа наша заедничка татковина. Сомневања во тој поглед не треба да има.

Потенцирањето од потребата на подобро регулирање на одредени состојби во овој документ треба да се сфати како најдобра намера дека сите заедно утре пред македонскиот народ, пред народот на Македонија и граѓаните да излеземе со што е можно поквалитетен документ, а не како барање на специјални права или специјален статус.

Јас мислам дека Уставот за кого расправаме веќе неколку денови, чие финале веројатно се очекува утре, ако не денеска, мислам дека ќе биде демократски до тој степен до колку ќе биде израз на нашите становишта, ќе биде израз на она што ќе биде договор меѓу нас.

Затоа мислам дека и членот 48 заслужува внимание затоа што навистина претставува можност одредена материја да се регулира на посебен начин во Уставот. Во секој случај тоа треба да значи афирмација на нашава Република на поширок план во поглед на тоа колку е таа демократска подготвена, прашањата од сферата на меѓунационалните односи, сферата на остварувањето на рамноправноста на другите граѓани на Македонија да се остварува на што е можно повисок степен.

Оттука, она што се предлага од групата ПДП и НДП во врска со членот 48 заслужува внимание, дотолку повеќе што ние не смогнавме сили во член 44 да прифатиме една мала измена што ќе значеше антиципирање на решението во член 48 и растоваруваше на тој член. Но, ете, не успеавме. Гласањето го чини своето, како и секогаш. Тоа е демократски, во секој случај, но ефектите се тие.

Сега се поставува прашањето, бидејќи ние во суштина се определивме за демократски устав, за демократска република, правна демократска држава итн., дали овој член да добива конотација на ограничување на правата на другите делови на македонскиот народ, сфатен како целина, на останатите граѓани? Дали можеби не е подобро тука да нема ограничуваше туку да се постави една рамка што ќе биде за сите еднаква. А пак нашите материјални можности и секакви ќе бидат тие што на крајот на краиштата ќе го детерминираат конечното остваруваше на одредените права.

На пример ние, генерално се определуваме во овој член граѓаните од редовите на националностите слободно да можат да го изразуваат својот идентитет. Меѓутоа, како да немаме сили да кажеме дека тие можат тој идентитет да го изразуваат меѓу другото не само преку обележјата, преку носијата, она што беше речено од нашиот уважен колега господин Ковачевски, туку и преку националните симболи и тоа така како што тоа се практикува во цивилизираниот свет. Така како тоа ќе го регулираме со закон. Тоа е едно.

Второ, што се однесува до образованието, јас мислам дека во услови на пазарна економија, кога на пазарот како и сите производи од материјалната сфера и трудот ќе се најде зашто ние априори , со устав дури одиме кон одредени ограничувања на правата во областа на образованието. Јас мислам дека барем во уставот не би требало да има ограничување, туку тоа да се препушти конечно да се регулира со закон. И тоа, според можностите што ќе ги имаме и кадровски и материјално и секакви. При тоа треба да се има предвид дека материјалните можности ќе зависат, ќе бидат детерминирачки за образованието на сите граѓани. Не само за одредена структура.

Конечно во врска со ова мислењето ми е дека со устав би требале да овозможиме секој да се определи да учи на оној јазик на кој сака, вклучувајќи го тука и албанскиот,турскиот и другите. Затоа што тука убаво беше нагласено пред малку, во првиот дел на оваа седница дека ние веќе се определивме за пазарен начин на однесување, за пазарни односи, па од тој начин на стопанисување сигурно дека и граѓаните во него ќе учествуваат. Дали преку партиципација или целосно финансирање, меѓутоа тоа ќе биде проблем на граѓаните заинтересирани за одреден степен на образование. Се разбира секогаш тоа сфатено во духот на одредбите на законот што к^е ја регулира таа материја.

Оттука мислам дека треба да се ослободиме од одредени табуа, од одредени решенија што беа карактеристични за еден период што е на зајдување и зајде потполно. Мислам дека треба да сме широки до тој степен да не дозволиме некој да се почувствува потиштен заради тоа што нема подготвеност од сите нас да му овозможиме да го искористи правото таму каде што може во тој поглед да се образува и на својот јазик до степен што мислам дека е реално остварлив во наши услови, а тоа мислам дека не би требало да го ограничува уставот.

Радува еден факт, деновиве дознав дека се прават напори да се отвори Канадско- Американски факултет во Македонија. Тоа е за поздравуваше. Тоа ќе биде шанса кај нас да продираат искуства од запад, од стопанства со поголеми традиции итн., меѓутоа мораме да сфатиме една работа, тоа е докажано од видни педагози, дека човекот секогаш станува попродуктивен доколку учи на свој јазик. А, примената ќе го чини своето на пазарот кога ќе се нуди како квалитет постојните во одредена област.

Јас мислам дека не треба да страхуваме од таканаречени паралелни системи. За мене паралелен систем би бил до колку на албански или турски јазик се учи по други програми, не по програми пропишани од Министерството за образование наука и култура. Тоа би бил друг систем. Тоа би бил еден вид паралелен систем. Меѓутоа, доколку се предава една иста материја само транскриптирана, преведена на основниот јазик, мислам дека тоа не треба да се сфати како паралелизам.

Секое ограничуваше од друга страна ќе води кон самоорганизирање на народот да бара излезни решенија, што не може да ни служи на чест.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**: (продолжение)

Ред е ако домаќинот, како избрани од народот на Македонија да се договориме и да воспоставиме такви односи што ќе бидат од корист за сите нас, а не некој да се чувствува подреден, некој навреден заради тоа што припаѓа на одредена национално или етничка група.

Потребата од ширина е неминовна. Расправата и донесувањето на Уставот е шанса за тоа, а законската регулатива е таа што подецидно ќе го регулира прашањето.

Конечно, ако сето тоа се оствари, мислам дека Македонија и' на дело ќе се покаже дека е демократска држава и дека е за Европа и сигурно дека легитимацијата за Европа ќе биде обезбедена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали можеме да се договориме ако некој од пријавените учесници во расправата оценува дека ќе се повторува со веќе искажаното да се повлече.

За збор се јави пратеникот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство, почитуван претседателе на Републиката, почитувани пратеници, дами и господа, човекот со самото раѓање кое патем речено се одвива под божји благослов се стекнува со одредени права меѓу кои и со правото на образование и формирање на личноста, интелектот и самото она што значи човек. За правото на стекнување образование на наш албански јазик доста беше речено во емисијата Отворен екран од 12.11.1991 година, емитувана од страна на МТВ, па јас не би сакал денес тоа да го елаборирам.

Не ретко од оваа говорница се слушаа настојувањата да се оневозможи правото на настава на нашиот мајчин јазик, велам за средното, до сега беше за високото образов&ние, што не е наведено во Уставот, секако не исклучувајќи го образованието во основните осумгодишни училишта. Се прашувам кому тоа му пречи. Се прашувам што има тука лошо, ако некој нема други аспирации. Многу често, и денес беше тоа истакнато, се настојува неаргументирано да се зборува за тоа дека ние до колку се образуваме на свој мајчин јазик, не сме биле во состојба да се интегрираме во македонскиот живот. Јас воопшто не ја поддржувам таа теза бидејќи тоа не е точно. Јас слободно можам да изјавам тука дека на Македонија не и се потребни чесни албанци, туку само напредни, самообразувани кадри, бидејќи само тие кадри можат да влечат напред. Такви кадри можат успешно да се интегрираат во македонското општество, оти како што колегата Атанасовски рече и јас тоа го велам кадри кукли нам не ни се потребни. Јас сум албанец, но тоа не значи дека не знам македонски како што и самите гледате и тоа воопшто не ми пречи, а верувам дека не му пречи на никого ако јас знам да зборувам македонски. Веројатно со сигурност можам да тврдам дека ви причинува задоволство, бидејќи гледате дека убаво зборувам. Исто така и мене ми причинува задоволство ако некој зборува албански, се разбира како што на другите им причинува така и мене.

Се настојува, па и во дискусијата денес овде да се кажува да ни се оневозможи да имаме право да учиме на албански јазик во повисоките степени. Мислам дека таква работа не држи, свесни, сите сме убедени не само ние што седиме тука на овие клупи туку и нашиот народ е свесен дека сето тоа бара време и создавање услови.

Меѓутоа, со оглед на тоа што Уставот преставува еден многу важен документ што јас мислам дека не треба да се менува секој ден како што тоа се чинеше досега, да оставиме една ширина да овозможиме кога ќе созреат

условите и тоа да може да се оствари. Всушност, пазарната економија ќе го чини своето а тоа го истакна колегата пред мене да не зборувам за тоа повеќе.

Ставот 4 од член 48 според мене е во контрадикција со ставот 1 на член 44. Оттука, кај мене се јавува една голема дилема. Дали е тоа, подвлекувам "секој" не сме ние сите. Дали под тоа секој не се подразбирам јас. Ако е така ако се подразбирам и јас тука, тогаш мислам дека е премногу повеќе да се зборува.

Второ, во контрадикција е ставо-ѓ4 на член 48 со ставот 2 на членот . 44 каде што се вели: "Образованието е достапно секому под еднакви услови" Зошто тогаш се прави разлика, се прави ограничување? Да го избришеме тоа. Верувам дека треба да се сфатиме така дека со тоа ќе постигнеме многу. Ако ништо повеќе ќе постигнеме, нема да се расправаме повеќе за овој проблем нема да губиме толку време, ќе посветиме повеќе време на стопанството кое знаеме во каква состојба се наоѓа. Демократскиот граѓански устав не треба да дозволи таква разлика, такво нешто кое што се оневозможува. Непосредно демократијата каква што е нашата заедничка Македонија давање и не давање на права, како што некој тука истакна. Дел од правата се стекнуваат со раѓањето на човекот а дел се знае како се стекнати. Тоа се човечки права, тоа се меѓународно признати права. Според тоа не треба така да се сфатиме и да правиме проблеми таму каде што нема или како што вели народот "таму каде што нема кокошки, да не чиниме "иш".

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Принципиелно гледано ставот 1 од амандманот на пратеничката група на ПДП НДП е спротивен на одредбите на членот 5, од основните одредби каде што се зборува за грбот, знамето и химната на Република Македонија како нејзини државни белези, кои како такви сите ние ги усвоивме и со нив се втемелува граѓанскиот концепт, граѓанската

XIII/4.-

определба на овој Устав и на оваа нова држава која сите ја посакуваме.

Во согласност со определбата на концепцијата на Уставот во врска со суверенитетот и власта за втемелување на односот граѓанин држава, а не националност држава, не колективитет држава, предлагањето на употребата на националните симболи на националностите значи внесување на национални елементи, што е спротивно на содржината и суштината на Уставот, ја руши неговата концепција.

Инаку, со предлогот од ставот 2 на амандманот на ПДП НДП лично мислам дека се максимализираат и се радикализираат колективните права на националностите, што контрапродуктивно влијае на инаку високиот стандард на колективни права на националностите содржани во амандмануваниот член 48.

Во функција на ефикасноста и неполитизирањето во утврдувањето на уставот, предлагам да се премине на гласање по амандманот, бидејќи и образложенијата ка подносителите на амандманот и ставовите на пратениците по партиијност по ова така чувствително прашање се 4 кристално јасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега имаме предлог, ама дали ќе се прифати.

Господинот Оломан Сулејмани бара збор.

**ПОВЕЌЕ ПРАТЕНИЦИ**: (од место).

Добар предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добар предлог, само не се согласуваат да се повлечат учесниците од расправата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, уште на почетокот да кажам дека потполно го поддржувам амандманот на Пратеничката група ПДП НДП, меѓутоа, сакам да го образложам*

Македонија е создадена како држава со активното учество во НОВ на сите нејзини жители. Само ќе го спомнам активното учество на Албанците во НОВ. За пример ќе ја наведам IV-тата бригада а подоцна VII-та ударна бригада, која беше во^состав на XV корпус на Македонија. Низ целата војна сите апели, соопштенија и повици беа освен на македонски и на албански јазик. Во сите ослободени градови се вееја знамињата на Крушевската република и знамето на Скендер бег. Борците од албанските одреди симболот на знамето го имаа втиснато во капите. Да бидам по аргументиран ќе се послужам со еден цитат кој се однесува на ослободувањето на градот Кичево од каде сум и јас Во книгата "Слободата беше нивен идеал" од Јовче Ангелевски,печатена во Графички центар "Гоце Делчев" Скопје 1972 година на страница 117 е фотокопија број 1 од 11 октомври 1943 година која гласи:

"Први слободни град у Македонија, Кичево поново је у рукама наше херојско народноослободилачќе војсќе, поново се у нашем Кичеву вију славне заставе Крушевсќе републиќе и знаме Сќендер бега".

Јас мислам дека друг коментар не треба во врска со овој убав цитат и Ви благодарам, да не ви одземам од времето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Хамид Алију, но се повлекува.

За збор се јави Неџати Џафери.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Бидејќи долго се дискутираше по овој амандман, јас ќе наведам некои практични примери зошто се залагам за овој амандман, а тоа е како прво од основно па се до средно образование македонските ученици сопствениот мајчин јазик го учат со вкупен број часови 1728, албанските ученици македонскиот јазик како не мајчин јазик го учат од прво па до завршувањето на средно образование со вкупен број часови 1152. После истите ученици продолжуваат да студираат на Македонски јазик, а парадоксот да биде поголем и текстовите не се преведуваат на Албански јазик за прием на соодветните факултети. Не сум од тие што сакам мајоризација на одредени јазици, но знаејќи го фактот дека 60% од албанците живеат во селата кои се чисто национално етнички села и во кои села не живеат македонци, а тоа се знае бидејќи македонците се иселиле од овие села и се населени во поурбани етнички средини и знаејќи го тоа дека Албанскиот јазик и Македонскиот јазик не им припагаат на истата група јазици, затоа,и не ме зачудува фактот што некои мои колеги, а сите интелектуалци, кои се албанци, слабо го познаваат Македонскиот јазик, а нашите колеги македонци и нашите соседи скоро воопшто не го познаваат тој албанскиот јазик.

Од оваа говорница се спомна малцинство и големинство, (мнозинство) во Македонија, но јас би ве замолил истите колеги кои употребуваат вакви термини да имаат предвид дека уште ние како Македонија се бориме за субјективитетот за нашата Република, надвор од нашите граници. Сега засега субјективитетот уште е на стара Југославија, па ние се бориме со нашите сили во овој Парламент да излеземе надвор од нашите граници. Како ќе не прифати Европа ќе зависи од нашиот Парламент. А за виореше на нашите национални знамиња по нашите села и градови, јарболите по градовите и селата се неми сведоци и уште се спремни да се китат со истите знамиња.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, еднаш имаше ми се чини еден амандман и совеста да биде како уставна категорија. Во овој случај можеби бонтонот на однесување вака ме принудува да кажам дека ве изморивме со дискусија, меѓутоа, сфатете не дека со тоа ние сакаме малку и информативно да делуваме кај вас, затоа што некој работи мораме вака да ги презентираме. Дури имаше и такви барања да се повлечат амандманите. Меѓутоа, мораме да направиме една споредба меѓу амандманите. Јас неколку пати тоа го повторувам некаде дека друго е кога предлагаш амандман со лимит на рамноправност и друго е кога предлагаш амандман со лимит на нерамноправност. Сите овие барања се во рамките на европските стандарди. Дури и Хашкиот документ во сите тие четири варијанти. Меѓутоа, ние понекогаш велиме дека, дури тоа е одлучено, дека е граѓански устав, но се однесуваме еве имаме посебна категорија на националности. Да речеме во членот 48 каде што веќе граѓанинот се категоризира. Би сакал уште едно прашање во врска со ставот 1 на членот 48 да изнесам. "Припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености". Од експертната група молам ако може ова "особености" да објаснат што значи тоа и што се опфаќа во тоа "особености".

**ДУШКО ГОРЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Мислам дека иако притеснети со време за расправа по Уставот, дојдовме во период кога се надминаа одредени ситуации кои можеби значеа неможност нормално да се работи и дојдовме до период кога можевме со аргументи да дискутираме по низа суштински прашања кои се тема на конечно обликуваше на Уставот, а иако за едни вакви прашања можеби треба и те

како подолго време за расправа, како би можело како што рече претходниот дискутант информативно да делуваме и пред Парламентот пред пратениците тука а можеби и пред Македонската јавност. Мислам дека беа изнесени доста аргументи околу овој амандман, меѓутоа и околу предложениот член од Комисијата за уставни прашања и експертската група. И покрај различните мислења што беа елаборирани тука, сметам дека предложениот член сепак дава можност за моментално можеби разрешување се до конечно донесување на Законот за регулирање пред се на образованието на националностите.

Јас излегов и за една друга работа во овој контекст да кажам, бидејќи често пати говорницата денес беше повторно на некој начин да не речам злоупотребувана, меѓутоа, во тој контекст со недоволно аргументи за низа прашања кои се од домен за надминувањето на состојбите на меѓунационален план.

**ДУШКО ГОРЧЕСКИ**: (Продолжение)

Прво и основно непобитно се наметнува чувството д со овој амандман се наметнува, независно што доста претставниците на ПДП и НДП изнесоа аргументи дека не се работи за паралелно образование, меѓутоа, ако вака прифатиме еден амандман тоа сепак значи. Значи од повеќе причини затоа што ги знаеме последиците на теренот. Ние имавме период на прилики и неприлики кој што можеби од војната наваму се среќаваме со овој проблем и од време навреме беше жестоко интензивен и конфликтен, дури доаѓаше до заладување на меѓунационалните односи. Меѓутоа често се прашуваме зошто и овде исто така и затоа имаше доста дискусии.

Факт е дека имавме законска регулатива која што осцилираше често и не даваше можност за трајно решение. Меѓутоа факт е дека во последните периоди, а мислам дека тука беше презентирано од еден од пратениците на ПДП-НДП зарти ова ситуација е потиснат македонскиот јазик од изучување денеска. Дали сето тоа води кон интеграција или води кон некои други појави и дали тоа создава можност за, навистина, по објективна расправа, спуштање на тензиите и брзо надминување на овие проблеми кои што значат. Во секој случај денеска прво ги слушнавме дискусиите во смисла на она што тешко може така брзо учениците средношколците од албанска народност со целосно изучување на мајчин јазик а сега велиме факултетите брзо да се интегрираат во севкупните општествени токови.

Второ, факт е тоа и проблем изразен дека многу тешко доаѓа до упис на факултетите во Скопје на учениците кои што редовно го изучувале македонскиот јазик.

Понатаму, во однос на она што значи ако и по решенијата, бидејќи во самиот член 48 велиме дека начинот на употребата на изучувањето на мајчиниот јазик ќе се регулира со закон останува проблем кој ќе се разрешува кога ќе до донесуваме законот. Навистина мислам дека со денешното надминување на овој член и негово прифаќање ќе оставиме простор подебело да елаборираме тогаш затоа што покрај овие проблеми што се дискутираат денес мислам ќе наметнат една ситуација ако ние не успееме да ја спуштиме тензијата, а веќе постепено Парламентот оди во тој правец и севкупната наша политика на просторот за навистина изнаоѓаше излез до решенијата ќе создаде нови бранувања кој ќе одат кон нови административни поделби по општините и кој што ќе значат гетоизација од двете страни на овие простори, а тоа мислам дека воопшто не е во прилог на денешните наши активности за кој што се залагаме.

Исто така во денешните дискусии беа изнесени неколку работи кој што значат, а јас сакам да нафрлам, без да ги елаборирам. Неколку другари тука потенцираа зошто побегнаа или се иселија во голем број Турците од Западниот дел на Македонија. Мислам дека во основа треба да се запрашаме и мислам дека малку Турци се асимилирани во македонци. Силна ситуација е и со македонците муслимани. Меѓутоа тоа не е тема на дневен ред денес. Можеби ќе треба со низа аргументи за тие прашања најотворено да расправаме. Мислам наоѓајќи се во вака тесен простор кога расправаме по уставот многу другари односно господа кажаа дека овој устав е некој компромис и дека истиот ќе имаме шанси во случај на одредени аномалии во понатамошниот период да го коригираме а наоѓајќи се и притеснети од севкупните состојби во земјата и надвор од неа и

севкупното влијание мислам дека треба да појдеме во правец на прифаќање на овој устав како што е предложен со сите негови аномалии, како би можеле навистина да ги исполниме нашите заложби како Парламент, а ја поддржиме глобалната политика на Република Македонија.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господата од СДСМ гледам сте против овој амандман. Една ластовичка пролет не носи. Дискусиите што се од ваша страна еднаш топло еднаш ладно и продавање на маркетинг мислам дека не оди оти од оваа говорница скоро сите претставници на политичката партија ПДП-НДП

(уфрлување на Благој Ханџиски- јас никогаш не сум спомнал друга партија)

Јас ве молам не дофрлувајте, јас никогаш не сум дофрлувал кога вие говорите од говорница. Јас никогаш како интегритет не сум ве....овие 2-3 минути се мои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не обраќајте се на опоединец ни на партија Зборувајте за вашата цел..

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ:**

Бидејќи овде се помна како Албанскиот народ одел во 7-та бригада и во 15 корпус на Сремски фронт нека им бидат многу благодарни на племенитрата душа што ја има овој македонски народ наместо тие граѓани

кои што биле фатени, голем дел од нив, не сите, да бидат изведени пред народниот суд и да им суди како балисти, истите тие се испратени на солунскиот на Сремскиот фронт. Тоа е како еден одговор на господинот Сулејмани а господо што е многу многу е. Како може господата од политичката партија да бидат незадоволни. Редовно нешто бараат што не може....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за амандманот зборувајте.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ:**

Да, за амандманот. Ни најцивилизираниот свет ни најдобро економски развиениот свет.

Образованието ако сака да го продолжи на својот јазик во академиите не ли се бориме за обединета Европа нели се бориме за Европа без граници па да појдеме и ние и вие во таа Европа па да оствариме заеднички простор па да се образуваме. Никој нема право да му забрани во обединета Европа каде да студира ниту на малцинствата што живеат во Македонија ниту пак на македонскиот народ. Но, се спомна тука исто така за национални симболи.

Јас искрено велам и навистина Македонија не е витрина за збирање на колекции бидејќи во последниот попис се запишани 20 национални малцинства. Навистина, не можат да ги соберат сите нивни национални одбележувања во таа витрина. Тоа ниту може да држи место ниту го има во некоја држава. Навистина желбите се големени но можностите се сосема друга работа.

Во интерес на времето, цел ден се натегаме една иста дискусија одолговлечуваме и чукаме, навистина празна слама. Толку ги имал, благодарам. Ако некој ќе ме прозива повторно ќе се јавам.

**СТОЈАН КОВАЧЕСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека дискусиите по одредени членови на предлог уставот се резултат на кумулирани недоверби кој што датираат од порано. Јас немав намера да дискутирам, меѓутоа, Струга од каде што потекнувам е место каде што деновиве се изрази едно големо незадоволство повеќе и поради барањата, а некои и содржаните решенија во предлог уставот од сферата на образованието. Зошто е тоа така јас акам само неколку моменти да кажам посебно на колегите од парламентарната група на ПДП-НДП. Пред тоа д кажам дека јас и партијата на која и припаѓам се залагаме за донесуваше на устав бидејќи е констатација ако с оди на промена на основниот текст на предлог уставот предложен од Експертската група и Уставната Комисија тешко е да се донесе устав. Од тие причини ние отстапивме од амандманите и аз цело време на расправата се залагаме пред се за основниот текст на уставот.

Да се вратам за недовербите кој се кумулирани и датираат уште од време на италијанската окупација на струшкиот дел 1941-144 година, кога во Струга беше заведено образование по албански јазик и само албански јазик. Од тука генерациите кој што се живи од тоа време не паметат некои организиран отпор на комшиите кој што требаше во тоа време да се залагаат онака како што денес тука се залагаме и посебно, да кажам левиот

блок се залага за праведност и праведни решенија во областа на образованието.

Понатаму јас како пратеник тешко наоѓам одговор на прашањата околу нејавувањето на пописот, околу нејавувањето на референдумот и тн. Ете, кој се тие недоверби кој што ствараат тешки проблеми во деловите на западна Македонија кога се отвораат расправите околу овие теми на образованието.

Околу прашањето на колегата Џафери кој што го покрена прашањето на малцинството јас се залагам за основната номенклатура која што е прифатена во уставот. Впрочем и Преамбулата и повеќе членови кој што поминаа веќе се усвоени од овој Парламент ние прифативме зборот "националност" и мислам дека тука она што беше порано народност, сега националност, за она некој го велат малцинство македонскиот народ нема да биде помалку суверен со тоа што ние прифаќаме номенклатура "националност". Но, уверен сум дека низ дискусиите тука ако некогаш се појави зборот "малцинство", не се сака да се навреди националноста националностите било албанската, било турската. Од кои причини ќе кажам и ќе аргументирам.

Македонскиот народ, кога ќе се каже малцинство не сака никого да го навреди од причини што ние ќе бидеме среќни ако на македонците во Грција, ако на македонците во Бугарија им се признае статусот на малцинство. Признато малцинство за Македонецот е голема работа и големо признание, како и голема придобивка за оние делови на македонскиот народ кој што знаете во каква состојба се наоѓаат во соседните земји. Ако е така мислам дека треба да се отстранат сите недоразбирања ако од оваа говорница се употреби зборот малцинство.

За време на револуцијата кога едно времево Грција, тоа е историски факт, еден краток период македонците беа признати како македонско малцинство со буквар настана големо славје меѓу македонците во Егејскиот дел на Македонија. За тоа имавме расправа нас Комисијата за образование и јас дискутирав за тоа прашање. Со ова сакам да кажам дека апсолутно не треба да ја креваме температурата во овој Парламент ако во дискусиите некогаш се употреби зборот малцинство. Јас барем не го сфаќам дека треба некој некого да навреди. А, она што го реков и околу недовербите во првиот дел на дискусијата, потекнуваат пред се и околу баран>ата за статусот народ. Тоа не е нешто што не кој не ги признава основните човекови и национални права на албанците на турците и на сите другите што живеат во Македонија. Меѓутоа, идеите, паролите, за голема Албанија, кој што во минатото и сега се дота присутни, доста створаат недоверба и принципиелно е прашањето на тоа суверениот народ и карактерот на македонската држава која што е спремна во се, ама токму во се, она што го читаме во предлог уставот да ги признае сите права и еднаквости на сите националности што живеат во Македонија.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Имаше конкретен предлог тука, има амандман и причините поради кои е поднесен тој амандман се објаснети од едната страна, причините поради кој не треба да биде прифатен тој амандман се објаснети од другата страна и останува да се обави чинот на гласањето. меѓутоа, и мислам дека тоа треба така да го прифатиме, затоа што тоа предложи Панче Минов.

Јас излегов да кажам нешто друго. Бидејќи тука беше спомнато дека амандманот во врска со употребата на националните симболи итн. е во спротивност со членот 5 или 6, не се сеќавам кој беше да го изразам моето убедување дека тоа не би требало да биде така затоа што тој член говори за симболи на државата аз грбот за химната и за знамето. Јас исто така не се сомневам знамето на Република Македонија ќе биде националното знаме на македонскиот народ. Не се сомневам дека и грбот . ќе ги има тие обележја итн. Тука се работи за истакнување на симбол, амблем итн. национален на една национална група не во Собранието на РМ, сигурно не, не во Собранието на општина Тетово, сигурно и таму не, во веселби приватни, свадби, бајрами итн. итн. Или пак ако одиме до тоа и во локалните заедници каде ќе биде тоа одредено. Мое убедување е, можеби лошо мислам дека со ништо тоа нема да го загрози она што значи државност. на Македонија.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ :**

Господо пратеници не мислев да се јавувам на оваа дискусија, меѓутоа, иритиран од разните настапи што ги има пратеничката група на ПДП и НДП, сакам да кажам неколку збора.

Прво, најголемата грешка ја направи овој парламент кога ја гласавме повторно двојазичноста односно кога законите за двојазичност ги гласавме онака како што ги гласавме.

Второ, грешка направивме шт€) во членот број 5 каде што се дадени симболите на македонската држава не ги одредивме онака како што беше дадено и во амандманот наш што беше доставен.

Трето, сакам да кажам неколку збора во однос на нашето Собрание во Кичево. Ние во Кичево имаме мешано Собрание каде што грото на пратениците добивме ние ВМРО-ДПМНЕ. Поради тоа сожителство, поради тоа разбирање, поради сите тие работи ние отстапивме со договор со Пратеничката група на ПДП и НДП и донесовме свои одредени заклучоци. Најмногу ме иритира тоа што постојано цело време овде се зборува и се кажува дека албанскиот народ, албанското малцинство или како сакате речете цело време учествувало во борбите во кои што се воделе од 41 година до денешниов ден. Јас сметам дека во нашиот крај ќе ги прашате целата Попоец, Дреноец, Малкоец и тие села таму како живееја и како соработуваа и како работеа со албанскиот народ. И ова што е најважно што господинот Оломан го рече дека при ослободувањето на Кичево се вееле двете знамиња македонското и од Скендер бег. Историјата кажала дека од 1941 до 1944 година само 17 албанци имаат учествувано во НОВ, меѓутоа,

Кичево не е ослободувано само еднаш туку е ослободувано трипати. Нека се потсетат од кого е ослободувано и како е ослободувано. Сполај му.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ги слушам предлозите за гласање, претпоставувам дека сме сите заморени од расправата, меѓутоа сите сме свесни дека се работи за чувствителни прашања, и од друга страна сите сме свесни дека е најлесно да се гласа. Меѓутоа, со оглед на тоа што не се слушна мислењето на Комисијата која што е матична за оваа проблематика, а која што се состои во заклучокот да се прифати изворниот текст понуден од експертската група и прифатен од Уставната Комисија, ми се чини дека има потреба за едно кусо образложување, посебно од причини што иако имавме обемна расправа по амандманот за овој член , расправата што се однесуваше само на амандманот не изнесуваше ни 5% од самата расправа, расправавме се друго, ценам потребно во вакви моменти, меѓутоа во многу расправата одеше всушност на човековите права и слободи и затоа би сакал на тој дел накратко да се осврнам.

Ние постепено постануваме претпознатливи по сите елементи по кои што се препознатливи сите демократски држави на Европската заедница кон која што клониме кон која што тежиме, и од која што на Конференцијата во Хаг очекуваме разврска на целокупната криза во која што се наоѓаме, а и помош за заокружување на државно- правниот статус на Републиката. Во тој поглед морам да кажам дека неслучајно најголема тежина на сето она што го правиме, а посебно на Уставот се дава на човековите права и слободи и посебно на правата на националните и етничките групи како што е кажано во документот односно националностите како што ние го

прифативме. Неслучајно тоа поглавје е ставено веднаш после првото поглавје во кое што се правени напори да се разреши идната конституција на Југославија. И во тој поглед би сакал да искажам свои мислења посебно према оние кои кажаа дека има закинување и на човекови права и слободи иако во она што е дадено во хашкиот документ може барем тие што се разбираат во проблематиката да видат и прилично максималистички барања према нас на кои што се однесуваат тие документи, барања за одредени демократски елементи кои што ги нема и во многу устави на тие што ни ги предлагаат. Меѓутоа, во сите членови во кои што досега ги прифативме мора да признаеме дека се инкорпорирани и гарантирани сите човекови права и слободи кои што се дадени во второто поглавје, "човекови права и слободи и права на етничките и националните групи" и тоа во неговото поглавје а каде што пишува "човекови права". Посебно е битно да го спомнам следното.

Не туку така во овој документ, во кој што повторувам, тие што се обидуваат најдобронамерно да ни помогнат, сепак мислам произлегуваат некои максималистички барања за елементи кои што ги нема во нивните устави, посебно се одвоени правата на националните и етничките групи или правата на националностите како ние што ги детерминираме во нашиот Устав. Притоа, клучни се две работи за да расчистиме зошто не можеше да има преместување меѓу член 44 и член 48, и зашто како што овде беа дадени некои предлози, апсолутно не може да отпадне четвртиот пасус од член 48. Имено, клучот на поглавјето 2 во кое што под поглавјето Б кое што е именувано со права на припадниците на националните или етничките групи почнува со две основни препораки. Едната препорака е, текстот не на македонски, допуштам дека може да направам некоја грешка е дека

републиките треба со законски прописи и преку националните институции во складот со правата кои што се спомнуваат во ова поглавје Б да овозможат потполна примена на право и ефикасен правен лек против кршењето на тие права. Но, посебно земав збор и за ова, во истиот тој член им се препорачува и на корисниците на тие права, а тоа се припадниците на националните и етничките групи према терминологијата од документот каде што се кажува "лицата кои што припаѓаат на националните и етничките групи во спроведувањето на своите права треба да ги почитуваат правата на мнозинството во таа Република и на другите лица на кои што припаѓаат на слични национални или етнички групи".

Што се однесува на делот од правата на националните и етничките групи кое што се вика "права во сферата на образованието" кај што се гарантирани со членот 48 према овие две препораки кои што на крајот ги прочитав морам да го искажам своето мислење врз база на сознанијата кои што сметам и доста иновирано и доста комплетно ги познавам. Сокорпусот на правата во сферата на образованието кои што се гарантираат со нашиот Устав ние сме на врвот на корпусите на правата на кои што постојат во Европа, меѓутоа, над нас постојат према правата кои што се гарантирани со овој Устав една до две држави, под нас постои една група која што Европа воопшто не ја признава иако една земја од тие што не ги почитуваат правата на националните и етничките групи и членува во таа Европа е групата во која што воопшто не се почитувани правата на националните и етничките групи како што е Бугарија, Грција па донекаде и Албанија. Понатаму се наоѓа една огромна група во која што има прифатливи гаранции за правата за националните d етничките групи каде што ако

зборуваме за сферата на образованието се гарантирани и нивните права за образование на мајчин јазик до нивото на основното образование. И има една група во која што ние со нашите права сега се наоѓаме, со нашите гаранции со што влегуваме во горниот дел од целата групација што ги гарантира корпата на правата во сферата на образованието во кој што се гарантирани правата за образование на мајчин јазик во основното и средното образование. Со една напоме за и со тоа завршувам. Треба секогаш да водиме сметка дека нашиот систем во сферата на основното образование во целост се разликува од системите на основното образование на земјите на кои што ни ги препорачуваат овие права. Имено, ако кај нас како што реков го поддржавме целиот изворен текст на членот 48 се гарантираат правата на припадниците на националностите за образование на свој мајчин јазик во сферата на основното и средното образование, треба да знаеме дека двете години од средното образование кои што се влезени тука во сите тие земји кои што ги гарантираат правата на националностите за образование на мајчин јазик само на ниво на основно образование се внесени во основното образование заради тоа што таму е основното образование десетгодишно.

Должен сум да ве информирам дека со трансформацијата на образовниот систем скоро е сигурно дека за извесно време и во Република Македонија ќе преминеме на десетгодишен образовен ~ систем во сферата на основното образование. Према тоа, со тоа што е гарантирано правото на образование на мајчин јазик во основно и средно образование ние се наоѓаме точно во средината на групата на земји што гарантираат права на

образование на мајчин јазик во основното образование заради преклопувањето на двете 'години. Оттука, ќе завршам дека имаме едно навистина решение кое што претставува максимум на она што е можно заради тоа што не би сакал; да бидам вулгарен споменувајќи корпус на гарантирани права со нешто што се вика корпус на корпа од која што живееме дека таа во одредени периоди била и побогата и посиромашна итн. и дека ова што сега е предложено е апсолутно прифатливо за сите оние за кои што го напишаа хашкиот документ, на кој што сите дадоа согласност во Југославија со исклучок на членот 1 закон што не зборувам од страната на Србија и дека тоа што ние го нудиме е еден прифатлив оптимум кој што зависи и од нашите можности, кој што зависи од многу други предуслови и кој што укажува на тоа дека се тоа што ние го гарантираме е некаде над средината и ќе биде прифатливо за цела Европа и ќе не приближи до таа претпознатливост по која што се препознаваат европските држави кон кои што стремиме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Многу се разводни дискусијата во врска со употребата на симболите. Симболот бил употребен. Тој симбол од сите овие населени места од Македонија па и преку Србија, Црна Гора, преку Босна, во Срем, во Хрватска во Словенија дури до Триглав и преку граница во Австрија Грац, за време на ослободителната војна. И се наметнува едно друго прашање. Тогаш, тоа знаме низ цела Југославија било употребувано. После секако и се укина. Зашто тогаш во тие тешки мигови за Југославија и за сите народи на Југославија се можело и могло да се употребува. Одговорот е сосема логичен. Затоа, што на таа Хитлеровска фашистичка армада требало да се

спротивставaт сите народи. Тогаш на тие хитлеровски пантери требало некој да му служи за топовско месо. Тој истиот Устав нема проблем, тој истиот симбол со Уставот од 1974 година до вчера беше во употреба и тој беше со Одлука на ЦК СКМ прекинат. На жалост со никаков закон, не со некој правен акт, а тоа што го рече другарот дека тоа би требало да биде употребено на свадби или на некоја колиба во бостан јас се оградувам од сето ова.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на член 48 став 1 и став 4 ќе се произнесам. По однос на ова што го викаме симболи, грб, знаме и химна, една држава има само еден грб, едно знаме и една химна. Тоа во член 5 го кажа колегата пратеник, меѓутоа во денешно време треба овие симболи да ги сфатиме како територијален симбол. Знамето кога имало национален симбол тоа било во времето на феудализмот по знамињата се познавал непријателот. Друга употреба на знаме ние зборуваме во мирно време како ќе се употребува, не кога има војна, кога има олимпијада, или кога има спортски натпревари. За време на војна ако треба и од ѓаволот симбол ќе извадиме ако те стимулира во војна. Така на пример ако го земеме Исток, Сталин и Кутузов го зеде во Кабинетот од подземјето да го искористат да даде отпор на^фашизмот. Тие се времени ситуации. На олимпијадата сите знамиња ќе ги има. Меѓутоа, Македонија е неделива, единствена територија, тоа е територијален симбол, бродовите и авионите ќе бидат под едно знаме, а внатре може да има патници од муслимани па до христијани.

Настојувајќи на овие симболи да се даде национален карактер идеолошки се пристапува према тоа, и се ствара одредена предност. Јас сметам територијата треба да има едно знаме, тоа е чисто територијален симбол иако на оваа мала територија како што истакнав ние ако почнеме од самата граница, се граничиме со повеќе не ќе знаеме во која територија престојуваме, а се залагаме тука Устав да биде за една држава.

Во однос на степенот на образование ние во текот на претходната расправа имавме стручњаци ©д Франција во однос на малцинскиот дел од населението се истакна дека не треба да се гарантираат тие права, овие што се наведени во член 2 минимални туку со тоа се ограничува малцинскиот дел да се интегрира во вкупниот развој на општеството, односно државата. Пример беше за мене Франција каде има многу малцинства, никој не е заинтересиран, со мал исклучок за минимум основно образование бидејќи секој се такмичи да го изучи францускиот јазик, да се вклопи . да ги ужива сите благодети.

Во овој прилог треба и економската моќ на општеството ние порано немало македонски јазик, македонците се школувале во соседните држави, во Виена и слично. Во таа смисла спрема можностите и вонстандардите е дадено и од претходните, и во другите држави имаме паралелен систем на доброволна основа или волонтерски часови кои што се на нашите иселеници.

Расправата по овој член ме наведе да предложам во наредната расправа да не одиме на дискусија и образложенија, нас ни се познати одредбите, познати се амандманите и во наредниот дел исклучиво да одиме на гласање, бидејќи не ни помага ништо со овие вербални

надмудрувања, имало 17 борци незнам биле балисти, биле тоа, јас мислам од наредниот до последниот член исклучиво да одиме само со гласање по амандманите. Само доколку амандманите на некој не му се познати на глас буквално да се прочитаат и да се оди на гласање. Инаку за зборување досега се специјализиравме.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас во својата дискусија ќ^.бидам краток, ќе кажам само тоа дека господинот Исмет Рамадани даде предлог во врска со членот 1 од експертската група да излезе некој да каже да ни биде јасно што се подразбира со тоа национални особености. И веќе кога сум тука само да одговорам на господинот Крстевски со тоа што спомна феудализам, во феудализам немало нации туку постоеле племиња туку после феудализмот настанале нациите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде да не направиме симпозиум за знамиња, ве молам немојте, нема да го разјасниме тоа што било во феудализмот, за тоа има поголеми стручњаци од овие.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Ви благодарам, еден пропуст, ова не е реплика дозволете, под национални обележја подразбирам култура, почнувајќи од домашна, образование, фолклор и сите слични работи. Ете знамето каква ќе има боја, ако споредиме двоглавиот, албанското и нашето нема разлика, нашиот има

петокрака, таму има само орел, бојата е слична. Сакам да кажам дека под национални симболи спаѓаат културата, знаењето и способноста, а не бојата и цртежот на знамето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине, сеуште оди расправата, не можеме да ја туркаме групата пред расправата, чекајте ве молам да завршиме.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитуван претседателе, почитувани пратеници излегов на оваа говорница овој пат да не зборувам. Најмалку имам желба да зборувам бидејќи длабоко сум убеден ние скоро сите сме далеку од суштината која треба овде . да ја образложиме. Многу сме далеку од вистината, не покажуваме смелост да дадеме коректен интелектуален допринос кон разрешување на проблемите туку намерно се занимаваме со перифеноста на проблемите и одиме многу далеку и просторно и временски, апсолутно не потребно.

**ЕШРЕФ АЛИУ**: (Продолжение)

па затоа се се плашам, човек што и да рече, во ваква една атмосфера доаѓа како да се наоѓаш во пустина, правиш што и да сакаш, но човек околу и да те слушне нема.

Излегов да кажам на оваа говорница два-три збора, обид на една корекција на некој неточности, покажани повеќе од страна на пратениците на група на ПДП. За другите мислам дека тоа право, немам желба да го искористам.

Се кажа дека право на упис немаат сите деца. Тоа остана необјаснето и граѓаните можат да се здобијат погрешна претстава. Право на упис на Република Македонија имаат ама баш сите деца. Начелно право на упис имаат сите граѓани на Македонија на сите постојни можни факултети во Македонија, но постојат услови под кои тоа може да се оствари. Веројатно се мислеше на неограничената можност на правото на школување на мајчин јазик. И тоа требаше да се каже.

Морам да подвлечам уште еднаш со сега одговорност дека во Република Македонија постои само еден единствен образовен систем. И дека начелно барањата за мајчин јазик од пратениците и од партијата ПДП, најмалку од се, може да го подразбира паралелниот систем. Тоа што некој сака за тоа и околу тоа да внесе збрки, полувистини и да покаже не знаеше или нестручнсот е работа на тој што се занимава со тие работи.

Тврдам дека на Република Македонија не и е потребен паралелен систем и тврдам дека барањата за школување на мајчин јазик, било на кој јазик да се не можат да подразбираат таков паралелен систем во образованието.

Затоа околу оваа работа да ни бидат работите до крај јасни. И тоа не е тешко да се разбере, но не сака да се разбере.

Околу предложените амандмани, исто така, совршено ми е јасно дека не постои желба да се подобри за^-што ние стануваме сигурни потполно дека подобро е така како се предлага. Меѓутоа услов е предлогот да не биде од ПДП. Тоа за сега е невозможно. И ние, што и да правиме, ми се чини должност ми е да оставиме простор секогаш низ дијалог со сила на аргументите во овој политички натпревар многупартиски преку говорницата да не употребуваме навреди, да не упатуваме многу совети едни на други, да се обидеме многу повеќе одговорно да се однесуваме кон јавно кажаниот збор и да се видиме повеќе себеси, помалку право на себеси, па тек тогаш работите ќе бидат подобри.

Сакам да ве потсетам дека во оваа Република Македонија, какви карнитури на луѓе дошле на власт, таква била политичко- безбедносната состојба, такви биле меѓунационалните односи, но во суштината јас длабоко сум уверен, ако ние сакаме да имаме стабилни меѓунационални односи, ние имаме идеални услови и шанса апсолутно тие тензии да ги отстраниме. Но, таква политичка желба не постои. Таква атмосфера, за жал, сега по се изгледа останува за понатаму.

Сакам да ве потсетам дека со постојниот закон на сила и со Уставот на сила знамето може да се употреби. На неуставен начин, со сила на закон, тоа се забрани. И надмудрувањата можат да продолжат до бескрај. Какво општество ќе имаме какви односи ќе имаме, ќе зависи од луѓето, а не

од пишуваните во документите. Но, ред е во најврвниот акт на Републиката, работите максимално да се средат. Јас ви се заблагодарувам и да му знам име би му се извинил на господинот кој цело време реагира, стварно би му се извинил. Јас признавам дека н немам желба да зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со ова е исцрпена листата на пријавените учесници во расправата. Ако нема понатаму јас го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (пратениците креваат рака).

За амандманот гласаа 20 пратеници.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 48 став 1 од Пратеничката група ПДП не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 8 став 1, 2, 3 и 4, поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 32 пратеника.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 48 став 1, 2, 3 и 4 од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 8 став 1,3 и 4 и за внесување на нов став во ставот 4, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Само заради објаснување инаку во образложението сум дал објаснување зашто е тоа така. Меѓутоа во ставот 1 на овој член предлагам

да се внесе зборот "чуваат" бидејќи не може да се изразува тој национален интегритет, негува и развива ако тој истовремено не се чува.

Во ставот 3 исто така се работи за истиот збор "чување"„

Исто така предлагам во ставот 4 да се зборот заради терминолошко објаснуваше зашто јас незнам по кој основ матичната Комисија за образование, наука и култура не ги прифатил терминолошки и стручно како треба да бидат изнесените зборови, а истиве барања ги предлага и Комисијата за градежништво и урбанизам. Не е недолично што таа Комисија се бави со образование, бидејќи и образованието*има за цел развивање и градење на човекот, а истата Комисија има за цел да гради, да го урбанизира човекот. Во врска со тоа предлагам "настава" со зборовите "воспитание и образование". инаку самиот збор настава е доста тесен, а настава нема само во основното образование, туку има и во работничките универзитети, во разни организации, во автомото друштво итн. а наставата практично го нема во основното образование кое што овде се предлага туку, има воспитание и образование.

Истото се однесува и за зборот "наставата" и предлагам да се замени со зборовите "Воспитно образовниот процес" бидејќи само како таков се познава. И едно дополнување, бидејќи овде се вклучени и основното и средното образование а не е вклучено предучилишното образование, како понизок степен се заборава а се оди на повисок степен, сметам дека веројатно е испуштено или не се имало предвид од страна на Комисијата, предлагам да се дополни. Последното дополнување се однесува за изучување на македонскиот јазик, за што предлагам да сеи изучува како наставен предмет. Само така фигурира во наставната програма и така треба да биде.

И на крајот се откажувам од предлогот за воведување на нов став во ставот 4. Предлагам да ги усвоиме претходните предлози.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поповски би го запрашал дали ова е редакциско подобруваше на текстот ама јас би молел да го објасните на говорницата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи бев во дел отсутен дали се работи за замена на зборот "настава" со зборот "образование".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Земете го целиот амандман и видете.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас од она што го слушнав и што* можам да констатирам тоа беше само толкувањето на поимот "настава"со образование. Во Комисијата се мислеше на образование. Употребен е поимот настава што може и лесно да се види од последната реченица на училиштата во кои наставата се изведува на јазикот на националноста се изучува и македонскиот јазик. Што значи се мисли на образование во тие два степена. Тоа би можело како редакција да се прифати.

(Во меѓувреме му се дава амандманот за да го види).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Погледајте го амандманот ве молам.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

ВО ставот 1 тоа веќе е чувство така да кажам на прецизност. Тука станува збор за право на изразуваше на националностите, слободно да го изразуваат и развиваат својот идентитет на националните особености. Предложено е наместо "изразуваат" да стои "чуваат". Поимот негуваат е чување и култивирање. По мое мислење е опфатено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи тој збор чување е содржан.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Па, по мое длабоко уверување е, бидејќи поимот негуваше е чување и култувирање во таа смисла.

Во ставот 3 по зборот "заради" се додава зборот "чување" и по зборот "свое" се додава зборот"национален", заради изразување и негуваше и развивање. Тука истото образложение важи во смисла чуваше, негувањето е тој израз, во поширока смисла, меѓутоа индиректно значи, односно пред се значи"чување" , односно на "својот идентитет" во смисла на својот национален интензитет. Сметам дека својот, бидејќи е поврзан со националностите се однесува на национален бидејќи нивен идентитет е токму националниот идентитет. До колку инсистира предлагачот а Собранието има чувство дека тоа треба да го акцептира, тоа е друго прашање и прашање на одлука. Јас сметам дека е содржано и би се потенцирало уште еднаш својот, па национален. Тоа значи едно исто и повторуваше.

Ова околу настава за образование јас реков дека би можело д биде редакција затоа што се мисли на образование. Затоа што во тие два степена, и дека во тој случај би можело овој поим на "на настава" да се замени "образование" на својот јазик во основното и средното образование. Веројатно овде сме го избегнале поради повторувањето на поимот "образование". '

Сега нема смисла по ставот 4 на пр. по амандманот да се произнесувам бидејќи тоа е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не тој е повлечен.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Е само овој коментар го имам.

Ние не го имавме предвид предучилишното образование, бидејќи ние сметавме образованието почнува со основното образование и наредните степени се средното образование. Карактерот на предучилишното образование, дефиницијата на тој карактер, дефиницијата, ние не можевме

да ја внесеме. Имам чувство не плeдирам на точно, веројатно постои дефиниција на тој карактер дека не е тоа само образовна установа Јас мислам дека номенклатурата на појмовите на образование влегува основно и средно. Предучилишно, тоа веројатно е воспитание. Ако сметате на градинките и на забавиштата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Јас можам да го изнесам својот личен став, но незнам дали има смисла. Јас лично подразбирам зошто да не добро е, нема никаков проблем.

**НЕИМ СЕЛМАНИ**: (од место)

Само би го прашал професорот да го објасни зборот "особености".

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Околу зборот "особености" треба да се врзе со придавката "национални особености" тие, пред се, се однесуваат на јазикот, културата, фолклорот, обичаите, евентуално култовите инаку во меѓународните документи, бидејќи сакам нешто да проговорам да не сметате дека свесно го прескокнувам, се употребува поим национални амблеми без појаснување што се подразбира од поимот национални амблеми. Дали под тоа се подразбира и знамето, а кога веќе овој дел од тоа прашање го изнесов мојот став сакам да го изнесам и вториот дел од мојот став, тогаш кога по мое разбирање на работите, кога определена националност го смета за свој национален амблем знамето, ако е тоа точно, зборувам само во кондиционел, знаме кое ги има сите симболи на знаме на друга држава, јас мислам дека е тоа комплетно проблем, односно не проблем, туку за мене сосема јасно без оглед што определена националност го искажува ставот дека знамето кое инаку како факт е знаме на друга држава е нивен национален симбол, мислам дека знаме од друга држава по моето разбираше, ова е мој личен граѓански став, не може да се употребува на територија на друга држава како национален систем, бидејќи најмалку создава конфузија во која функција се употребува па мислам дека не е возможно тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако никој друг не се Јавува за збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Она што го кажа господинот Поповски дека од редакциска природа тоа значи појаснување и да претпоставиме дека ќе биде прифатено од овој амандман односно преземено од овој амандман. Ако е редакција тогаш е редакција. Па еве ги прашавме експертите.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот,а ова што е за редакција го изземаме, молам, да крене рака? (22)

22 пратеници гласаа за амандманот па според тоа амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на членот 4 8 став 1 поднесен од пратеникот Шабан Превала.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандман го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

22 пратеници гласаа за амандманот и констатирам дека и овој амандман не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 48 за бришење на ставот 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?(4)

4 пратеника .гласаа за овој амандман според тоа, констатирам дека амандманот на член 48 за бришење на! ставот 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и 0Н0 не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 8 став 3 и 4 поднесен од пратеникот Мухамет Халили.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (2*2)

22 пратеника гласаа за овој амандман, констатирам дека и овој амандман не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 4 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Молам, кој бара збор? Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, само мал увид во амандманот. Видовме дека желбите стануваат се поголеми и поголеми на пратениците од ПДП значи дојдовме до знаме и до образование во сите висини па дури и академија на науки. Лесно е овој парламент може да им даде и академија на науки само се прашувам каде ќе најдеме академици тоа сум на гајле моментално.

Сега во врска со мојот амандман ќе дадам едно дополнително образложение. За бришењето на зборот "средно" во членот 48 став 4 од Уставот на Република Македонија се тргнувам од определбата дека националните малцинства треба да ги добијат оние права во областа на образованието кои, според важечките меѓународни норми, нашата земја ги има прифатено како дел на определувањето на националните малцинства во светот. Нашата Република ги почитува сите документи од меѓународен карактер. Се цени дека во нашата Република досега се дадени далеку

пошироки права што се пропишувани со меѓународни документи. Проучувајќи ги многубројните меѓународни конвенции за правата на малцинствата во светот од аспект се заклучува задолжително основно образование е од прво до четврто одделение за разлика од нижото што подразбира образование од петто до осмо одделение. Од овие меѓународни конвенции произлегува на секој човек без разлика на национална и верска припадност му се обезбедува задолжително основно образование.

Со точка 12 од Резолуцијата на Европскиот совет од 10 мај 1990 година што значи пред една година се*спомна и досега, но, јас пак ќе ја спомнам е пропишано на малцинствата да им се обезбеди школување на мајчин јазик за задолжително школување. Значи, задолжително школување. Според членот 44 од предлогот на Уставот, пак ќе се вратам на членот 44, основното образование е задолжително тоа значи според оваа резолуција само во основното образование наставата треба да се изведува на мајчин јазик на националните малцинства, а не и во средното кое не е задолжително. Сега треба уставно правно да се враќаме, ќе продолжат Реформските снаги пак на членот 44.

Во многу повеќе национални општества во кои материјалните можности се многу подобри отколку кај нас не се дозволува настава во нижото и средно образование на мајчин јазик на малцинствата и поради високи трошоци при печатењето на мултитиражните учебници лектири и други учебници помагала.

На крајот би напомнал дека со давањето на право на националното малцинство да обавува настава на мајчин јазик во средното образование го дистанцираме од македонскиот народ, го разбиваме другарството помеѓу учениците, сожителството помеѓу возрасните овозможувајќи создавање на гетоизација кај малцинствата и пак кон сепаратизам.

Бидејќи сум од постарите пратеници па би ви кажал нешто од моето искуство. Кога бев ученик во вишите класови на гимназијата заедно учевме со припадници од албанското и турското малцинство. Меѓу нас учениците имаше развиено такво другарство што уште се почитуваме , се познаваме добро, си одиме дома тие одат кај мене јас кај нив. Сега учениците кои учат во засебни паралелки толку се замразени едни со други што е создаден таков јаз меѓу нив што не можам да поверувам ни самиот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Можеби ќе биде најрационално бидејќи членот 48 се подразбира како една врека која е полна со права и ставаме рака во врeката вадиме едно право и го даваме денеска на овој утредента зависно од времето повторно раката во џеб вадиме второ и трето право, така се сфаќа овој член и затоа предлагам писмен амандман, ќе го напишам членот 4 8 да се брише од Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас знам оти сите овие расправи, меѓу другото, провоцираат и во афект се даваат предлози затоа ве молам да продолжиме ве молам дајте да расправаме по амандманот на Ковачевски. ФАИК АБДИ:

Почитувани дами и господа. Воопшто немав намера по членот 48 да кажам ниту еден збор. Ќе земам збор на крајот кога ќе го утврдиме Уставот оти имам многу нешто да кажам. Ова препуцавање помеѓу едни и други дали може да не се навредуваме толку просто станавме бескрупулозни делата таму не се почитуваат, се тепаат, па ние овде така постапуваме и им даваме таков пример. Овде се однесуваме недомакински, па дајте да ги заборавиме тие работи ако сме си дале завет пред себе како партија дека ќе оствариме тоа и тоа, не треба да значи дека тоа мора да се оствари на таков начин овде. Треба да ги приволиме луѓето да бидат еднакви,

рамноправни, да бидат добри пријатели и децата да бидат добри пријатели, а вака создаваме само јазови. Не чини ова што го правите. Сигурно затоа потпретседателот стана и кажа да се брише членот 48. Се оди од една во друга крајност. И јас не го сметам тоа за тоа, дека членот 48 е една голема врека каде има права па едно по едно кое сакам ќе го вадам кое не ќе го туркам уште подолу. Јас не го сметам така, ова е држава и не може да биде така.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

И покрај тоа што членот 48 не говори за Албанците, туку говори за националности, тука се спомнуваат Албанци. Бидејќи не сакам да ги оштетам припадниците на трудите националности затоа што немам такво право, предлагам во членот 48 да се додаде нов последен став кој од прилика ќе гласи вака: "одредбите на претходните ставови не се однесуваат на албанската националност", затоа што тоа е проблемот со тоа да ја завршиме дискусијата околу членот 48.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би ве молел ако добро ја водиме постапката ќе избегнеме непотребни фрустрации и нервози. Сепак имаме задача да донесеме устав и тој устав треба да не презентира нас и пред народот и во светот и треба со нужно трпение да пријдеме на целата постапка.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Морам да кажам дека страшно ме иритира тоа што не поистоветувате со сите наши дискусии што ги имавме . Скоро ги поистоветувате со дискусиите на пратеничката група Голубовски -ДП што за мене значи "дежурен провокатор" и пратеникот Ковачевски нашите дискусии и дискусиите на овие двајца пратеници никако не смеат да се поистоветуваат затоа што ниту навредивме ниту провоциравме, кажавме тоа што кажавме најмирни, најдобро, како што треба и јас мислам дека никого не провоциравме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас велам дека не подлежиме на било какви провокации, да не бидеме нервозни туку да ги сочуваме нервите инаку не поистоветувам никој со никого, туку реков сами да не наседнеме.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Навистина една реченица само проширена, бидејќи се коментираше карактерот на ова право од членот 48, во смисла дека тоа мнозинството го дава на малцинството дека тоа прво што се дава и слично сакам да соопштам дека тоа право мнозинството не го дава на малцинството. Тоа право е право на националност во сите концепти на граѓанските устави, тоа е стандард и во таа смисла кога станува збор за мерката на правото ние се наоѓаме, како што рече господинот Ханџиски во погорниот дел од земјите кои обезбедуваат повисок стандард во таа област меѓутоа, тоа право е граѓанско право стандардно и присутно и во меѓународни акти и во устави и искуства во другите земји. Во таа смисла никој никому не дава и никој никому не може да одземе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор по амандманот на Ковачевски амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (33)

За амандманот гласаа 33 пратеници, и според тоа констатирам дека амандманот не е прифатен.

Одиме на амандманот од Законодавно правната Комисија на членот 48 став 4.

Молам, кој бара збор? /Никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (18).

18 пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 48 став 4 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?(3)№-

Само три пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот по членот 48 став 1,2, 3 и 4 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, да крене рака? (21)

21 пратеник гласаа за овој амандман и според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 48 став 1, 2, 3 и 4 поднесен од пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски кој има иста содржина.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (30).

30 пратеници гласаа за овој амандман според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

отворам претрес по амандманот на член 48 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

дали некој бара збор? (не)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (27)

Констатирам дека амандманот не е усвоен бидејќи за . него гласале само 2 7 пратеници.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа со неприфаќањето на амандманите кои беа овде поднесени мислам дека се направи еден пропуст од причини што упорно ни се укажуваше дека предлогот на уставот кој треба да се усвои прави доста чекори напред во доста области па и во областа на меѓунационалните односи односно правата на националностите.

И јас мислам така, меѓутоа има одредби со кои навистина не можам да се согласам дека е така. Една од таквите одредби е одредбата околу особеностите односно невклучувањето на правото на употребата на националните симболи.

Само да ве потсетам дека со досега важечкиот устав од 1984 година, член 178 став 4 народностите имаат право да го употребуваат знамето на народноста.

Со оглед на тоа дека со меѓународниот Пакт за граѓанските и политичките права кој Пакт е ратификуван од страна на СФРЈ чиј наследник е и оваа Република односно државата Македонија, меѓу другото во член 6 став 2 се вели:

“ Не е дозволено никакво ограничување и укинување на основните права на човекот кои се признати или постојат во некоја држава која има потпишано Пакт".

Со оглед на тоа дека овде беше спомната и од страна на Стручната група дека и со Хашките документи има одредба дека се гарантира правото на употреба на амблеми кој всушност и апсорбираат и право на употреба на симболите, мислам дека одредбите во член 48 се од порестриктивен карактер во таа смисла.

Затоа ве потсетувам дека овој член, во оваа смисла на вистина е порестриктивен и можеби и во меѓународните комуникации ќе има и негативна оценка.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, терминот национални особености во првиот став од членот 48 за нас имаше неподелено значење односно капацитет. Тој ги вклучуваше и националните симболи. Тука нема дилеми за нас ниту тогаш ниту во Уставната Комисија имаше дилеми.

Националните особености како термин ги вклучуваат и националните амблеми. Но проблемот се јавува само во следното, во една практика на користење на националните симболи кои се истоветни со државните симболи на другите држави. Тука е проблемот.

Имено, секаде каде што се користат национални симболи на еден народ во земја во која живее малцинство на тој народ или дел на тој народ проблемот настанува околу тоа дали композицијата на националниот симбол кој е истовремено е национална застава на друга држава се употребува како директен израз директен идентитет со неа постигнува националното малцинство. Тука е проблемот. И, тука праксата тој проблем го решава на следен начин, имено со закон или со акт со кој национално малцинство односно во овој случај нашите националности ги дефинираат националните симболи, на пример на турците во Македонија, на албанците

во Македонија, на македонците во Бугарија, на македонците во Грција. Проблемот е ист. Дали тие можат да ги користат националните симболи македонското знаме, такво какво што е, во композиција во Грција или во Бугарија. Истиот проблем ќе се јави. Тука постои, такво какво што ќе биде македонското знаме, дали може да се користи во истата композиција како идентитет со користењето на македонците во Грција. Тука ќе се јави истиот проблем, истиот отпор односно истата рестрикција.

Тука ќе треба да се идентифицира што е национален симбол на албанците во Македонија односно на албанскиот народ во една поширока смисла кој е различен од она што се идентифицира како застава на албанската држава. Тука е проблемот.

Инаку, не е спорно дека националните особености ги вклучуваат амблемите, односно националните симболи. Ако во овој случај е двоглавиот орел, тогаш тоа ќе остане национален симбол на албанците во Македонија. Во која композиција? Јас можам да ави наведам пример како се користи Данскиот национален симбол на данците во Германија. Тој е комбиниран со германската застава. Значи, од една страна национален симбол на данците, а од друга страна национален симбол на државата во која тие живеат. Значи, се прават композиции на тој идентитет. Но, во секој случај, националните особености ги вклучуваат и амблемите на националноста односно националните симболи. Тука дилеми не треба да има.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, ова што господин Фрчковски рече, за мене е чиста демагогија. Еве од кои причини.

Ако е тоа проблем знамето на соседна држава да не може да се употреби во Македонија, тогаш што е пречката заради нас на пример да страдаат другите националности, турците, ромите итн. Сето тоа. Тоа е едно.

Второ, ако веќе сме тука, тогаш нека биде влезено во Уставот дека можеме да го употребиме нашето национално знаме а со закон нека се регулираат тие прашања што впрочем ги спомна господин Фрчковски.

**ФАИК АБДИ:**

Само да појаснам нешто. Оваа материја не ја познавам многу, меѓутоа слушам што се зборувам од луѓе што се занимаваат со таа материја, стручшаци како во меѓународни размери тоа може да се направи.

Сам знам едно. Мојата партија и мојот народ, така да речам, ние како партија имаме свое знаме од 1972 година, плаво зелена боја, внатре едно тркало црвено како крв. Не припаѓа на ниедна држава. Во нашиот статут е опишано што тоа значи за ромите. Ние, како партиско знаме го користиме, но се разбира ова е наша државна застава, и се додека не се измени ова знаме нема друго да биде таму. Кога ќе се измени, ќе биде тоа што ќе се договориме овде и знамето на ромите

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно ние сега треба да одиме на пауза.

(пратениците бараат да не се оди на пауза туку да се изврши чинот на гласањето.)

Дали треба да гласаме за членот? (да)

Еве, експертската група уште нешто догледува.

Ве молам, што е таа консултација?,

Дали е завршена консултацијата (да)

Има збор господин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во обид да се разјаснат, нормално ние остануваме на оние решенија кои ги сметаме за стандарди и кои, не зависно од дискусијата овде не можат да се изменат, дека терминот национални особености ја вклучува

употребата на амблемите, а дека тоа сепак се разликува од употреба на знамиња на туѓи држави на територија на Република Македонија, тоа е неспорно.

Меѓутоа, ако го решава проблемот, тогаш треба да се додаде втор став после првиот став дека припадниците на националностите имаат право...

(во знак на протест пратениците на ВМРО-ДПМНЕ стануваат со цел да ја напуштат седницата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледна е потребата од пауза.

Предлагам пауза од 15-тинаминути.

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ**:

Да продолжиме со работа.

Бидејќи јас го заклучив претресот по член 48, сега го ставам текстот на членот 48 на гласање.

Да ги повикаме сите да дојдат во сала. Во салата се присутни 93 пратеници.

Значи, на гласање го ставам текстот на член 48.

Кој е за, молам да крене рака.

Седумдесет пратеници гласаа за членот 48.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 48 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Ве молам да се вратиме на членот 36 кој го резервиравме.

Ве известувам дека пратеникот Александар Флоровски во соработка со експертската група подготви нов член 36.

Новиот текст на членот 36 Ви е поделен.

Во вториот став на членот 36 предлагам, посебните права се утврдуваат со закон, зборот "утврдуваат" да стои како секаде во Уставот што стои "се уредуваат со закон".

Дали пратеникот Александар Флоровски се согласува со тоа?

Се согласува.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господа пратеници, мислам дека вака формулираниот член 3 6 не е вред. Зошто го велам тоа? Од причини што зборовите"прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност" мислам дека правата на оваа категорија луѓе може по еден сосема поинаков пат да се разрешуваат. Се знае дека во правото постои институција на рехабилитација. По судски пат сите тие луѓе кои биле затворани за такви идеи, судот сега ќе оценува дека неправилно биле

прогонувани и осудувани ќе го реактивира механизмот на рехабилитација и тие луѓе прогонети и затворани ќе добијат и морална и материјална сатисфакција така што мислам дека не е уставна категорија и не треба да најде место во овој член. Со сета почит кон стручната група и кон предлагачот Флоровски, меѓутоа, навистина мислам дека не е местото овде.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Колегата што дискутираше претходно ова право го поистоветува со надомест на штетата. Услов за надоместување на штетата е прво оштетениот да се обрати да го оствари правото и слично. Овде во случајов нема врска со тој институт. Овде се работи за оние кои немаат можности за материјална егзистенција. Без разлика по кој повод, овие наведени лица, ако дојдат до социјална категорија, во тие случаи, а можеби тој не го знаел ни правото за штетата, можеби немал можност да го оствари и слично. Значи во статус кога е во социјална територија.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Една категорија тука мене ми недостасува. Ако сум во право ќе оценат стручњаците. Во вториот ред после запирката пишува "на инвалидите од војните" и тоа не е спорно. Ние имаме инвалиди воени што не се од војната туку служејќи воен рок во мирно времени услови ранети, кои не се тука.

(на пратеникот Абдурахман му дадоа нов текст)

Тогаш читаме два различни текста се работи за забуна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го ставам на гласање текстот на членот 36.

Кој е за, молам да крене рака.

81 пратеник гласаше за овој член.

Според тоа констатирам дека предложениот текст на членот 36 е утврден.

Преминуваме на утврдување на членот 49.

Отворам претрес по текстот на членот 49.

Амандмани поднесоа пратениците Џеладин Мурати, Коле Луловски, Тодор Петров и Комисијата за образование, наука и култура.

Отворам претрес по амандманот на член 49, став 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати и од Комисијата за образование наука и култура.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 23 пратеници.

Според тоа, констатирам дека амандманот на член 49, став 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати и Комисијата за образование наука и култура не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 49 поднесен од пратеникот Коле Лулоски.

Молам кој бара збор?

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, понудениот член 49 предлагам да се брише.

Амандманот го предлагам во името на стотина илјади наши сонародници населени во европските и прекуокеанските земји и нашите македонци во соседните земји. Тој гласи:

"Републиката води непосредна грижа за положбата и остварувањето на правата на органските делови на Македонскиот народ и во соседните балкански и другите земји.

Републиката води непосредна грижа за Македонците иселеници во европските и прекуокеанските земји, активно го помага нивниот духовен, културен, образовен и друг развој и ги унапредува врските со нив, како и со владите на соодветните земји.

Републиката води непосредна грижа за остварувањето на економските, социјалните, културните, образовните и други права на работниците македонци на работа во странство, како и нивното постепено враќање во Македонија".

Образложението го имате во материјалот. Поради содржината на самиот став и самиот амандман предлагам да се изјасни и самата влада на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата се изјасни во постапката, во Комисијата има претставник таму. Овде не може, не е предлагач.

Господинот Коле Луловски го прочита својот предлог. Како што знаете, неговиот предлог треба да го замени следниот текст, сегашниот предлог на член 49 гласи:

"Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ, во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува враските со нив.

Републиката се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Републиката во странство."

Ова треба да се замени со тоа што го прочита господинот Луловски.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

22 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа, констатирам дека амандманот на член 4 9 поднесен од пратеникот Коле Луловски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господинот Тодор Петров сега ме извести дека го повлекува тој амандман и нема расправа по тој амандман.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 49 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

84 пратеници гласаа за член 49.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 49 на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 50.

Отворам претрес по текстот на членот 50.

Амандмани поднесоа пратеничката група на Реформските сили Либерална партија, пратеникот Тодор Петров, Законодавно правната Комисија и Комисијата за општествено- политички систем.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на член 50 поднесен од Законодавно- правната Комисија и воедно поднесе амандман на член 50 и тие се составен дел на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на Комисијата за општествено-политички систем.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Овде треба да се направи една исправка, затоа што во членот 52 има став 5 кој не се однесува на објавување на закони, други прописи и општи акти, а членот 52 е посветен токму на таа материја. Тоа е редакција, меѓутоа, се однесува на промена од еден член во друг,така што предлагаме став 5 од членот 52 да стане став 2 на член 50.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е тоа, ве молам, нека си остане каде што е.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Не може, не одговара членот 52 се однесува на стапување во дејство на законите, а членот 50 се однесува на некои гаранции и права". Петтиот став на членот 52 токму се однесува на таа материја и предлагаме да влезе како втори став на член 50.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е последниот став со кој се гарантира судска заштита. Тој е префрлен овде по техничка грешка. Тоа е друга работа. Тоа е грешка при уредувањето на текстот од службите.

Според тоа членот 50 има став 2, што е петтиот став на член 52.-V

Сега одиме на амандманите.

Отворам претрес по амандманот поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За овој амандман не гласаа пратениците.

Констатирам дека амандманот на член 50 поднесен од Комисијата за општествено- политички систем не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 50 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа не водиме расправа по овој амандман. Со тоа го завршивме претресот по амандманите. Констатирам дека е направена техничка грешка и третиот став од членот 50 во материјалот што Ви е поделен е ставен како петти став на членот 52. Според тоа петтиот став на членот 52 да биде втор став на членот 50, а вториот сегашен став да биде став 3.

Со таа исправка и поместување го ставам членот 50 на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За членот 50 гласаа 78 пратеници.

Според тоа, констатирам дека членот 50 на Предлогот на уставот на Република Македонија е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 50-а поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Молам, кој бара збор?

(Се повлекува)

Овој амандман е повлечен.

Преминуваме на утврдување на член 51.

Отворам претрес по текстот на член 51.

Амандмани поднесоа пратеничката група на РСМ-ЛП, пратеникот Тодор Петров, ЗПК.

Комисијата за уставни прашања го прифати предложениот амандман на член 51 став 3 од пратеничката група РСМ-ЛП и тој е составен дел на текстот на предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 2 поднесен од ЗПК.

Молам кој бара збор?

Прифатен е и тој амандман но овде не е напишано.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Останувам само во став 1 на мојот амандман на член 51. Верувам дека е направена техничка грешка при куцање и тоа во редакцијата може да се дополни, меѓутоа сакам да го напоменам.

И во член 52 станува збор за закони и други прописи и општи акти кој се објавуваат во Сл. весник на Република Македонија а Уставниот суд ја цени уставноста и законитоста не само на прописите туку и на другите

прописи и општи акти во согласност со уставот и законите. Предлагам во член 51 став 1 после зборот прописи" да се додадат зборовите "и општи акти", а зборот "законот" се заменува со зборот "законите". Така да став 1 од член 51 би гласел: "Во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со уставот а сите други прописи и општи акти со уставот и законите".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со ова имавме многу расправа и јас молам Експертската група да ни помогне за овој амандман.

(Не треба, реагирање од пратениците)

Добро, ако нема потреба одиме натаму.

Ако нема други учесници во расправата го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 25 пратеника.

Констатирам дека амандманот на член 51 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Со ова завршивме со претресот по амандманите.

Молам дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 51 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За членот 51 гласаа 86 пратеника.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 51 на предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 52.

Отворам претрес по текстот на член 52.

Амандман поднесе ЗПК. Комисијата за уставни прашања го поддржа амандманот на член 52 став 2 и 5 и тие се составен дел на текстот на предлогот на уставот. Имајте во вид дека петтиот став од овој член веќе не е предлог на овој член.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 6 поднесен од ЗПК.

Молам кој бара збор?

(Реагирање на пратениците)

Се извинувам, овде е некоја грешка повторно. Значи и овој амандман е во рамките на она што е веќе прифатено.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се ова се исправи, меѓутоа, кога го одбивме предлогот на господин Петров доаѓа членовите 51 и 52 да се во коалиција еден со друг. Горе говориме "со другите прописи со уствот и законот". Во членот 52 се вели "законите другите прописи и општи акти се објавуваат пред да влезат во сила". На едно место употребуваме општи акти а на другиот нив ги нема. Значи, во членови еден по друг имаме две решенија. Не може да биде така. Или ќе се држиме ако кажеме пропис дека и прописот е општа кат или ќе немаме и едно и друго.

Ова е за објавување, а кога се објавува и тие општи акти, мора да се помери и во член 51 истата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас се обидов да ве убедам да бидете трпеливи и да го чуеме мислењето на стручната група. По овие прашања имаше доста расправа и во стручната група и во Уставната Комисија па го молам господинот Фрчковски да објасни дали да ја отстраниме таа разлика меѓу членот 51 и 52. Јас и тогаш го замолив да дојде Фрчковски, само бевте нестрпливи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Точно е тоа што го спомена господинот Стојановски сега. Треба да се воедначат член 51 и 52. Имено, пребрзо се одби амандманот на господинот Петров. Тој беше на линија на воедначување. Или во член 51 ќе се прифати одбиениот амандман на Тодор Петров, во некоја друга формулација, не мора повторно да се гласа, или во член 52 ќе се отфрли зборот "општи акти", со тоа што "и други прописи" ги вклопува во себе општите акти. Значи, тие две варијанти се сега во игра. Ако не се врати амандманот на Тодор Петров тогаш во член 52 треба да отпаднат зборовите "општи акти" и во таа смисла се воедначуваат член 51 и 52.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, така беше објаснувано и на Уставната Комисија. И другите прописи ги опфаќаат општите акти. Таков беше ставот на Експертската група. Затоа е овој предлог на Експертската група да отпадне од член 52 "општи акти", и таму каде што се спомнуваат.

Дали се согласувате. (Се согласуваат)

Таков текст на членот 52, со оваа исправка го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За членот 52 гласаа 85 пратеника.

Според тоа констатирам дека членот 52 од предлогот на уставот на РМ е усвоен.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сметам кога се гласа дека не треба да се гласа заради името на предлагачот туку треба да се размислува што се гласа.

Сега треба во целиот устав во сите останати одредби категоријата "општи акти" да ја избришеме. Јас објаснив правнички што значи "прописи" или "општ акт". Во член 110 пишува став 1 алинеја 2 "Уставниот суд одлучува за согласноста на колективните договори, другите прописи и општи акти со уставот и законите". Затоа беше нормално да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Фрчковски, ве молам повелете овде објаснете. ^

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

За ова не ви треба посебно стручно толкување. Ако го исфрлиме во член 52 целиот текст до крај ќе се реагира односно ставот или терминот

"општи акти" ќе се исфрли и ќе се поведат под "прописи". Решението е тоа ако се прифати тоа во начело.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на утврдување на член 53.

Отворам претрес по текстот на член 53.

Амандманите поднесоа пратеникот Тодор Петров, ЗПК, и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1 поднесен од ЗПК.

Молам кој бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде добро беше кажано и јас ќе се послужам со Ч зборовите на господин Петров. Не треба да се води сметка од кој се предлага туку за кој се предлага. Значи, има друго.

Ова право не е право на адвокат туку е право на граѓанинот кој е странка пред судот. затоа што во текстот кога ќе дојдеме во јавне обвинител на јавниот обвинел му се дава право на имунитет. Овде адвокатот не го ужива тој имунитет за себе туку заради рамноправност на учество на граѓанинот во судска постапка. Оние што учествуваат како органи во таа постапка треба да бидат рамноправни. И тогаш човекот, чиј права се гарантираат ќе има гаранција за рамноправност. Меѓутоа, ако сега пак останеме да онок кој го тужи е појак во правото од оној кој го брани тогаш навистина немаме рамноправност во постапката. Не станува збор за

имунитетот на судијата. Судијата навистина треба д има имунитет и ако има пред себе рамноправни странки трогаш навистина ќе има смисла неговиот имунитет. Меѓутоа, ако има само едниот, а другиот нема, а е равен со него тогаш немаме разлика во функциите. Ќе остане пак оваа сита работа што и досега било. Значи, се дава имунитет за функција, а не за правото на граѓанинот. Говориме, се китиме со перја дека е граѓански устав. Ако овде одиме за устав на функции тогаш немаме граѓански устав. Ова е во главата на заштита на правата на граѓаните. Затоа ве молам не го одбивајте ова туку така.

Нека повелат господата од Експертската група. (Реагирање на членовите на Експертската група) Не сега не, не. Нека каже дали на друго место нема други работи, па тогаш јас ќе го повлечам предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот од Комисијата и Комисијата не го повлекува.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво, не станува збор за никаква нерамноправност и рамноправност. Колегата сигурно знае дек пред судот слободната диспозиција на странките им дава рамноправност на сите учесници да изјавуваат правни лекови да - застапуваат сите права кои се предвидени во законот за водењето на постапката. Тука се работи за друго право.

Јавниот обвинител е од државен орган кој гони по службена должност сторители на кривични дела. Адвокатурата е сопствено, лично занимање што мислам дека со тоа не може ни да се идентификува, ниту може да се

постигне таа цел што сака да ја постигне господинот Стојановски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор.

**НАИМ САЛМАНИ**

Мислам дека во потполно право е колегата Томе Стојановски затоа што имунитетот не се бара за да се заштити адвокатот. Тој се дава за странките да бидат еднакви. Ако јавнито обвинител ја штити едната странка, според тоа и спротивната странка треба да биде во иста положба. Според тоа, што го кажа последниот говорник овде мисласм дека тоа не е така. Ако јавниот обвинител испаѓа во поповолна положба тоа значи тешко на тој што ќе биде од спротивната странка на јавниот обвинител. Спроед тоа правото не е право ако на тој начин се изведува. Само заради тоа се бара имунитет на адвокатот во постапка..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор. (не бара)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 31 пратеник.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 53 став 1 од ЗПК не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 53 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 17 пратеници.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 53 од Комисијата за општествен надзор и претставки не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Молам дали некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 53 го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака. (пратениците креваат рака)

За текстот на член 53 гласаа 79 пратеника.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 53 на предалото на уставот на РМ.

Преминуваме на утврдување на член 54.

Комисијата за уставни прашања  поднесе амандман за бришење на член 54, кој е составен дел на текстот на предлогот на уставот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани за внесување на нови членови 54-а и 54-б.

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Петров за внесување на нов член 54-а.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

6 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот за внесување на нов член 54-а од пратеникот Петров не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на Тодор Петров, за внесување на нов член 54-6.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (12).

12 пратеници гласаа за. Според тоа амандманот на Тодор Петров, за внесување на нов член 54-6 не е усвоен.

Го ставам на гласање амандманот на Комисијата за уставни прашања, да се брише членот 54. Тоа е составен дел на текстот, кој друг. (консултација да се утврди текстот на членот 54) го нема текстот, се брише членот, што ме враќате сега, каде е сега. Не, не ве молам, сега е нов редослед, 55 ќе си стане 54 итн. Само овде ви е погрешно означен, ви ги прецртувале, одам по оригиналниот текст што Комисијата го исправила овде. Немојте така, ве молам.

Минуваме на утврдување на член 55.

Отворам претрес по текстот на член 55, е сега е член 54, тој текст што беше 55 сега е 54 и ќе ги именувам по новиот редослед, ве молам. Значи, 54, тоа е веќе сега 54. Молам, така, добро е.

Отворам претрес по текстот на член 54.

Амандмани поднесоа пратеничката група на Реформските сили Либерална партија и пратеникот Тодор Петров. Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од Реформските сили Либерална партија на Пратеничката група, на член 54 сега, став 4, со

извесно редакциско подобрување и тој е составен дел на текстот на предлогот.

Отворам претрес на текстот на амандманот на член 54, став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

5 пратеници гласаа за овој амандман. Според тоа констатирам дека амандманот на член 54 став 3 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите, дали некој друг бара збор? (Не бара никој)

(Интервенција дека има техничка грешка)

Каде е таа техничка грешка, ќе ја исправиме таа . техничка грешка. Во што е техничката грешка, во овој член.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Изгледа е техничка грешка во куцањето во последниот ред од член 54 "како и за слободата на уверувањето, мислата" тука треба да се користи истиот термин што е користен во член 16, а таму се вели "мислата и јавното изразување на мислата", тоа е полниот термин на таа слобода и така треба да стои, не само мислата. Мислата нема никаква смисла, само кога се мисли ТУКУ јавното изразување на мислата и вероисповеста, како што е во член 16 истата формулација треба да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е усвоено како термин.

Го заклучувам претресот, бидејќи никој не бара збор со ова дополнување членот 54 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (87)

87 пратеника гласаа за членот 54.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 54 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 55.

Отворам претрес по текстот на членот 55.

Има збор г-дин Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господин претседателе да не настане некој пропуст во членот 16 е влезен и "совеста". Ако ја прифатиме таа измена овде треба да влезе и "совеста".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овие интервенции, вакви треба да ги сфатиме дека е само усогласување на текстот и во ред е ова укажување и треба да се сфати како укажување дека и овде е потребно усогласување со текстот што сме го усвоиле во член 16. Така нели г-дине Арсов, во ред е. (Да)

Дали уште некој бара збор, Фрчковски? (Не)

Значи се усогласува, тоа е редакциски карактер.

Амандмани поднесоа пратениците Теодосие Паунов, Михаил Пановски, Законодавно- правната Комисија, Комисијата за заштита на човековата околина, Владата на Република Македонија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на член 55,став 3 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина и тој е составен дел на текстот на предлогот на Уставот. (Реакција во салата).

Отворам претрес по амандманот на член 55, поднесен од пратеникот Теодосие Паунов.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Молам, кој е за, нека крене рака (5)

5 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 55 од пратеникот Теодосие Паунов, не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за внесување на 2 нови става 1 и 2 поднесен од Законодавно- правната комисија

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (19)

За амандманот гласаа 19 пратеници. Според тоа констатирам дека амандманот на член 55 за внесување на два нови става 1 и 2 од Законодавно- правната Комисија не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 55, став 3 поднесен од Владата на Република Македонија, кој е содржан во оној кој е прифатен, не е посебно прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за додавање на нов став 4, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Молам, кој бара збор, (Никој)

Бидејќи ни и амандманот го става кој не бара збор, го заклучувам претресот м на гласање.

Господинот Пановски ме известува дека го повлекува амандманот и нема изјаснување по него.

Отворам по поднесен од пратеник

Молам кој бара збор?

Господинот Петров исто така ме известува дека го ан и немаме претрес по него.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збир?

Го заклучувам претресот и текстот на член 55 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (82)

82 пратеника гласаа за член 55.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 55 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 56.

Отворам претрес по текстот на член 56.

Амандмани поднесоа Комисијата за градежништво и урбанизам, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратениците Џеладин Мурати, Владимир Голубовски и Тодор Петров,

Амандманот на пратеникот Џеладин Мурати, Комисијата за уставни прашања го преформулира и тој е составен дел на текстот на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 56, став 1 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

За амандманот гласаа 7 пратеника.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 56 став 1, поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 56, став 2 поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Владимир Голубовски.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (21)

21 пратеник гласа за овој амандман. Според тоа констатирам дека амандманот на член 56, став*2 од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Владимир Голубовски не е усвоен

Отворам претрес по амандманот на член 56, став 1 за внесување на нови два става по ставот 1, на ставовите 2 и 3 и за внесување на нов став во ставот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор, (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (14)

14 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 56 на став 1 за внесување на нови два става по ставот 1 на ставовите 2 и 3 за внесуваше на нов став по ставот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи не бара никој збор, го заклучувам претресот и текстот на член 56 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (78)

78 пратеници гласаа за членот 56. Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 56 на Предлогот на " Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 57.

Отворам претрес на текстот на членот 57.

Амандмани поднесоа пратеникот Шабан Превала и Комисијата за економска политика и Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес по амандманот на член 57 за внесување нов став 2, поднесен од пратеникот Шабан Превала и Комисијата за економска политика и развој.

Молам кој бара збор?

Има збор Шабан Превала.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака (6)

6 пратеника гласаа за овој амандман.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 57 од Комисијата за заштита на човековата околина не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор (Не)

Го заклучувам претресот и текстот на член 57 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (74)

74 пратеници гласаа за членот 57.

Според тоа, констатирам дека Собранието го утврди членот 57 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците: Благој Ханџиски и Тодосија Паунов, Комисијата за образование, наука и култура, поднесоа амандмани за внесуваше на нови членови 58-а, 58-6, 58-г, 58-д.

Комисијата за уставни прашања го прифати поднесен од Комисијата за образование, наука и култура и на пратеникот Благој Ханџиски за внесување на член 58-а став 1 како став 4 на членот 47 и тој е составен дел на Предлогот на Уставот.

Ставот 2 на членот 58-а подносителот го поднесе на Комисијата за уставни прашања.

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Тодосија Паунов за внесување на нов член 58-а, 58-6, 58-в, 58-г и 58-д.

Молам, кој бара збор?

**ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Ги повлекувам амандманите освен амандманот за 58-д.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи останува амандманот за внесување на амандманот 58-д.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот вака изменет сега го ставам на гласање.

Кој е за да крене рака (Пратениците креваат рака).

За амандманот гласаа 22 пратеника.

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Минуваме на утврдување на член 58.

Отворам претрес по текстот на член 58.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија Пратеничката група на СДС, пратеникот Тодор Петров, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за надворешно- политички

прашања и односи со странство, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Законодавно- правната Комисија.

Комисијата за уставни прашања го прифати овој амандман освен на пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес на амандманот на член 58 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е повлечен. Завршивме со претрес по амандманите. Дали уште некој бара збор? Господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако сопственоста и трудот е основа на управувањето и учество во одлучувањето, во вториот став, учество во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност. Јас велам дека во стопанството каде што сите материјални вредности, сите потенцијали, научно-технички и работни се претвораат во материјални вредности и секаде е потребно да има принцип на стручност и компетентност. Ако така стои во ставот 2, тогаш значи правиме персонификација за одредени органи треба стручнсот, а некаде не е потребна стручност. Мислам дека Експертската група нека даде едно толкуваше на што ова се однесува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа е и многу долго расправано, а нема амандман. Расправата по амандманите заврши и ова размислување на господинот Гошев само му служи за негово определување при гласањето.

Го заклучувам претресот и текстот на член 58 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(Пратениците креваат рака)

68 пратеници гласаа за овој член и според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 58 на Предлогот на Уставот на Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 59.

Отворам претрес по текстот на член 59.

Амандман поднесе Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

За амандманот гласаа 11 пратеници.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 59 став 1 не е усвоен, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Го заклучувам претресот и текстот на член 59 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.(Пратениците креваат рака).

Пред тоа јас ги молам службениците да ги повикаат пратениците зашто гласаме овде. Знам вруќина е многу внатре, непријатно е, ама мора да се работи.

Молам, кој е за член 59 да крене рака.

За текстот на членот 59 гласаа 74 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 59 од предлогот на Уставот на РМ.

Минуваме на утврдување на членот 60.

Отворам претрес по текстот на членот 60.

Амандмани поднесоа на ВРМРО-ДПМНЕ и РМ-ЛБ, Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Комисијата за здравство и пратеникот Шабан Превала и Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 60-ти и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМН.

Молам, кој бара збор? (Никој):

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака.

24 пратеници гласаа за овој амандман.

Според тоа, констатирам дека амандманот на член 60 став 1 од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 1 поднесен од Комисијата за прашања на изборите.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За амандманот гласаа 4 пратеника.

Според тоа констатирам дека амандманот на член 60 став 1 од Комисијата за избори и именувања не е усвоен.

Отворам претрес на член 60 став и поднесен од пратеникот Шабан Превала.

Молам, кој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)..

37 пратеника гласаа за овој амандман и амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 поднесен од Комисијата за здравство.

Молам, кој бара збор? (Никој):

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам, да крене рака. (Пратениците креваат рака).

7 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека амандманот на член 60 став 1 од Комисијата за здравство не е усвоен.

Отворам претрес по амандман 6 0 за бришење на ставовите 3 и 4 поднесен од пратеничката група на РМ-ЛБ. Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 60 за додаваше на нов став 7 поднесен од Комисијата за избори и именувања.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

За амандманот гласаа 5 пратеника.

Констатирам дека амандманот на член 60 за додавање на нов став 7 од Комисијата за прашања на изборите и именувањата не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1, 4 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 5 пратеника.

Констатирам дека амандманот на член 60 став 1, 4, и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (За збор се јави господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека заслужува претседателот на Собранието една пофалба што денеска се научивме на некој начин, се учиме на азбуката на демократијата. Денеска мислам седницата ја води перфектно, праводеловнички, онака како што следува. (Аплауз).

Но, да се навратам на членот 60. Сакам да го изразам своето мислење дека, мислам една фалинка односно нешто му фали на овој член 60, а тоа е дека ако не се изгласа амандманот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кај што стои дека Република Македонија има национална валута која е статер, мислам дека требаше на пратеникот Шабан Превала да се изгласа бар тој амандман. Дека Република Македонија има своја парична единица која се утврдува со закон. Мислам дека тоа е една фалинка и затоа ќе гласам против овој член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот и Текстот на член 60 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 69 пратеника.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 60 од Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 61.

Отворам претрес по текстот на член 61.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес на амандманот на член 61 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 10 пратеници.

според тоа заклучувам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали уште некој бара збор (Никој)

бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Текстот на членот 61 го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За членот 61 гласаа 61 пратеник.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 61 на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на членот 62.

Отворам претрес по текстот на членот 62.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ, Реформски сили ЛП, пратениците Џеладин Мурати, Кирил Ковачевски, Тодор, Петров, Комисијата за здравство, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, Комисијата за образование наука и култура и Комисијата за општествено политички систем.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Законодавно правната Комисија поднесоа амандмани на член 62 став 5.

Комисијата за уставни прашања ги преформулира овие амандмани и тие стануваат составен дел на Текстот .

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 поднесен од пратеничките групи на ВМРО ДПМНЕ.

Молам дали некој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

За овој амандман гласаа 31 пратеник. Според тоа констатирам дека амандманот на член 62 став 1 од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 2 став 1 поднесен од Комисијата за здравство, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата и пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бара збор господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас жалам што експертската група не е присутна за да ни даде образложение од кои причини го предлага бројот на пратениците од 120 до 140 и во кој член од Уставот е утврдено кој ќе го утврдува тој број, дали

Собранието или некој друг орган, бидејќи во членот 63 според старата нумерација во став 5 пишува дека начинот и условите за избор на пратениците се уредуваат со Закон. Никаде не е назначено кој го утврдува бројот на пратениците со законот.

Сметам дека е сосема неприфатливо бројот на членовите во Парламентот да се утврдува со Закон, а нивниот број да не биде утврден со Уставот на Републиката како највисок правен акт.

Прво сметам дека се овозможува партијата која освоила мнозинство во услови кога постои можност парламентот сам да си се распушта кога ќе му текне, што исто не е својствено во ниту еден парламентарен систем, туку до крајот на мандатот за кои се избрани пратениците, може Партијата со мнозинство на пратеници да манипулира со овој број, па во текот на мандатот за кои се избрани, доколку е распуштен стариот состав, постоечкиот состав на Собранието да го зголемува или намалува бројот на пратениците.

И на крајот бројката на пратениците во Парламентот е и буџетска категорија, заради тоа што и буџетот се планира врз основа на бројот на пратениците. Ако во текот на буџетската година се утврди еден број а во текот на истата буџетска година парламентот се распушти и се утврди друг број, тоа може да претставува само дополнително буџетска оптоварување што воопшто не е планирање при донесувањето на буџетот.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Од тие причини треба да си остане предлогот бројот на пратениците да се утврди на постоечкиот број 120.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Мислам дека пратениците треба да имаат предвид да биде фиксирана бројката на 120 и јавната расправа која ја имавме добиено претходно преку усвојувањето на уставните документи каде граѓаните од Македонија се изјаснија дури за намалување на бројот 120. Според тоа предлагам да се усвои амандманот и да биде фиксирано на 120.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво во врска со дискусијата на Тодор Петров. Колку се сеќавам Петров беше два дена на уставната Комисија кога се утврдуваше Текстот на уставот и кога се разгледуваа амандманите од работните тела на ова Собрание во врска со расправата по Предлогот на Уставот.

Во однос на утврдувањето на овој текст кој е пред пратениците сега, Тодор Петров исто така ја слушна аргументацијата на експертската група во врска со конкретниот член 6 2 во врска со распонот а јас се извинувам еве експертите се тука и можат подобро да објаснат затоа што останува нејасно прашањето зошто на ваков начин со оние кои прв пат се срееќаваат со оваа формулација без соодветна аргументација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, објаснете го, Вие сте член на Комисијата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, ако ми дозволите и ако дозволи експертската група основна аргументација при ваквото решение нека се земе бројот на бирачкото тело во Македонија и основниот пропорционален однос во врска со вкупниот број на бирачкото тело 1.400.000 бирачи во Република Македонија. Тоа е првата аргументација и се воспоставува еден соодност во тој дел и во зависност од

промената на бирачкото тело треба да биде единствен критериум за утврдување на соодносот на тоа колку ќе брои овој Парламент. Целокупна друга аргументација која се изведува од вакви заклучоци би требало да отпадне..

Додатно објаснување е тоа што ние со ваквиот предлог текст на уставот го отвораме проблемот за натамошна административна распределба на Републиката. Практично се отвора проблемот на создавање на нови локални единици за кои сите се согласивме и го дефиниравме во Уставот. Со оглед на фактот дека ќе претстои нова територијална поделба во Републиката одделни територијални единици на ниво на локална самоуправа бидат застапени во овој Парламент затоа се утврдува и тој константен број кој ќе се утврди со законот за изборите кога ќе се имаат вкупно сите претходно кажани параметри. Тоа е аргументацијата од која ќе се тргнува и која треба да се има предвид при усвојувањето на овој текст на предолгото на Уставот .

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека ова е доста специфичен проблем и би сакал да предложам во интерес на времето да не одиме во некоја голема дискусија туку да се повлече експертската група, јас имам спротивно мислење од Наќо Стојановски, мислам дека тие 120 изборни единици треба да се фиксирани во уставот за да не доаѓа до разноразни недоразбирања би предложил експертската група да се повлече а ние да си продолжиме со работа па кога ќе донесат предлог да ни кажат и да го гласаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ние имаме фиксно мислење.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека и точно е дека Уставот е пишувам од експерти меѓутоа, за да го разберат обични луѓе не кога ќе дојде да го применува ме да си го толкуваме според мнозинството и сфаќањето во моментот на толкувањето

и затоа се јавија многу прашања во екот на утврдувањето на одделни членови што се мисли под таа формулација и одговара експертската група додека се тука утре може би нема да бидат тие ќе бидат некои други експерти кои поинаку ќе го толкуваат тоа .Точно е дека бев на уставната Комисија меѓутоа ако сум. бил не значи дека сум го прифатил мислењето од експертската група.

Друго, сметам дека образложението воопшто не кореспондира со утврдувањето на точниот број на пратениците. Нас не не интересираат локалните единици општините за да го утврдиме бројот на пратениците. Заради тоа си поставиме прашање кој пратеник колку пратеници од овој состав се со жителство во локалната единица од каде се избрани. Што значи тој критериум вака на памет е кажан и воопшто не држи . Ако: се тие критериуми треба да се утврдат во Уставот и да се знае кој ќе ги утврди. Меѓутоа, сметам дека е сосема неоправдано да стои број ако се мисли 140 се утврдува фиксно, експертската група и во разговорот сега кажа дека биле за фиксен број.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на бројот на пратениците Комисијата за избор и именување исто имаше амандман тој да се определи на број 120.

Прво образложение за мене, бидејќи бројот од 120 до 140 е неодреден број. Значи, ние не можеме на избирачите односно на било која друга држава да им кажеме парламентот точно колку брои. Значи, тоа е неодреден број. Ако се оди на 120 и 140 во наредната работа кога ќе се усвои уставот ќе биде неодреден бројот дали треба да го комплетираме или да не го комплетираме оти и во практиката ќе биде лоша примена.

Друг, овој број од 140 поскапо решение.

Доколку се оди на поширок опфат се добива послаб квалитет.

Јавната расправа ни укажа дека треба да се намали и дека скапо чиниме и .сметам во сите прилози дека бројот 120 со помал број ќе биде одреден и точно финансиски може да се планира и ние точно ќе знаеме колкав е бројот на нас пратениците. Сметам дека треба да се прифати 120 се до измена на евентуално усвоениот нов Устав.

**ЈОРДАН БОШКОВ**

На прв поглед тоа личи господата Петров и Крстевски водат грижа за буџетот, расходите, но уставите на овој свет не се секогаш со фиксен податок колкав да биде бројот на пратениците. Еден,за наша претстава, преседан се случи неодамна кога во Германскиот Бундестаг едноставно беа вградени околу 200 нови пратеници од новите подрачја. Најкрупната демократија во Европа односно граѓанска можеше да си дозволи да нема фиксен број. За моја претстава од аспект на педантност битно е и пожелно е бројот да е фиксен, но од аспект на демократијата не треба да се стратува дека во даден миг мнозинството во Парламентот ќе се обликува по свое, дали бројот на големи или не. Сепак, таквите одлуки имаат не само партиски одрази, туку се однесуваат и на целата држава, па со тоа претпоставувам дека ни една партија нема да може за свои цели да манипулира со бројот на пратениците.

Инаку да ви кажам и тоа бидејќи слушнавме и од јавната расправа дека народот или населението или граѓаните барале помал број на пратеници. Јас лично бев за помал број, но како што уважуваме гледишта од експертската група и предлогот што е доставен, мислам дека и по оваа точка можеме едноставно да се повиниме и не многу многу да должиме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**

Јас би сакал за алинејата 4, член 62, немам амандман но алинејата 4 затоа што треба да се исфрли само едно "не", затоа не пишував амандман "пратеникот може да биде отповикан".Тоа го предлагам па да не излегувам повторно на говорница.

**СТОЈАН АНДОВ**

Има амандман за тоа.

Сега сме на амандманот на комисиите и пратеникот Тодор Петров. Тој амандман го расправаме.

Ве молам , недостасува навистина еден дел од пратениците тоа е во ред но уште можеме да работиме имаме кворум.

Бидејќи никој понатаму не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (43).

За Амандманот гласаа 43 пратеници и констатирам дека амандманот на членот 62 став 1 од Комисијата за здравство, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 62 став 3 и 5 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (15).

За амандманот гласаа 15 пратеници, според тоа констатирам дека амандманот на членот 62 став 2 и 3 од Џеладин Мурати не е усвоен.

Сојузот на реформските сили Либерална партија го повлече амандманот, но имаме амандман од Комисијата за избори и именувања, кој не го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 3 од Комисијата за избори и именувања.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5)

Пет пратеници гласаа за амандманот на член 62 став 3 од Комисијата за прашања на изборите и именувањата не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 3 поднесен од Комисијата за образование, наука и култура и пратеникот Кирил Ковачевски, Комисијата го повлече амандманот,но Господинот Ковачевски останува.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**

Останувам на амандманот и се надевам дека ќе гласа и ПДП. Предлагам да се брише "не". Институцијата отповик на пратеник треба да постои. Тоа право на избирачите не треба да се скратува. Пратеникот според член 63 став 3 ги претставува граѓаните што е сосема нормално и исправно. Поради тоа, ако тој ги претставува тие имаат право и да го отповикаат секој претставник оној што го претставува може да биде сменет односно отповикан.

**СТОЈАН АНДОВ**

Она што го предложи Исмет Рамадани да се брише "не" фактички се однесува на овој амандман.

Тоа не е редакција, само сакам да ви кажам односно го повикувам господинот Поповски од експертската група да каже нешто кратко за оваа работа.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**

Нашиот предлог беше да не може да биде отповикан, од причини што граѓанскиот парламент има слободен мандат императивен мандат каде е познато отповикувањето, го имаат главно колективистичките политички системи, единствено социјалистичките го познаваат и

Второ, да кажам една информација ги истраживме и енциклопедиите и компаративните студии ДСУ сега ниту еден граѓански парламент од почетокот до денеска на национално ниво кога станува збор на општо ниво на државата, тој Парламент не познавал отповик. Ние би биле прва земја кои би вовеле отповик на пратениците за Парламентот. Има многу аргументи ако сакате ќе ви кажам.

**СТОЈАН АНДОВ**

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? {21).

27 пратеника гласаа за амандманот и констатирам дека амандманот на член 62 став 4 не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека како што се условите за избор на претседател на Републиката и министри и претседател на Владата се утврдени со Уставот на Република Македонија, на ист начин би требало и условите за избор на пратеници да се уредат со Уставот, а не тоа да се препушти на закон.

Од тие причини предлагам во условите за избор на пратеници да се прифати формулацијата дека пратеникот мора да е државјанин на Република Македонија и дека за пратеник не може да биде избрано лице кое на денот на изборите не било државјанин на Република Македонија во последните десет години и кој во времето на изборите не е жител на Република Македонија. Така што, со Уставот да се овозможи само со закон да се утврди начинот на изборот на пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не треба да си земам улога на експерт тука, туку како претседател на Комисијата за уставни прашања само го известувам Собранието дека овде имавме две објаснувања.

Прво, дека не треба да пишуваме дека е државјанин на Македонија затоа што само државјаните на Република Македонија имаат изборно право односно активно и пасивно. Тоа е речено во Уставот во други членови, во друг член што е веќе утврден.

Второ, дали е жител, за пратеник, во расправата беше наведувано дека некои наши државјани што живеат во странство можат да дојдат и да

живеат овде и не треба да бидат лишени од тоа право да се кандидираат да бидат пратеници. Овој амандман ќе ги замрзне нивните права. Тоа беа аргументите.

Дали господинот Петров ги уважува не знам.

Дали некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (3).

Бидејќи тројца пратеници гласаа за овој амандман, констатирам дека амандманот на член 62 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 3 поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Информиран сум дека овој амандман е повлечен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 62 го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака. (78).

Бидејќи за текстот на членот 62 гласаа 78 пратеници, констатирам дека Собранието го утврди текстот на членот 62.

Преминуваме на утврдување на текстот на членот 63.

Отворам претрес по текстот на член 63.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 63 став 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот.

Бидејќи Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија ги повлече амандманите, отворам претрес по амандманот на член 63, став 3 за додавање на нов став после ставот 3, на ставот 4 и за менување на ставовите 5 и б со нов став, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас нема да кажам ништо друго, туку само ќе го замолам господинот Петров дали може да ги повлече сите негови амандмани, бидејќи сме веќе на крајот на живците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На ова прашање не е должен господинот Петров да одговори. Тоа е пожелно да одговори, меѓутоа не е должен.

Ако никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака. (1).

Бидејќи еден пратеник гласаше за амандманот, констатирам дека амандманот на член 63 на став 3, за додавање на нов став по ставот 3, на ставот 4 и за заменување на ставовите 5 и 6 со нов став поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 63 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (75).

Бидејќи за текстот на член 63 гласаа 75 пратеници, констатирам дека Собранието го утврди членот 63 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на текстот на членот 64.

Отворам претрес по текстот на член 64.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на РС- Либерална партија и Социјалистичката партија на Македонија, Комисијата за општествено-политички систем и пратеникот Тодор Петров.

Бидејќи пратеничките групи ги повлекоа амандманите, а Комисијата за општествено- политички систем исто така ги поднесе амандманите, отворам претрес по амандманот на член 64 за заменување на ставовите 1,2,3 и 4 со нови ставови и на став 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (б)

Констатирам дека за амандманот гласаа само б пратеници. Според тоа амандманот на пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со расправата по амандманите.

Дали некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 64 го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака. (74).

Констатирам дека текстот на членот 64 е утврден со 74 гласа за.

Преминуваме на утврдување на текстот на членот 65.

Отворам претрес по текстот на членот 65.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, РС- Либерална партија, пратеникот Тодор Петров, Комисијата за градежништво, урбанизам, Комисијата за внатреш1?к политика и општонародна одбрана и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Отворам претрес по амандманот на член 65, став 1 поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Дали некој бара збор? (Не). е

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака. (26).

Бидејќи за амандманот гласале 26 пратеници, констатирам дека амандманот на член 65 став 1 поднесен од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 65, став 2 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Дали некој бара збор? (Не).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (17).

Бидејќи за амандманот гласаа 17 пратеници, констатирам дека амандманот на член 65 став 2 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам, не е усвоен.

Амандманот на РС- Либерална партија е повлечен.

Амандманот на Социјалдемократскиот сојуз е повлечен.

Што е со амандманот на Комисијата за внатрешна политика и општо народна одбрана?

Информиран сум дека амандманот е повлечен.

Информиран сум исто така дека и Комисијата за надзор и претставки го повлече својот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 65, став 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака. (5).

Бидејќи само 5 пратеници гласа за, констатирам дека амандманот на пратеникот Тодор Петров на член 65, став 1,2 и 3 не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 65 го ставам на гласање.

Кој е за текстот на членот 65, молам нека крене рака. (76) .

Констатирам дека за текстот на членот 65 гласаа 76 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди текстот на членот 65 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 66.

Отворам претрес по текстот на членот 66.

Амандмани поднесоа пратениците Мухамед Халили, Владимир Голубовски, Тодор Петров, Пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ и Комисијата за градежништво и урбанизам.

Отворам претрес по амандманот на член 66 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Мухамед Халили.

Дали некој бара збор? (Не бара).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (9).

Бидејќи само 9 пратеници гласаа за амандманот, констатирам дека амандманот на пратеникот Мухамед Халили, на член 66 за бришење на став 1 не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 66 за додавање на нов став 4 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски и Комисијата за градежништво и урбанизам.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (15).

Бидејќи само 15 пратеници гласаа за, констатирам дека аманмданот на член 66 за додаваше на нов став 4 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски и Комисијата за градежништво и урбанизам и ВМРО-ДПМНЕ не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 66 за додавање нов став 5 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (3).

Бидејќи тројца пратеници гласаа за овој амандман, констатирам дека амандманот на член 66, за додавање на нов став 5 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 66, за менување на став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака . (1)

Бидејќи само еден пратеник гласаше за амандманот, констатирам дека амандманот на член 66 за менување на став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 66 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (68).

Констатирам дека текстот на членот 66 е усвоен бидејќи за него гласаа 68 пратеници.

Господинот Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е тоа само мое запазување туку на сите.

Концентрацијата на пратениците опадна и предлагам да прекинеме. Донесуваме Устав а не статут на месна заедница.

Предлагам да прекинеме со работа, а да продолжиме кога ќе каже претседателот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно дека забелешката е на место во таа смисла што сега донесуваме Устав и треба да сме доволно концентрирани. Но, многу време изгубивме и сега се најдовме во тесно.

Време е да работиме. Но, ако навистина сте сите уморни, тогаш да продолжиме утре во 10.

Дали се согласувате? (Се согласуваме).

(Седницата на Собранието прекина во 21,20 часот).